МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Магистерски труд

Наслов:

СПОГОДУВАЊЕТО ВО КОМПАРАТИВНОТО КАЗНЕНО ПРАВО

Изработил:

Ленче Димовска

Ментор:

Проф. д-р Марија Гроздановска

Свети Николе, 2024

Резиме

Спогодувањето, спогодбената правда претпоставува редефинирање и реформирање на казненото право се со цел што побрзо и поефикасно да се оствари казнената правда. Начинот на кој е поставено спогодувањето всушност треба да обезбеди брзо, ефикасно и лесно справување со сторителите на кривични дела, конкретно со сторителите на полесни кривични дела. Спогодувањето задолжително треба да ги има во предвид и интересите на жртвата, односно не би смеело да биде на штета на жртвата. Спогодувањето помеѓу јавниот обвинител и осомничениот претпоставува преземање на конкретни чекори во насока на водење на преговри за спогодување.

Спогодувањето своја применливост наоѓа во голем број на законодавства. Така, истото се применува во државите кои се дел од англосаксонскиот правен систем, како и во државите кои се дел од европско континенталниот правен систем. Во рамките на овој магистерски труд направена е целосна анализа на компаративните аспекти на спогодувањето како би можела да се определи неговата суштина и да се утврдат разликите и сличностите помеѓу казнено процесните законодавства во однос на спогодувањето.

Клучни зборови: вина, спогодување, признание, субјекти, постапка.

Содржина:

Вовед.....5

Глава 1 Општи напомени за спогодувањето.....8

1. Спогодување – поим.....8
2. Спогодување во контекст на одредбите од Законот за кривична постапка.....12
3. Однос на казнено процесниот институт спогодување со останатите казнено процесни институти.....18

Глава 2 Правила за примена на спогодувањето.....21

1. Воведни насоки за примена на спогодувањето.....21
2. Процес на спогодувањето.....25
3. Рочиште на кое се спроведува спогодување.....29
4. Значајни елементи за успешно спогодување.....33

Глава 3 Спогодување во земјите од англосаксонскиот правен систем.....38

1. Спогодување во Соединетите Американски Држави.....38
2. Спогодување во Англија.....42

Глава 4 Спогодување во земјите од европско – континенталниот правен систем.....47

1. Спогодување во Италија.....47
2. Спогодување во Германија.....51
3. Спогодување во Франција.....55
4. Спогодување во Русија.....59
5. Спогодување во Босна и Херцеговина.....64
6. Спогодување во Србија.....67

7. Спогодување во Хрватска.....70

Глава 5 Емпириско истражување за примена на казнено процесниот институт спогодување.....73

1. Општи напомени за емпириското истражување.....73
2. Анализа на судска пресуда донесена врз основа на спогодување од страна на македонските судови.....75
3. Анализа на судска пресуда донесена врз основа на спогодување од страна на меѓународните судови.....78
4. Статистички податоци за примена на спогодување во Република Северна Македонија во период од 2019 – 2023 година.....81
5. Заклучоци од емпириското истражување за примена на казнено процесниот институт спогодување.....91

Глава 6 Реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија.....93

1. Потреба од реформа на казнената постапка во РСМ.....93
2. Одлики на казнената постапка во РСМ согласно Законот за кривична постапка од 1997 година.....97
3. Постулати на Законот за кривична постапка од 2010 година – основен реформски акт за реформирање на казната постапка.....102
4. Придобивки од донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година.....107

Заклучок.....110

Користена литература.....113

Вовед

Правниот институт спогодување, потекнува од англосаксонското правно подрачје, а денес истиот своја голема применливост наоѓа во европско континенталниот правен систем. Спогодувањето претставува поедноставен начин на решавање на кривичните предмети во рамките на казнената постапка, во која кривичниот предмет се решава преку постигнување, односно склучување на спогодба за признавање на вина помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот во постапката, без притоа да се спроведува главен претрес. Според својата содржина спогодувањето како казнено правен институт се состои од давање на признание за извршено кривично дело од страна на обвинетиот во постапката во замена за добивање на ветување од јавниот обвинител дека полесно кривично ќе го гони за разлика од што овозможуваат доказите, потоа дека нема да го гони за определени кривични дела или дека ќе побара изрекување на точно определена кривична санкција.

Фактот дека се поголем број на држави кои припаѓаат на европско континенталниот правен систем се одлучуваат за имплементирање на спогодувањето во своите национални правни системи е неспорен. Ова имплементирање на институтите на консензуалната правда, вклучително имплементирање и на спогодувањето е резултат на бројните реформи во делот на казнената постапка кои се најмногу се случија во Европа.

Во оваа голема тенденција за промена на концептот на казнената постапка од инквизиторна во акузаторна се вбројува и реформата на казнената постапка која е направена во Република Северна Македонија. Матовски, Лажетиќ – Бужаровска и Клајџиев, јасно ги потенцираат карактеристиките на реформата на казнената постапка во Република Северна Македонија. Според нив, преку процесот на реформирање на казнената постапка кончено доаѓа до напуштање на традиционалниот судски патернализам кој беше присутен. Судскиот патернализам се заснова на убедувањето дека судот е тој кој единствено може да ја утврди материјалната вистина, при што задолжително треба да води сметка за почитување на јавниот интерес, како и за почитување и заштита на човековите слободи и права. Реформирањето на казнената постапка во Република Северна Македонија, овозможува воведување на такви елементи во постапката кои се акузаторни, па следствено на тоа може да се зборува за акузаторна

казнена постапка. Овој нов облик на казнена постапка, во која акузаторноста има посебна важност и улога се карактеризира со голем степен на процедурална правичност. Ваквиот тип на казнена постапка која е акузаторна претпоставува и применување на начелото на контрадикторност во рамките на главната расправа.[1]

Калајџиев анализирајќи го процесот на реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија доаѓа до определени заклучоци. Според него донесувањето на новиот Закон за кривична постапка во државата од 2010 година овозможува и воспоставување на нови односи помеѓу учесниците во постапката. Пред се ова се однесува на односите кои настануваат на релација судство и обвинителство во рамките на правосудниот систем во државата.[2] Донесувањето на новиот закон за кривична постапка го означува и моментот на менување на улогата на бранителите во казнената постапка за разлика од порано. Спроведувањето на постапката преминува во рацете на јавното обвинителство и полицијата, како јавното обвинителство има пресудна улога. Донесувањето на еден ваков револуционерен законски пропис неопходно бара и усогласување на голем број на законски прописи.[3]

Новото законско решение во Република Северна Македонија, како и реформирањето на казнената правда во останатите европски држави во суштина претставуваат целосно реформирање на процедуралното постапување. Се работи за воведување на институти од англосаксонска правна природа, при што се прави нивно прилагодување во европските национални правни системи. Тешкотиите за имплементација на овие нови институти на евопско тло се очекувани ако се имаат во предвид ставовите кои опстојуваат во државите од европско континенталниот правен систем во врска со системот на консензуалната правда. Долги години во овие држави опстојува стојалиштето дека казнената рекација не треба да биде резултат на никаков компромис помеѓу државата и криминалците.

Предметот на истражување на магистерскиот труд се однесува на определувањето на сите аспекти на спогодувањето како казнено процесен институт и кај нас во Република Северна Македонија, така и во останатите држави. Едно

[1] Матовски, Никола, Лажетиќ – Бужаровска, Гордана, Калајџиев, Гордан, Казнено процесно право, Академик ДООЕЛ. Скопје, 2001, 393 – 395.
[2] Калајџиев, Гордан, Замки и заблуди на реформата на истрагата, Зборник на трудови на правните факултети во Скопје и Загреб, Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, Скопје, 2009, 165 – 166.
[3] Илиќ, Дивна, Реформата на истрагата во Република Македонија, Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, Скопје, 2009, 25 – 30.

компаративно согледување на институтот спогодување треба да даде одговори за неговото значење во рамките на казнената постапка.

Главна цел на магистерскиот труд е да се објаснат промените на казнената постапка кај нас во корелација со институтот за спогодување, со посебно акцентирање на компаративните аспекти на спогодувањето во компаративното казнено право. Целта на трудот може да се разгледува од два аспекти, т.е. целта на трудот има двојно значење, а тоа е од една страна општествено, а од друга страна научно значење. Општественото значење всушност го потенцира фактот дека казнената постапка уредува материја која непосредно ги погодува и навлегува во човековите слободи и права, па и затоа нејзино добро проучување и поставување на добар систем на казнена постапка се неопходни во едно општество кое претендира да биде хумано и да ги почитува човековите слободи и права, општество во кое секоја промена се прави за подобро утре како на поединците, така и на заедницата. Научното значење се однесува на недоволноста на стручна литература по ова прашање кај нас, па затоа сестраното елаборирање ќе биде од голема помош во понатамошното развивање на институтите кои се карактеристични за овој нов систем на казнена постапка.

Глава 1 Општи напомени за спогодувањето

1. Спогодување – поим

Донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година во Република Северна Македонија значеше револуционерно изменување на дотогашниот и застарен концепт на казнена постапка во државата. Сите новини кои се предвидоа во новото законско решение, воведувањето на бројните нови институти позитивно влијаеја во оформувањето на современ и модерен концепт на казнена постапка во државата.

Дел од овие институти кои се воведуваат во македонското казнено процесно законодавство како резултат на Законот за кривична постапка од 2010 година е и спогодувањето. Се работи за институт кој за првпат се воведува и споменува во рамките на македонското казнено процесно законодавство. Спогодувањето всушност им овозможува на јавниот обвинител и осомниченият во постапката да се спогодуваат за видот и висината на кривичната санкција која треба да му биде изречена. Во смисла на поедноставување на казнената постапка е предвидувањето на поразличен статус на изјавата со која се признава вината во текот на контролирањето на обвинението, како и на признавањето кое се дава во текот на главната расправа.

Ако посебно се анализираат новите казнено процесни институти кои се воведуваат со Законот за кривичната постапка од 2010 година ќе може да се дојде до заклучок дека се работи за таков вид на правни институти кои се карактеристични за земјите кои припаѓаат на англосаксонскиот правен систем. Се работи за такви казнено правни институти кои во оваа земји од англосаксонскиот правен систем имаат долга традиција на применување во практиката. Оваа констатација дека се работи за типични англосаксонски институти не треба да не наведе на заклучок дека истите практично се преземени во државите кои припаѓаат на европско континенталниот правен систем. Имајќи го во предвид фактот дека секоја држава од европско континенталниот правен систем има своја правна традиција и правна историја, тогаш јасен станува фактот дека овие англосаксонски правни институти се прифаќаат во европските држави, но со нивно прилагодување и приспособување на националните правни системи.

Ако се компарираат државите од англосаксонско правно подрачје и државите од европското континентално правно подрачје во делот на применувањето на

спогодбената правда, може да се дојде до заклучок дека во Европа долги години трае одбивност и неодобрување на оваа спогодбена правда. Главниот аргумент за неприменување на спогодбената правда во државите од европско континентален правен систем е фактот дека истите долго време сметаат дека не треба да постои никаква можност за договарање помеѓу јавниот обвинител од една страна и обвинетиот од друга страна. Според нив државата не би требало да навлегува во процеси на договарање, преговарање и спогодување со криминалците. Ваквиот цврст став во државите од Европа во однос на неприфаќањето на спогодувањето како еден од начините на завршување на казнената постапка е резултат на фактот дека се работи за традиционални правни системи кои недвосмислено истакнувале дека реакцијата на државата во однос на криминалците, во однос на сторителите на кривичните дела треба да биде силна и решителна, без притоа да се прават било какви спогодби и нагодби со истите. Во Европа преовладувал ставот дека токму спогодбената правда ќе и наштети на успешната борба со криминалитетот, па и оттука следи одбивноста кон овој казнено правен институт. Уште еден аргумент се наведува како суштински за неприфаќањето на системот на спогодбена правда во државите од европско континенталниот правен систем. Па така во оваа смисла се истакнува дека казнено процесниот систем на една држава треба да биде насочен кон заштитата на општествените вредности, а не кон заштитување на лицата кои се решиле да дојдат во судир со законот, односно заштита на лицата кои се решиле да практикуваат разни криминални дејствија.

Спогодувањето всушност овозможува и остварување на правдата во многу брз и краток рок. Бужаровска истакнува дека казнената постапка во Република Северна Македонија, согласно законското решение од 1997 година е бавна, во голема мера формална и неекономична. Според неа токму со спогодувањето кое се воведува со новото законско решение се надминуваат овие слабости на казнената постапка. Бужаровска успешното и брзото завршување на постапката и остварувањето на правда ја доведува во директна врска токму со правниот институт спогодување.[4]

Спогодувањето, спогодбената правда претпоставува редефинирање и реформирање на казненото право се со цел што побрзо и поефикасно да се оствари казнената правда. Начинот на кој е поставено спогодувањето всушност треба да обезбеди брзо, ефикасно

[4] Бужаровска, Гордана, Европската Унија и правосудната соработка во казнената материја, Зборник од конференција, Актуелните прашања на државата и правото во Руската федерација и во Република Македонија, Москва, 2006, 34 – 37.

и лесно справување со сторителите на кривични дела, конкретно со сторителите на полесни кривични дела. Спогодувањето задолжително треба да ги има во предвид и интересите на жртвата, односно не би смеело да биде на штета на жртвата. Спогодувањето помеѓу јавниот обвинител и осомниченият претпоставува преземање на конкретни чекори во насока на водење на преговри за спогодување. Од странките кои учествуваат во спогодувањето се очекува истите да имаат активна улога во спогодувањето. Активната улога вушност значи подготвеност на странките да разговараат за видот и висината на кривичната санкција, да се изрази подготвеност за учество во спогодување, да се дојде до компромисно решение во конкретна ситуација, да се прифатат предлозите на спротивната страна и секако на крај да се донесе конечна одлука. Спогодувањето во принцип претпоставува дека во секој конкретен случај треба да се постигне компромисно решение. Компромисното решение всушност означува дека и двете странки кои учествувале во постапката за спогодување го постигнале тоа што го сакаат, односно дека и двете странки се задоволни од текот на спогодувањето и од конечниот исход.

Спогодбената правда како еден од модалитетите на завршување на казнената постапка се карактеризира со тоа што се остава можност за постигнување на согласност на странките кои се засегнати при што таа согласност се дава изрично или пак молкумно. Казнените постапки од нивното започнување па се до нивното завршување предизвикуваат големи трошоци, односно постои општо прифатен став дека казнената постапка е неекономична. Проблемот на неекономичноста на казнената постапка се решава токму со спогодувањето. Успешното спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомниченият значи и намалување на трошоците за казнената постапка кои би биле направени во иднина доклку спогодувањето воопшто не се реализирало. Спогодувањето освен што позитивно влијае на економичноста на постапката, истото позитивно влијае и на квалитетот на казнената постапка.

И Гроздановска говори за консензуалната правда во рамките на казненото право, при што прави посебно анализирање на видовите на спогодување во кривичната постапка. Според неа консензуалната правда треба да се сфати како плот од потребата за модификација на правосудството кое има основна цел задоволување на потребите на корисниците на правосудните услуги. За да се задоволат овие потреби неопходно е да се намалат трошоците на постапките, да се воведат поедноставни и забрзани постапки, да се применуваат нови технологии, да се воведат нови алтернативи за решавање на

споровите. Модификацијата на правосудството во современото општество трага по решение за болеста која се вика „бавно правосудство.“ Едно од решенијата за оваа ситуација се забрзаните постапки. Затоа многу држави во светот проблемот на неефикасна и неекономична постапка се обидуваат да го решат со избегнување или скратување на редовната кривичната постапка на некој од законски дозволените начини.[5]

Комитетот за министри на Советот за Европа има клучна улога во прифаќањето на концептот на спогодбена правда. Како резултат на Препораката бр. Р (87) 18 на Комитетот на министри на Советот на Европа се прави прифаќање на различните видови на спогодување. Оваа препорака содржински се однесува токму на спогодувањето. Во истата се истакнуваат придобивките од спогодувањето помеѓу јавниот обвинител и осомничениот во постапката. Се истакнува дека токму спогодувањето придонесува за забрзување на казнената постапка. Брзината на постапката за спогодување се должи пред се на фактот дека во рамките на истата не се врши изведување на докази како би можело да се утврди фактичката состојба. Како карактеристики кои ги поседува постапката за спогодување се следните: едноставност, брзина, ефикасност. Успешно спроведеното спогодување во претходна фаза помеѓу јавниот обвинител и осомничениот му ја олеснува работата на судот, кој само треба да ја изрече санкцијата која е претходно договорена.

Нанев исто така прави анализа на спогодувањето од аспект на субјектите кои учествуваат во рамките на казнената постапка. Според него како резултат на воведувањето на институтот спогодување доаѓа до драстично изменување на процесните улоги на субјектите кои учествуваат во казената постапка. Тука во прв ред доаѓаат страните кои се спротивставени во спорот и секако бранителот. Воведувањето на спогодувањето во македонското казнено процесно право претставува новитет кој овозможува избегнување на калсичната и традиционална казнена постапка. Избегнувањето на класичната казнена постапка е директен резултат на волјата која се изразува од страна на јавниот обвинител и осомничениот во постапката.[6]

[5] Гроздановска, Марија, Видови спогодување во кривичната постапка, , Меѓународен дијалог: Исток – Запад, Vol. 8, Iss. 2, Меѓународен славјански универзитет, Свети Николе, 2021, 95 – 99.
[6] Нанев, Лазар, Практикум по предметот казнено процесно право, Правен факултет – Штип, Универзитет “Гоце Делчев”- Штип, Штип, 2013, 11 – 14.

Од презентираното може да се дојде до заклучок дека спогодувањето претставува согласност на волјите на јавниот обвинител и осомниченият во постапката. Карактеристично е тоа што осомниченият во текот на постапката за спогодување свесно и доброволно врши признавање на вина за едно или повеќе сторени кривични дела. Признаената вина од страна на осомниченият во постапката е доволна основа јавниот обвинител кој во следна фаза треба да направи спогодување на видот и висината на кривичната санкција која треба да му се изрече на лицето кое признало вина, да му се изрече некоја друга санкција, трошоците за постапката, имотно – правното побарување, како и за одрекувањето од правото на жалба против одлуката на судот која се заснова на вака склучена спогодба.

2. Спогодување во контекст на одредбите од Законот за кривична постапка

Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија ја уредува постапката за спогодување. Посебно предвидени се одредби кои се однесуваат на процесните субјекти кои учествуваат во спогодувањето, начинот на кој треба да постапуваат странките во постапката, условите кои задолжително мора да бидат исполнети како би можело да се спроведе постапката за спогодување, улогата на судот во оценувањето на поднесената предлог спогодба која е склучена помеѓу јавниот обвинител и осомниченият, улогата на бранителот во постапката, улогата на оштетените лица со кривичното дело кои учестуваат во постапката, правила на начинот на поднесување на постапката и сл. Како што може да се види, законодавецот се обидува да направи правно уредување и нормирање на сите аспекти на постапката за спогодување како би можело да се обезбеди гаранција дека истата нема на никој начин да наштети на странките во постапката или пак да наштети на општата борба со криминалитетот во државата.

Правната природа на постапката за спогодување најдобро може да се согледа преку нејзините одлики. Неколку карактеристики се од суштинско значење за определувањето на постапката за спогодување. Првата карактеристика на овој вид постапка е применливоста на истата во контекст на сторувањето на различни кривични дела. Може да се дојде до заклучок дека законодавецот се решил за еден општ пристап за применливоста на спогодувањето, односно истото е применливо за сите кривични дела

без разлика на нивната тежина во смисла на одредбите од Кривичниот законик. Ублажувањето на казната кое се прави од страна на надлежниот судија во текот на постапката исто така е една од одликите на постапката за спогодување. При ова ублажување на казната судијата задолжително треба да ги следи законските рамки за конкретно определено кривично дело.

Предлог – спогодбата за признавање на вина на начин како што е предвидена во рамките на Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија има своја содржина, односно своја структура. Постојат неколку елементи кои се задолжителни при изготвувањето на предлог - спогодба за признавање на вина во конркетна ситуација. Во продолжение презентирани се овие делови на предлог спогодбата за признавање на вина како би можело да се добие вистинска слика за актот кој е иницијален во смисла за започнување на постапката за спогодување. Во оваа смисла треба да се потенцираат следните делови на предлог спогодбата, и тоа:

- Вовед на предлог спогодбата. Всушност се работи за воведен дел на предлог спогодбата како акт за започнување на постапката за спогодување. Задолжително во овој воведен дел од предлог спогодбата за признавање на вина треба да бидат наведени следните податоци и тоа: податоци кои се однесуваат на учесниците во постапката за спогодување, конкретно податоци за надлежниот јавен обвинител кој постапува во конкретниот предмет, податоци за лицето кое има статус на осомничен во постапката и учествува во постапката за спогодување, податоци за одбраната, односно за бранителот на осомничениот во постапката. Исто така во овој воведен дел од предлог спогодбата задолжително се наведува и правната квалификација на кривичното дело за кое се води постапката за спогодување. Како би можело да се наведе правната квалификација на кривичното дело, во претходна фаза задолжително треба да се направи опис на кривичното дело. Треба да се потенцира фактот дека спогодувањето може да се одвива за сите кривични дела кои му се стават на товар на осомничениот, или пак да се одвива за дел од нив.
- Секоја предлог – спогодба има свој предмет. Исто така и во рамките на предметот на спогодбата задолжително треба да се наведат неколку податоци, и тоа: санкцијата која е договорена во текот на спогодувањето според видот и според висината, наведување на имотно – правното побарување во конкретниот случај според видот и според висината. За имотно – правното побарување да

биде дел од постапката за спогодување во претходна фаза потребна е согласност од страна на осомничениот во постапката.

- Изјавите на странките во постапката исто така се суштински елемент на предлог спогодбата во содржинска смисла. Изјавите во текот на спогодувањето кои се даваат, а се нотираат во рамките на предлог спогодбата се изјавуваат од страна на точно определени учесници во постапката, а тоа секако се осомничениот во постапката и јавниот обвинител кој постапува во конкретниот предмет. Изјавата која се дава од страна на осомничениот во постапката е во насока дека спогодувањето го прави на доброволна и свесна основа, без никакви влијанија. Исто така осомничениот треба да изјави дека е запознаен со последиците од давањето на согласност за спогодување. Од друга страна јавниот обвинител дава изјава дека е запознаен со фактот дека се откажува од правото на поднесување на жалба, во ситуација кога би била донесена пресуда врз основа на поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Покрај јавниот обвинител и осомничениот во постапката се откажува од правото на поднесување на жалба.
- Трошоците во постапката се составен дел на предлог спогодбата. Секоја постапка, вклучително и постапката за спогодување предизвикува трошоци, па токму затоа потребно е во предлог спогодбата да биде утврден начинот на подмирување на трошоците кои би настанале како резултат на водењето на процесот на спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот.
- Завршен дел на спогодбата. Во рамките на овој дел од предлог спогодбата за признавање на вина содржани се следните податоци и тоа: Потпис даден од страна на јавниот обвинител кој постапувал во конкретниот случај, потпис даден од страна на осомничениот во постапката, потпис даден од страна на бранителот во постапката. Исто така во овој дел од предлог спогодбата за признавање на вина задолжително треба да биде наведен датумот и местото каде е склучена предлог спогодбата за признавање на вина.

Претходно наведените елементи на предлог спогодбата во содржинска смисла се од суштинско значење за оформувањето на една предлог спогодба во конкретна ситуација. Доколку сакаме да утврдиме дали дадената предлог спогодба за признавање на вина има или нема правно дејство, задолжително мора да се провери дали предлог спогодбата ги содржи сите овие претходно наведени елементи. Треба да се напомене

дека судот може да донесе пресуда единствено врз основа на предлог спогодба која ги поседува сите овие задолжителни елементи без исклучок.

Поднесувањето на предлог спогодбата за признавање на вина во рамките на постапката за спогодување е почетна, иницијална фаза од процесот на спогодување. Следната фаза од постапката е фазата за оценување на поднесената предлог спогодба од страна на надлежниот суд. Оценувањето на предлог спогодбата се врши на посебно рочиште, освен во ситуација кога предлог спогодбата е поднесена во текот на истражната постапка, тогаш како надлежен за оценување на предлог спогодбата е судијата на претходната постапка. Посебното рочиште за оценување на поднесената предлог спогодба се закажува во рок од три дена од поднесувањето на спогодбата. Инсистирањето на брзина во постапувањето и утврдувањето на вака кратки рокови е се со цел да се постигне брзина, ефикасност и експедитивност на постапката. Би било сосема неоправдано рочиштето за оценување на предлог спогодбата да се закаже во долг временски интервал по поднесувањето на самата спогодба. Оценувањето на спогодбата, конкретно одржувањето на посебното рочиште за оценување на поднесената предлог спогодба за признавање на вина претпоставува и присуство на точно определени субјекти. Така во оваа смисла на денот на одржување на посебното рочиште за оценување на предлог спогодбата задолжително се повикуваат и треба да бидат присутни јавниот обвинител кој постапувал во конкретниот предмет, осомничениот кој дал согласност за спогодување и на крај бранителот на осомничениот во постапката.

Судијата кој врши оценување на поднесената предлог спогодба за признавање на вина задолжително треба да ги испита следните околности и тоа:


- Судијата мора да утврди дали осомниченото лице ја дало согласноста за спогодбата на доброволна основа, односно да утврди дали постоеле некакви надворешни влијанија и притисоци во давањето на согласноста за спогодбата,
- Судијата треба да утврди дали лицето кое учествува во постапката за спогодување како осомничен е свесен од последиците кои настануваат како резултат на давањето на согласност за спогодување,
- Исто така судијата на посебното рочиште за оценување на предлог спогодбата треба да утврди и да процени дали осомниченият е свесен за трошоците кои настануваат како резултат на водењето на постапката за спогодување.

Судијата на посебното рочиште за оценување на предлог спогодбата освен што има активна улога во насока на оценување на потребните елементи на спогодбата, истиот има и советодавна улога и тоа за поучување на правата на странките и бранителот во постапката. Судијата посебно треба да ги подучи за следните права и тоа:

- Право на јавниот обвинител и на осомниченият во постапката од откажување од поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Ова откажување од поднесената предлог спогодба за признавање на вина може да биде направено се додека судот не донесе конечна пресуда. Во ситуација кога имаме откажување од веќе поднесена предлог спогодба за признавање на вина од страна на странките во постапката, тогаш судот кој постапува и кој е надлежен има обврска сите списи на предметот да ги достави на јавниот обвинител кој е надлежен во конкретниот случај како би можело да се обезбеди понатамошно постапување,
- Поука од страна на судот за откажување од правото на жалба. Постигнатата согласност помеѓу јавниот обвинител и осомниченият во постапката за спогодување, всушност значи и откажување од правото на поднесување на жалба против пресуда која е донесена врз основа на поднесената предлог спогодба. Губењето на правото за поднесување на право на жалба е сосема оправдано, ако се има во предвид фактот дека со спогодувањето всушност се прават обиди за побрзо и поекспедитивно завршување на постапката. Би било нелогично да се дозволи право на жалба во втор степен, по претходно спроведена постапка за спогодување.

Процесот на донесување на конечна одлука во постапката за спогодување, по поднесена предлог спогодба задолжително поминува низ неколку фази. Во продолжение на слика најдобро може да се согледаат сите чекори кои треба да бидат преземени во текот на постапката за спогодување како би можело да дојде до окончување на постапката.

Слика број 1


ПРЕСУДА ВРЗ ОСНОВА НА СПОГОДБА
ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ /ОСОМНИЧЕН /БРАНИТЕЛ
До поднесување обвинение
ПРЕДЛОГ-СПОГОДБА
СУДОТ
3 дена
РОЧИШТЕ ЗА ОЦЕНКА НА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБАТА
ИСПИТУВА ДОБРОВОЛНОСТ И СВЕСТ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ
ПОУКИ ДО СТРАНКИТЕ
СПИСИ ДО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
ОЦЕНКА НА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБАТА
РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБАТА
ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-СПОГОДБАТА
ПРЕСУДА
ОБЈАВУВАЊЕ
3 дена
ПИСМЕНА ИЗРАБОТКА
ДОСТАВУВАЊЕ

3. Однос на казнено процесниот институт спогодување со останатите казнено процесно институти

Спогодувањето како новина во Законот за кривична постапка од 2010 година влијаеше и во насока на воспоставување на нов однос со останатите казнено процесни институти. Спогодувањето во постапката неизбежно имаше импликации и врз останатите одредби од Законот за кривичната постапка. Во продолжение направен е обид да се потенцираат овие импликации кои ги има институтот спогодување врз останатите казнено процесни институти предвидени во рамките на Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија од 2010 година.

- Сооднос на спогодувањето со раздвојувањето на постапката. Како што веќе напоменавме спогодување може да биде направено за сите кривични дела кои му се стават на товар на осомничениот или пак да биде направено само за дел од нив. Во ситуација кога спогодување не е направено за сите кривични дела кои му се стават на товар на осомничениот, имаме раздвојување на постапката. Па така за делата за кои е постигната спогодба завршува постапката, додека за сите останати постапката се раздвојува и се продолжува со понатамошно постапување од страна на надлежен суд. Спогодувањето влијае во насока на поедноставување на постапката, па токму затоа кога е постигната спогодба за дел од кривичните дела се прави раздвојување на постапката.
- Сооднос на спогодување и одбраната во постапката. Спогодувањето е таква постапка која неопходно бара и задолжителна одбрана. Следствено на ова може да се заклучи дека бранителот во постапката за спогодување има облигаторна улога, односно не може да се спроведе постапката за спогодување без притоа во претходна фаза да не биде утврден бранителот во постапката. Здолжителното учество на бранителот во постапката за спогодување се оправдува преку фактот дека токму осомничениот ги нема потребните правни и стручни знаења, па помошта од страна на браните е повеќе од добредојдена. Исто така задолжителното учество на бранителот во постапката за спогодување може да се анализира и како еден вид гаранција за положбата на осомничениот во постапката, односно за почитување на сите оние права кои му стојат на располагање на осомничениот во постапката за спогодување.

- Сооднос на спогодувањето со законските основи за определување на мерката притвор. Признавањето на вина од страна на осомничениот во текот на постапката за спогодување има свое влијание и врз основите за определување на притворот. Па така во оваа смисла треба да се потенцира дека доколку осомниченото лице ја признае вината, нема да му биде определен притвор дури и во ситуација кога се исполнети законските услови за изрекување на оваа мерка за обезбедување на присуство во постапката.
- Сооднос на спогодувањето и укинувањето на притворот. Давањето на признание за вина од страна на осомниченото лице влијае и врз веќе определениот притвор, односно како резултат на даденото признание за вина треба да се направи укинување на веќе определениот притвор во конкретна ситуација.
- Сооднос на спогодувањето со правото на поука. Обвинетиот има право да биде поучен дека може да го користи правниот институт спогодување во смисла на одредбите од Законот за кривична постапка. Потребата од информирање на странките во постапката е неопходна како истите би можеле да ги согледаат сите можности кои им стојат на располагање во текот на процесот.
- Сооднос на спогодувањето и донесувањето на пресудата. Спогодувањето има различно влијание врз донесувањето на пресудата во зависност од стадиумот во кој е дадено самото признание за вина. Доколку признанието за вина е дадено во текот на истражната постапка истото не е предуслов за донесување на пресудата од страна на судот. Крајниот ефект од давањето на признание за вина во текот на истражната постапка е донесување пресуда врз основа на спогодба на странките. Во оваа ситуација како надлежен субјект за донесување на пресуда е судијата на преходната постапка. Доколку признанието за вина е дадено во текот на оценување на обвинителниот акт истото е предуслов за донесување на пресуда од страна на судот. Крајниот ефект од признанието за вина дадено во овој стадиум на постапката е донесување на пресуда врз основа на спогодбата на странките. Како надлежен субјект за донесувањето на пресудата е судијата, односно советот за оцена на обвинителниот акт. Доколку признанието за вина е дадено до почетокот на главната расправа истото е предуслов за донесување на пресудата. Крајниот ефект од давањето на признание за вина до почетокот на главната расправа е донесување на пресуда по изведени докази кои се поврзани за кривичната санкција. Како надлежен субјект за донесување на пресуда во оваа

ситуација се појавува судијата поединец, односно советот кој раководи со главната расправа.

Глава 2 Правила за примена на спогодувањето

1. Воведни насоки за примена на спогодувањето

Спогодување како казнено процесен институт пред се е карактеристичен за државите кои припаѓаат на англосаксонското правно подрачје. Всушност овој казнено процесен институт најголема применливост наоѓа во државите кои во националните правни системи ја имаат прифатено акузаторната казнена постапка. Интересна е правната природа на спогодувањето. Ако се анализира истото може да се дојде до заклучок дека спогодување претставува согласност на волји на странките кои се вклучени во истото. Согласноста на волји која треба да биде постигната е всушност договорот кој се прави на релација надлежен јавен обвинител и осомниченият во постапката кој изразил подготвеност да се спогодува за видот и висината на казната. Согласноста на волја, постигнатиот договор помеѓу јавниот обвинител и осомниченият во постапката мора да биде одобрен од страна на судијата. Судијата посебно се задржува на обвиненијата кои му се ставаат на товар на обвинетото лице, начинот на кој е дадена спогодбата за признавање на вина, видот на казната која е договорен, како и нејзината висина.

Спогодувањето во суштина ги содржи елементите на било кој процес на преговарање. Со нагласување на тоа дека кај спогодувањето лицето треба да изрази подготвеност за признавање на вина или пак изречно да направи отфрлање на предложената предлог спогодба за признавање на вина. Суштината на спогодувањето се исцрпува во фактот дека самата постапка ќе биде завршена многу побрзо и поефикасно, за разлика од тоа доколку се води судска постапка. Спогодувањето, односно постапката за спогодување не бара толку ресурси како што е случајот со судската постапка. Не мора да значи но спогодувањето можно е да влијае и врз казната која би се изрекла кон лицето, па така лицето кое е согласно за признавање на вина остава простор да му биде изречена, односно да се спогоди за поблага санкција, за разлика од ситуација кога својата вина, или својата невиност би ја докажувал во судска постапка, каде би можел да се соочи и со изрекување на построга санкција. Спогодувањето е можно да се спроведе во различни фази од текот на постапката.

Во компаративна смисла може да се сретнат случаи на отфрлање на определени обвиненија против лицето иако токму за тоа лице постојат голем број на докази. Ова

пред се се однесува за државите кои припаѓаат на англосаксонскиот правен систем, како држави кои големо значење му даваат на обичајното право. Отфрлувањето на обвиненијата против лицето во овие држави е резултат на фактот што товарот на докажување секогаш е кај јавниот обвинител. Сосема се различни состојбите во државите кои припаѓаат на европско континенталниот правен систем. Утврдувањето на материјалната вистина секогаш е во рацете на судијата. Сепак треба да се истакне фактот дека голем број на држави од европско континенталниот правен систем полека пристапија кон воведување на спогодувањето во нивните казнено процесни системи, односно се одлучија во своите казнено процесни законици да имплементираат карактеристично решение кое припаѓа на државите од англосаксонскиот правен систем.[7]

Спогодувањето доколку сакаме да го разбереме потребно е да го компарираме со било кој процес на спогодување, било кој процес на преговарање. Поедноставено, може спогодувањето да се доведе во корелација со преговорите кои ние ги водиме секојдневно во некоја продавница за купување на некој производ. Спогодувањето всушност овозможува постигнување на компромисно решение за видот и висината на казната, односно овозможува решение во кое сите се задоволни и јавниот обвинител и осомничениот во постапката. Постигната предлог спогодба за признавање на вина секако треба да биде прифатена од страна на судијата како би можеле да зборуваме за успешно завршен процес на спогодување, односно успешно и брзо завршена постапка.

Во практиката се можни разни ситуации и алтернативи. Па така во оваа смисла за некое лице може да се откријат кривични дела за кои дотогаш правосудниот систем немал никакви информации или пак да се откријат некакви грешки во обвинителниот акт. Овие промени неизбежно влијаат на предлог спогодбата која веќе била поднесена во претходна фаза. Како би се резрешиле овие новонастанати ситуации треба да се пристапи кон дискусија за прифаќање или пак за неприфаќање на новооткриените кривични дела во веќе поднесената предлог спогодба за признавање на вина.

Во стручната литература се истакнува дека во најголемиот број на случаи јавниот обвинител нема да биде подготвен да прифати спогодбата во која има определено фиксно траење на казната. Напротив, јавниот обвинител кој е надлежен најчесто се обидува да склучи предлог спогодба за признавање на вина во која ќе биде наведен

[7] Мисоски, Бобан, Постапка за спогодување за вината како начин на забрзување на кривичната постапка, Правен факултет – Скопје, Скопје, 2008, 64 – 65.

временски опсег на казната. Вака определениот временски опсег на казната е од помош и за судијата кој во конкретниот предмет треба да го определи точното времетраење на казната затвор на сторителот. Ваквото сценарио повлекува и активна вклученост на јавниот обвинител и осомничениот, односно неговиот бранител во постапката. Имено, тие како учесници во постапката треба да постигнат согласност за опсегот на казната, односно да биде задоволен и јавниот обвинител, но да биде задоволен и осомничениот, односно неговиот бранител. Така во оваа смисла, јавниот обвинител секогаш се насочува кон апсолутно прифатливиот минимум на казната, додека пак од друга страна осомничениот, односно неговиот бранител се насочуваат кон апсолутно прифатливиот максимум на казната. Преговарањето за опсегот на казната е многу прифатливо решение од причина што и двете странки во постапката, и јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител може да ги изнесат своите ставови и да ги презентираат своите аргументи. Кога се зборува за преговарање на опсегот на казната всушност се мисли на казна каде имаме горна максимална граница и долна максимална граница.[8]

Не можеме да очекуваме дека ќе постојат гаранции за судијата дека ќе одреди казна во предложениот опсег на казната, сепак голема е веројатноста дека надлежниот судија би постапил точно во таа насока. Треба да се има во предвид фактот дека судиите во своето постапување се целосно независни и самостојни. Па така својата независност и самостојност истите во целост ја применуваат при користењето на нивните овластувања кои се од дискрециионен карактер. Така, преку опсегот на казната судијата може да се одлучи да определи казна која е во рамките на посочениот опсег, или пак да се реши да определи казна која е повисока од веќе договорената. Во таква ситуација судијата може да ја доведе во опасност постапката за спогодување, односно може да има влијание врз странките во насока на нивно откажување од постапката за спогодување. Судиите се одбидуваат да го одбегнат ова сценарио. Не постои никаква логика да се трошат ресурси и време на судот одејќи низ целокупна судска постапка, во ситуација кога случајот може многу побрзо да се реши преку постапката за спогодување.

Се поставува прашање каква улога има судијата на претходната постапка во постапката за спогодување. Веднаш треба да напоменеме дека судијата на претходната постапка согласно неговите надлежности не може да учествува во рамките на

[8] Нича, Јани, Коневска, Маја, Кадиев, Дељо, Забрзани постапки, ОБСЕ, Скопје, 2013, 30 – 37.

постапката за спогодување. Оваа постапка е резервирана пред се за јавниот обвинител кој е надлежен да постапува и осомничениот во постапката, односно неговиот бранител. Неучеството на судијата на претходната постапка во постапката за спогодување се оправдува со фактот дека спогодувањето треба да го решат единствено јавниот обвинител и осомничениот, односно неговиот бранител, како најзасегнати страни во самиот процес. Подоцна, во следна фаза судијата при оценувањето на предлог спогодбата за признавање на вина треба да се јави како гарант за почитувањето на човековите слободи и права, и гарант за процесната положба на осомничениот во постапката. Поднесената предлог спогодба за признавање на вина всушност ја прикажува првата фаза од постапката за спогодување. Следната фаза од постапката за спогодување е оценувањето на поднесената предлог спогодба од страна на судијата. Судијата кој врши оценување на предлог спогодбата за признавање на вина има две можности. Првата можност е прифаќањето на предлог спогодбата за признавање на вина и втората можност за отфрлање на поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Прифаќањето на поднесената предлог спогодба за признавање за вина се прави кога имаме законска исполнетост на условите, за разлика од ситуацијата кога имаме неисполнетост на условите за спогодување, при што неисполнетоста резултира и со неприфаќање на поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Поднесената и прифатена предлог спогодба претпоставува дека странките во постапката се откажале од правото на жалба против одлуката која се донесува од страна на судот врз основа на поднесената предлог спогодба. Откажувањето од правото на жалба се однесува и на јавниот обвинител кој учествувал во постапката и на осомниченото лице кое се спогодило со јавниот обвинител за видот и висината на казната.

Процесот на спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот придонесува за една постапка која е поефикасна, една постапка која е пофлексибилна за разлика од побрзо. Успешното спогодување резултира и со брзо и ефикасно завршување на предметите, со што се врши и намалување на потребните трошоци за водењето на судската постапка. Спогодувањето не е ништо поразлично од кој било друг процес на преговарање, во однос на кој основна цел е обвинителот да се убеди да го отфрли обвинението или да ги намали основите на истото и да прифати казна која обвинетото лице го доведува во поволна положба, а која ќе биде оценета како соодветна за стореното дело, а воедно и прифатлива од страна на судијата кој во конкретниот случај е компетентен да одлучува за тоа. За да може да дојде до спогодување потребно е да

започнала истражната постапка, односно обвинителот да има основи на сомневање дека определено лице извршило кривично дело, но пред обвинетото лице да било испитано за првпат. Отткако ќе биде поднесено барањето за спогодување судијата е обврзан да закаже рочиште.[9]

2. Процес на спогодување

Спогодувањето претпоставува преземање на низа конкретни чекори и активности од страна на учесниците во истото како би можело да се успее во процесот на спогодување, во процесот на преговарање. Сите учесници во постапката и јавниот обвинител, и осомниченият и адвокатот имаат посебна улога во успешпното спроведување на постапката за спогодување.

Кога се анализираат субјектите кои учествуваат во рамките на постапката за спогодување веднаш на почетокот треба да се истакне значајната улога на адвокатот, односно улогата на бранителот во постапката. Начинот на кој е поставена постапката за спогодување упатува на заклучок дека јавниот обвинител е всушност оној процесен субјект кој најмногу може да добие од спогодувањето. Овој заклучок е резултат на фактот што јавниот обвинител преку процесот на спогодување добива осудителна пресуда против конкретно определено лице, без притоа да се води долг и сложен судски порцес, кој бара голема ангажираност. Од друга страна одбраната, бранителот во постапката за спогодување во текот на спогодување треба да обезбеди и овозможи најповолен исход за својот клиент, без да се оди на судење кое може да резултира и со изрекување на многу потешка казна за клиентот, за разлика од казната која би била утврдена во предлог спогодбата за спогодување.

Секој случај на спогодување е посебен и токму затоа потребен е еден индивидуален пристап на учесниците во постапката за спогодување. Неколку околности се од суштинско значење за самиот тек на процесот на спогодување. Во оваа смисла посебно треба да се потенцираат следните околности и тоа: конкретниот обвинител кој постапува во рамките на постапката, односно неговата подготвеност или неподготвеност за спогодување, тежината на обвиненијата, доказите со кои се

[9] https://js.ugd.edu.mk/index.php/sssj/article/view/1808/1618, пристапено на 16.10.2024 год.

докажуваат обвиненијата против конкретно лице, природата на обвинението кое му се става на товар на осомниченият, околностите на случајот, судијата кој има надлежност да постапува во конкретниот предмет, поранешниот однос доколку постои на релација сторител на кривично дело и жртва, местото каде се одвива судската постапка. Како што може да се види постојат голем број на околности кои на директен начин влијаат на процесот на спогодување.

Треба да се напомене дека над сите овие околности никакво влијание нема бранителот во постапката. Се работи за такви околности, слободно може да се тврди дека се факти од непроменлива природа и како такви неизбежно влијаат на процесот на спогодување. Сите овие околности некогаш може да влијаат во насока на истакнување на барање за изземање на конкретен јавен обвинител, како и изземање на конкретен јавен судија. Но кога ќе се согледаат сите околности на случајот во крајна инстанца најдобро е да се прифатат овие околности како непроменливи и да се почне со процесот на спогодување. Дури и овие околности кои навидум личат дека може да наштетат на процесот на спогодување треба од учесниците во постапката да се искористат во насока на добивање на општо прифатлива спогодба за сите учесници, односно да се дојде до решение кое е прифатливо за сите во постапката.

Адвокатот, брнаителот како што потенцираме има посебна улога во процесот на спогодување. Од него се очекува во конкретниот случај да направи целосно проучување и анализирање на случајот како би можел да ги презентира сите факти и околности кои му одат во прилог на неговиот клиент. Подготовката на бранителот за негово учество во постапката за спогодување треба да биде на сосема исто рамниште како тој да се подготвува за судска постапка. Само на тој начин би можеле да бидеме сигурни дека бранителот навистина ќе се заземе целосно за постигнувањето на најдоброто можно решение за својот клиент. Во целокупниот процес на анализирање адвокатот може да се насочи и кон целосна конкретизација на случајот кој е предмет на спогодување. Па така истиот може да размислува кои активности од истражен карактер би требало да бидат извршени, да се направи посебна анализа на улогата на обвинителството во конкретниот предмет, конкретно да се детектираат сите силни и слаби страни на обвинителството во однос на предметот за кој треба да се води процесот на спогодување. Активното партиципирање на бранителот во постапката, преку негова целосна анализа на конкретниот кривично правен настан е гаранција дека

бранителот правилно ќе го посоветува својот клиент истиот да го прифати спогодувањето или пак истото да го одбие.

Теоријата на случај има своја применливост и големо значење во рамките на акузаторната казнена постапка. Па така нејзината применливост може да се согледа во делот на собирањето на доказите, користењето на вкрстеното испитување, спогодувањето и сл. Од сето она што е потенцирано за спогодувањето може да се заклучи дека процесот на спогодување е изводлив и можен кај најголемиот дел од случаите. Сепак треба да потенцираме дека самиот процес на спогодување не претставува можна теорија на случајот. Во оваа смисла, најдобро можно решение би било во секоја конкретна ситуација да се обезбеди еден поволен пристап од страна на судијата на самиот почеток на постапката, а дури потоа да се започне со процесот на спогодување.

Во продолжение треба да се преземат конкретни активности и чекори како би можело да се извлече заклучок за тоа дали кривичното дело кое му се става на товар на осомничениот, треба да биде разгледувано и за него да биде одлучувано во рамките на судската постапка или пак истото да биде решено во рамките на постапката за спогодување. Во овој дел на постапката и кај јавниот обвинител и кај осомничениот, односно неговиот бранител има определена дилема за тоа што треба да се направи понатаму. Односно и јавниот обвинител и осомничениот, односно неговиот бранител оправдано се прашуваат дали предметот треба да продожи во рамките на судската постапка или пак истиот да биде завршен во рамките на постапката за спогодување. Не може да тврдиме дека постојат универзални правила кои би биле од помош да дадат одговор на ова прашање. Најдобар пристап е кога се прави посебна анализа на секоја конкретен сучај, бидејќи како што споменавме секој случај има свои особености и одлики кои директно влијаат во насока за негово решавање, односно нерешавање во рамките на постапката за спогодување. Однесувањето на странките во постапката исто така е значајно прашање во смисла на успешноста или неуспешноста на спогодувањето. За да може да стане збор за успешно завршен процес на спогодување од учесниците во постапката се очекува истите да бидат објективни во постапувањето, да бидат разумни, да бидат совесни и секогаш во предвид да се има интересот на лицето кое треба да се спогодува.

Околностите кои ги наведовме директно влијаат на успешноста на постапката за спогодување. Сепак треба да се потенцира фактот дека суштински услов за започнување на постапката за спогодување е согласноста од страна на лицето кое е обвинето во постапката. Без постоењето на оваа согласност не може да стане збор за спогодување. Во следна фаза применливоста на спогодувањето во конкретна ситуација се испитува и од страна на судијата, односно судијата е тој кој гарантира дека едно кривично дело може да биде решено преку спогодување или пак не може да биде решено преку користењето на овој институт. Обвинетото лице во постапката кое треба да учествува во спогодувањето, во најголемиот број од случаите нема правни познавања, односно се претпоставува дека е лаик. Па токму затоа бранителот во постапката, кој има задолжителна улога треба на својот клиент да му го објасни значењето на спогодувањето, како и да му ги посочи последиците кои настануваат како резултат на спогодувањето. При давањето на оваа поука од страна на бранителот кон својот клиент, бранителот задолжително треба да се задржи на неколку елементи, и тоа:

- Објаснување на суштината и целта на спогодувањето. Адвокатот на својот клиент треба да му ја објасни целта на спогодувањето, да му посочи примери од досегашнатата практика кои се решени преку спогодување и сл.,
- Објаснување на функционалноста на спогодувањето. Посебно во овој дел на клиентот треба да му бидат презентирани субјектите кои учествуваат во постапката за спогодување, односно нивните надлежности,
- Презентирање на позитивните страни на спогодувањето, како и презентирање на негативните страни на спогодувањето. Позитивните страни и негативните страни на спогодувањето треба да бидат посочени во еден општ поглед, во општа смисла на овој казнено процесен институт, па дури потоа да се пристапи кон објаснување на позитивните и негативните страни на спогодувањето во конкретниот случај. Бранителот во постапката во никој случај не треба да создава кај својот клиент погрешна слика за спогодувањето како начин на решавање на спорот, односно не треба да прави негово идеализирање,
- Посочување на предностите и разликите предметотот да се заврши преку спогодување, наместо истиот да се заврши во рамките на судската постапка. Баранителот во овој дел на својот клиент треба да му ја објасни сложеноста на судската постапка, нејзиното долго траење, големите трошоци кои настануваат

како резултат на судските постапки, можноста од соочување со поголема казна за разлика од казната која би била утврдена со предлог спогодбата за спогодување. Исто така во овој дел бранителот треба да му ја објасни корисноста на својот клиент од применливоста на спогодувањето, малите трошоци кои настануваат, брзото решавање на постапката, исклучувањето на правните лекови поради кои нема да дојде до одолговлекување на постапката и сл. Ова не треба да се сфати како наведување на клиентот од страна на адвокатот дека задолжително треба да се прифати спогодувањето. Напротив бранителот на овој начин ги објаснува и му ги предочува сите предности и негативности на својот клиент, како истиот би можел да се одлучи да даде согласност за спогодување или пак истата да ја отфрли.

Донесувањето на правилна одлука од страна на обвинетото лице за тоа дали ќе прифати спогодување или истото ќе го отфрли е во директна врска со претходно наведените точки. Од ова призлегува дека токму бранителот во постапката е тој кој има суштинско значење за објаснување на сите аспекти на спогодувањето на својот клиент и секако на крај негово советување во насока на прифаќање или неприфаќање на спогодувањето.

3. Рочиште на кое се спроведува спогодување

Спогодувањето во конкретна ситуација означува дека нема да биде ангажиран судскиот апарат, односно нема да се оди на судска постапка како би се утврдила вина или невиност на обвинетото лице. Лицето кое е согласно да се спогодува со јавниот обвинител за неговата вина задолжително мора да биде подготвено за самиот тек на спогодувањето. Исто така и судијата кој постапува во конкретниот предмет на рочиштето за спогодување треба да ги добие потребните информации и да ги утврди околностите кои се од значење за самиот тек на спогодувањето. Па така во оваа смисла судијата треба да се увери дека фактите кои се презентирани одговараат на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетиот, да се утврди дали признанието на вина е дадено врз основа на свесност на лицето кое го дава признанието, дали постоеле било какви притисоци при давањето на признанието за вина. Судијата кој постапува во конкретниот случај за утврдување на сите овие околности може да преземе активна

улога, што значи истиот може преку поставување на директни прашања на јавниот обвинител и директни прашања на обвинетиот да ги дознае сите работи кои за него се суштински во понатамошното одлучување. Исто така во овој дел на постапката судијата може изричито да побара од страна на јавниот обвинител да направи презентирање на сите докази кои одат во прилог на обвинението, односно да ги презентира оние докази кои се доволна основа конкретниот кривично правен настан, конкретното кривично дело да биде решено преку постапката за спогодување.

Поставувањето на прашања од страна на судијата кон обвинетото лице, кај самиот обвинет може да предизвика определна забуна. Токму затоа пред одржувањето на посебното рочиште за признавање на вина потребно е насочување и поучување на обвинетиот во постапката, како не би дошло до некои забуни во текот на посебното рочиште. На судијата треба да му бидат прикажани и презентирани сите околности, факти и докази кои одат во прилог на обвинетото лице. Ова е посебна обврска во ситуација кога на судијата му се нуди еден опсег на казната, каде токму судијата би требало да го има завршниот збор и конечната одлука во однос на висината на казната.

Бранителот во постапката, адвокатот кој е ангажиран исто така треба да направи определени подготовки за посебното рочиште за спогодување. Така во оваа смисла, адвокатот посебно треба да се насочи кон испитување на следните околности, и тоа: дали некои лица може да бидат повикани за сведоци и дали истите би биле корисни за конечниот исход на спорот, дали клиентот кој учествува во спогодувањето треба медицински да се прегледа, односно да му се направи физички преглед или психолошки преглед, дали е потребно да се обезбеди некаква документација која непосредно се однесува на клиентот, односно документација која би била од значење за конечно решавање на спорот.

Исто така и јавниот обвинител кој постапува во конкретниот предмет треба да биде запознаен со сите околности на случајот како би можел соодветно да ја состави предлог спогодбата за спогодување. Предлог спогодбата треба да биде одраз на околностите на случајот, како и одраз на карактеристиките на обвинетото лице. За да се обезбеди непречено одвивање на посебното рочиште за спогодување во претходна фаза потребно е да биде направено доставување на сите докази до судијата како истиот би можел да се запознае со истите пред одржувањето на самото рочиште.

Веќе потенцираме дека постои законска можност за повикување на сведоци на посебното рочиште за спогодување. Во ситуација кога имаме повикување на сведоци претходно потребна е нивна подготовка за учество на самото рочиште. Оваа подготовка е неопходна како би можело да се создадат услови за непречено одвивање на самиот тек на рочиштето за спогодување. Подготовката на сведоците треба да се однесува на прашањата кои би можеле да им бидат поставени на самото рочиште од страна на судијата, како и од страна на јавниот обвинител. Ова имплицира одржување на претходна средба на повиканите сведоци со одбраната, средба на која бранителот има обврска да направи објаснување на целта и природата на рочиштето кое се одржува, како и разработување на потенцијалните прашања кои може да бидат поставени од страна на судијата и од страна на јавниот обвинител. Во овој дел на постапката постои можност за презентирање на некој документ кој е од значење за донесување на конечна одлука. Сепак пред истиот да биде презентиран на рочиштето, истиот треба да му биде даден на увид и на разгледување на бранителот како тој би можел да се запознае со неговата содржина и да процени каква улога би имал тој документ во самата постапка. Лицата кои се повикуваат како сведоци мораат да бидат свесни за улогата која ја имаат во текот на процесот, да бидат свесни за целта која сака да се постигне со нивното сведочење, како и да бидат способни да го дадат својот исказ за презентирање на соодветните и релевантни околности.

Системот за одмерување и одредување на казни покажува разлики од еден до друг национален систем. Конкретно се разликува судското одмерување и одредување на казната од една до друга држава. Добро би било да се направи еден графички приказ за одмерување на казната, како приказ кој е од општа природа и кој би се однесувал на казните кои се изрекуваат вообичено во земјата во минатото, за исти или слични дела. Ваквиот процес би обезбедил уште поголема гаранција за почитување на правата на обвинетиот во постапката, односно дополнително би се гарантирала правната положба на обвинетото лице во постапката.

Нормално и очекувано е бранителот во постапката за спогодување секогаш да се залага за најниската можна казна, во рамките на предложениот опсег на казна. За оваа цел потребно е бранителот во постапката да подготви издражни и соодветни образложенија на овие барања за определувањето на најниска можна казна. Барањето за намалувањето на казната најдобро се постигнува преку презентиранње на конкретни информации кои се од значење за конечното одлучување. Така во оваа смисла

бранителот на судијата треба да му ги презентира следните информации, како би можел да очекува позитивен исход на барањето за намалување на казната:

- Компарирање на фактите на случајот со останатите слични слуачи, како би можело да се постигне определена аналогија,
- Компарирање на околностите кои се однесуваат на конкретниот случај со останатите случаи,
- Споредување на времето во кое биле одредувани казни за слични дела во минатото – кои според денешните стандарди и практики би значеле изрекување на поразлични казни,
- Презентирање на околностите и фактите кои се однесуваат на историјатот на клинетот,
- Конкретни очекувања од лицето за кое се бара намалување на казната во смисла на негова успешна рехабилитација.

Сите овие активности се во насока на обезбедување на потребните информации за судијата, како истите би биле разгледани од негова страна навремено. Многу потешко би се одвивал процесот во ситуација кога судијата сам би ги барал потребните информации кои се од значење за донесување на поблага казна во конкретен случај.

Претходната елаборација на чекорите за спогодување се во иделана ситуација, односно во ситуација кога предлог спогодбата за принзавање за вина која е склучена помеѓу јавниот обивнител и обвинетиот е прифатена од страна на судот, е прифатена од страна на судијата. Секако треба да се има во предвид фактот дека во практиката постојат ситуации каде судијата врши отфрлање на предлог спогодбата, односно нејзно неприфаќање. Се поставува прашањето кои се правните последици од неприфаќањето на предлог спогодбата за признавање на вина и што се треба да преземе бранителот во конкретниот случај како би можел да ги оствари најдобрите можни интереси на својот клиент.

Одбивањето на предлог спогодбата за признавање на вина всушност означува дека предметот понатаму ќе се решава во рамките на судската постапка. Водењето на судската постапка треба да биде направено од страна на друг судија, односно не смее да биде истиот судија кој учествувал на посебното рочиште за спогодување. Забраната за учество на судијата кој учествувал во спогодувањето во редовната судска постапка е оправдана, ако се има во предвид фактот дека судијата веќе претходно ги добил

потребните и релевантни податоци, информации и околности кои се однесуваат на конкретниот предмет. Постапувањето на друг судија значи и обезбедување на објективност и непристрасност во постапката, односно се бара да постапува судија кој на никаков начин немал допирна точка со предметот за кој во претходна фаза се водел процес за спогодување.

Бранителот кој постапува во конкреният предмет треба да го запознае својот клиент дека судот согласно неговите законски надлежности има право да направи отфрлање на веќе поднесената предлог спогодба за признавање за вина, која во преходна фаза била постигната помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот. Неприфаќањето на предлог спогодбата за спогодување ја менува и позицијата на обвинетиот во постапката. Во оваа смисла на обвинетиот му преостануваат следните алтернативи за постапување во иднина, и тоа:

1) Истакнување на алтернативен предлог на спогодување. Постоењето на алтернативен предлог на спогодување, всушност упатува на заклучок дека овој алтернативен предлог на спогодување се разликува од првично дадениот предлог за спогодување кој е направен помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот. Судијата по согледувањето на сите околности на случајот, фактите и доказите го изнесува како можност овој алтернативен предлог за обвинетиот. Ако се има во предвид фактот дека овој алтернативен предлог се презентира и се изнесува од страна на судијата се претпоставува дека истиот претставува прифатливо решение за судијата кој постапува во конкретниот предмет. Обвинетиот, заедно со неговиот бранител треба да проценат дали на најдобар можен начин може да се остварат неговите интереси во постапката преку прифаќањето на овој алтернативен предлог кој е презентиран од страна на судијата,
2) Втората алтернатива е целосното откажување од процесот на спогодување од страна на обвинетиот во постапката. Целосното откажување од процесот на спогодувањето всушност го означува и моментот на продолжување на постапката пред судот, односно на обвинетото лице ќе му се суди за конкретно кривично дело.

4. Значајни елементи за успешно спогодување

Спогодувањето самото по себе не донесува успех, напротив потребно е преземање на конкретни активности и дејствија од страна на јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител како би можело едно спогодување да се смета за успшено. При секое спогодување мора да биде направена индивуализација на секој случај посебно, од причина што секој предмет има свои посебни карактеристики и одлики. Постојат неколку клучни елементи кои се од суштинско значење за било кој процес на спогодување. Во продолжение направена е нивна презентација и анализа. Се работи за следните значајни елементи на спогодувањето:

- Утврдување на силните страни на обвинението кое му се става на товар на обвинетиот, како и утврдување на слабите страни на обвинението. Расчистувањето дека не постојат слабости на обвиненијата кои му се ставаат на товар на обвинетиот се добра појдовна основа за успешно спроведување на спогодување,
- Определување на обвиненијата кои му се ставаат на товар на обвинетото лице. Тука треба да се направи точно наведување на кривичните дела за кои се терети обвинетото лице, при што јасно треба да се нагласи дали спогодувањето се однесува на сите кривични дела или пак се однесува само на дел од нив. За оние дела за кои не постои спогодување, за истите постапката продолжува во рамките на судот, во редовна судска постапка,
- Утврдување на фактите на случајот, како и утврдување на околностите на случајот. Преку фактите и околностите на случајот всушност се добива претстава за тоа на кој начин е извршено кривичното дело, на кое место е извршено кривичното дело, во кое време е извршено кривичното дело, предметите со кои е извршено кривичното дело и сл.,
- Утврдување на судијата кој ќе постапува во конкретен предмет. Јавниот обвинител и обвинетиот кои учествуаат во постапката за спогодување секогаш се заинтересирани за судијата кој ќе постапува во конкретниот предмет. Во оваа смисла потребно е да се извлечат заклучоци како овој судија постапувал во минатото во слични или исти слаучаи, така што да знаат што може да очекуваат и јавниот обвинител и обвинетиот, односно неговиот бранител,

- Утврдување на месната надлежност на судот. Утврдувањето на месната надлежност на судот се поврзува со местото каде е извршено кривичното дело,
- Обезбедување на пристап до докази со кои се докажува кривичното дело. Пристапноста до доказите е од помош за брзо и ефикасно завршување на постапката за спогодување,
- Преземање на активности од истражен карактер. Во оваа смисла потребно е преземање на конкретни истражни активности се со цел да се обезбедат и други докази кои одат во прилог на поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Исто така во овој дел можно е да се спроведе и процес на идентификување на лица и предмети, обезбедување на докази кои се од суштинско значење за постапката, прегледување на лицето кое има статус на обвинет во постапката и сл.,
- Анализирање на опсегот на казни. Тука треба да се утврди на кој начин судот постапувал во минатото за исти или слични кривични дела, за кои постапката завршила преку спогодување. Всушност во овој дел треба да се направи анализирање на историјатот на постапување на судот во смисла дали повеќе оди кон прифаќање на предлог спогодбите за признавање на вина или пак е насочен кон нивно одбивање,
- Уврдување на сите предности и негативности на спогодувањето како и утврдување на сите предности и негативности на водењето на редовната судска постапка. Во овој дел обвинетиот заедно со неговиот бранител треба да направат целосна и издржана анализа за оправданоста, односно неоправданоста за применување на институтот спогодување. Треба конкретно да се размисли и да се одлучи дали најдобрите можни интереси на обвинетото лице ќе се остварат преку водењето на постапка за спогодување или пак овие интереси би се остариле преку водење на редовна судска постапка,
- Комуникација на релација бранител и обвинет кој треба да учествува во постапка за спогодување. Бранителот треба на својот клиент да му ја објасни суштината на спогодувањето, да му ја објасни целта на спогодување, да му ги презентира придобивките од водењето на процесот на спогодување, како и да му ги посочи правните последици кои настануваат за обвинетиот како резултат на фактот дека истиот се спогодувал со јавниот обвинител за видот и висината за казната,

- Разумност и свесност кај обвинетиот кој треба да учествува во постапката за спогодување. Се очекува дека обвинетото лице ја разбрало суштината и целта на спогодувањето и дека истото е свесно за последиците кои следат како резултат на склучената предлог спогодба за спогодување,
- Бранителот мора да му посочи на својот клиент дека признанието кое го дава треба да биде дадено на доброволна основа. Исто така лицето кое се согласува за спогодување во целост требад биде свесно за неговите постапки кои ги презема во процесот на спогодување. Доброволноста на даденото признание за вина всушност значи дека се исклучени сите надворешни влијанија кои може да влијаат врз лицето да даде призание на вина. Признанието за вина кое е дадено под присилба, под надворешни влијанија не произведува правно дејство. Свесноста како категорија е потребна за да може лицето да ја сфати целта и суштината на спогодувањето и да ги сфати сите оние последици кои следат по давањето на признавање на вина во конкретна ситуација,
- Овластување за постапување. Овластувањето за постапување всушност се однесува на полномошното кое обвинетото лице му го дава на својот бранител за истиот активно да презема дејствија во рамките на постапката за спогодување. Во оваа насока се очекува од бранителот на обвинетиот да изготви предлог спогодба за спогодување која пред да му биде дадена на јавниот обвинител на разгледување и анализирање, задолжително треба да му биде презентирана на обвинетото лице. Заедничкото изработување на предлог спогодбата за признавање на вина од страна на бранителот во постапката и обвинетиот е гаранција дека истата ќе биде составена на начин што ќе може да се остварат најдобрите интереси на обвинетото лице,
- Давањето на конкретен предлог за спогодување има неколку функции. Преку него се очекува да се согледаат доказите кои се од значење за донесување на одлука, фактите кои имаат значење за постапката и за прифаќањето на спогодбата од страна на обвинетото лице, како и да се земат во предвид барањата и очекувањата на обвинетото лице кое се согласило да учествува во постапката за спогодување,
- Комуникација на релација обвинет, односно негов бранител и надлежен јавен обвинител. Оваа комуникација е неопходна како би можело да се добие информација за тоа дали надлежниот јавен обвинител во постапката има интерес за водење на постапката за спогодување,

- Воспоставување на писмена комуникација на релација надлежен јавен обвинител и обвинет во постапката, доколку јавниот обвинител процени дека има потреба од такво нешто,
- Воспостаување на директна комуникација на релација надлежен јавен обвинител и обвинет во постапката, кога јавниот обвинител инсистира на непосредна средба со обвинетиот во постапката. Пред да дојде до ова директно соочување помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот во постапката, бранителот има обврска целосно да го подготви својот клиент за разговорот што би се водел помеѓу јавниот обвинител и клиентот,
- Јавниот обвинител како активен учесник во постапката за спогодување има право на поднесување на контрапредлози. Дадените контрапредлози кои се однесуваат на спогодувањето на обвинетиот, односно на неговиот бранител треба да им бидат презентирани преку писмен пат, на јасен и разбирлив начин, како би можело лицето кое учествува во постапката за спогодување да донесе правилна одлука,
- Задолжителна согласност од страна на лицето кое е обвинето во постапката, за негово учесто во постапката за спогодување. Согласноста претставува услов без кој не може да стане збор за спогодување во конкретна ситуација,
- Презнетиранање на целокупната документација на судијата пред одржувањето на посебното рочиште за спогодување. На овој начин се избегнува непотребно одолговлекување на постапката,
- Одбивањето на предлог спогодбата за признавање на вина од страна на судијата всушност означува дека предметот се враќа кај надлежниот јавен обвинител кој согласно своите законски надлежности одлучува за понатамошниот тек на постапката.

Глава 3 Спогодување во земјите од англосаксонски правен систем

1. Спогодување во Соединетите Американски Држави

Спогодувањето како правен институт влече директни корени од правниот систем на Соединетите Американски Држави, и истиот има долга традиција на примнеливост. Спогодувањето во Соединетите Американски Држави претставува една значајна појава, а неговата применливост во практика една од основните карактеристики на казнено правниот систем. Во рамките на овој правен систем спогодувањето може да се дефинира како спогодба помеѓу државниот обвинител и обвинетиот во постапката, односно како спогодба во која обвинетото лице во целост ја признава вината за извршеното кривично дело и се одрекува од правата на судење пред порота, а јавниот обвинител врши ублажување на обвиненијата или пак му ветува на обвинетото лице изрекување на поблага казна. Или, спогодувањето треба да се сфати како склучување на спогодба за признавање на кривичното дело и како такво задолжително се склучува помеѓу државата и обвинетиот во постапката, при што обвинетото лице ја признава својата вина во замена на некоја корист. Се работи за таков процес во кој обвинетиот во казнениот предмет се одрекува од правото на судење во замена за редуцирање на обвиненијата против него или пак во замена за редуцирање на казната, односно и обвинението и казната.[10]

Правниот институт спогодување во американското право е познат под називот plea bargaining, што во буквален превод би значело, спогодување, преговарање, ценкање. Иако до денес на овој казнено правен институт му се упатени бројни приговори од страна на неговите противници, спогодувањето во Соединетите Американски Држави не покажува знаци на опаѓање во својата вредност, бидејќи процентот на решени предмети со помош на овој институт се повеќе расте.

Пред да се пристапи кон објаснување на настанувањето на овој казнено правен институт во Соединетите Американски Држави, потребно е да се спомене дека спогодувањето претставува вонсудски облик на решавање на кривичните предмети, и истото според определени американски автори е во директна спротивност со амандманот VI од Уставот. Оваа спротиставеност со Уставот на државата се должи на фактот дека токму со спогодувањето се врши одвраќање на обвинетите од можностата

[10] Abrams, David, Is Pleading Really a Bargain, Journal of Empirical Legal Studies, vol. 8, 2011, 199 – 201.

истите да го остваруваат правото на судење, пред порота. Во оваа смисла на почетокот на појавата на спогодувањето се изјаснува и Врховниот суд на Соединетите Американски Држави, според кој овој институт според содржината, целите и неговата суштина може да се смета за критичен казнено процесен институт.

Спогодувањето има големо значење за американскиот правосуден систем. Неговото големо значење може да се согледа во тоа што со негова помош се врши растеретување на судовите, бидејќи доколку не би постоел овој институт тогаш во Соединетите Американски Држави задолжително би требало да се зголеми бројот на судови. Намалувањето на трошоците исто така претставуваат значајна ставка во прифаќањето на овој институт во американскиот правен систем. Спогодувањето поседува голем број на карактеристики. Со негова помош всушност се обезбедува отстапување од редовната постапка пред судот, односно отстапување од постапката пред порота. Некои автори анализирајќи го спогодувањето во американскиот правен систем истакнуваат дека како резултат на неговата примена доаѓа до заобиколување и повреда на определени права на обвинетото лице, како што се повреда на начелото за еднаквост на граѓаните, лишување од низа на права кои лицето би ги имало во рамките на редовната судска постапка, исклучување на обвинетиот од постапката на преговарање и сл.[11]

Во историска смисла постојат различни податоци за почетоците на примена на спогодување во рамките на американскиот правен систем. Сепак треба да се потенцира фактот дека на прва права примена на спогодувањето наоѓаме во постапките за незаконска продажба на алкохол, за кои, во тоа време важела прохибицијата. Прво се појавува спогодбата за обвинението со која обвинителот се обврзувал да се повлече од поединечни делови од обвинението или пак истите да ги ублажи, за замена за признавање од страна на обинетото лице. Овој вид на спогодување за признавање на кривичното дело се нарекува Charge bargaining. После примената на спогодувањето кај кривичните дела за незаконска продажба, истата почнува да се применува и кај кривичните дела убиства.

Својот максимум на применување спогодувањето во Соединетите Американски Држави го достигнува во 20 - те години на минатиот век. Според официјалните статистики може да се дојде до заклучок дека примената на овој институт во практиката е навистина огромна. Па така процентот за решенни кривични дела со

[11] Brkic, Snezana, Dogovoreno priznanje (plea bargaining) u angloamerickom pravu, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu, Vol XXXVII,br. 1-2, Novi Sad, 2003, 182- 191.

помош на овој институт се движел околку 75 %. Ако посебно се разгледува користењето на спогодувањето во различни делови во Соединетите Американски Држави, може да се утврди дека истиот е застапен со високи 85 % во Чикаго, 78 % во Детроит, 76 % во Денвер, 90 % Минеаполис, 81 % Лос Анџелес, 74 % Питсбург, 84 % во Сент Луис.[12]

Причините за големата примена и успех на спогодувањето може да се согледа во фактот дека своевремено големите стапки на криминалитет не можеле да се спречат со тогашните закони, од причина што истите биле неупотребливи. Слободно може да се тврди дека овие законски прописи штителе одредена структура од населението, а дискриминирале друга, по што може да се дојде до заклучок дека овие законски прописи во тоа време имале дискриминаторска основа. Борбата против прохибицијата во тоа време, како и спротиставувањето на организираниот криминалитет, барале користење на други техники и механизми за успешна борба. Меѓутоа, основната причина за применувањето на спогодувањето во американскиот правен систем може да се бара во неговата корисност за целокупната казнена постапката. Како најчести причини за применливоста на истиот се наведуваат ефикасноста на казнената постапката, но и давањето на посебно внимание на обвинетиот не само како олеснувачка околност туку и пошироко.

Јакнењето на спогодувањето во рамките на американското право доведува и до револуција во правичната постапка. Благодарение на истата, јавните обвинители и судиите морале да потрошат многу повеќе време за припрема за судењето, како и за водењето на постапката по поднесувањето на обвинението. Тоа придонесува судските процеси да траат многу подолго за разлика од порано, а непосредно имало и влијание и на спогодувањето, спогодувањето за признавање на кривичното дело. Наместо да собираат и обезбедуваат докази во корст на своите клиенти, адвокатите се насочиле кон водење на преговори со обвинителите, односно кон склучување на спогодби. Како се зголемувал бројот на кривичните предмети така се давала и можност на судот преку спогодувањето да ги држи истите под контрола.

Успехот на спогодувањето во американското право се должи исто така и на драконските казни кои се предвидени во американското законодавство. Имено, во американското законодавство постои огромна разлика помеѓу минималната и

[12] https://chicagounbound.uchicago.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=2005&context=journal_articles, пристапено на 18.10.2024 год.

максималната можна казна, што претставува уште една многу критикувана област на американското правосудство. Поради тоа, кога обвинителот ќе направи упатување на понуда до обвинетиот за склучување на спогодба, најчесто казната е многу поповолна од онаа која може да се изрече во текот на редовната казнена постапка. Слободно може да се каже дека казната која се понудува од страна на обвинителот до таа мерка е привлечна во однос на горниот лимит на казната која е определена со закон, да истата претставува своевидна принуда за обвинетото лице. Врховиот суд на Соединетите Американски Држави заземал стојалиште дека не претставува нарушување на правичноста на постапката кога обвинителот ќе понуди казна затвор од пет години, во ситуација кога на обвинетиот му се заканува казна доживитен затвор.

Денес спогодувањето, односно спогодбата за признавање на кривичното дело во Соединетите Американски Држави може да се појави во повеќе форми. Пред се, може да се издвојат отворената и прикриената спогодба за признавање на кривичното дело. Затоа, во Федералните правила на кривичната постапка се појавуваат спогодба за обвиненијата и спогодба за кривичната санкција, додека пак во рамките на литратурата се споменуваат спогодба за сведочење, спогодба за фактите, збирна спогодба, групна и поединечна спогодба, како и обвинителна и судиска спогодба. Посебен вид, кој во најголемиот број на држави е забранет, претставува спогодбата за условното спогодување.

Одредбите на кривичната постапка со кои се регулира спогодбата за признавање на кривичното дело се наоѓаат во Федералните правила. Пред се, со помош на овие правила поставена е јасна разлика помеѓу спогодбата за признавање на кривичното дело, признавање на вината и nolo contendere. Во оваа смисла обвинетиот на прелиминарното сослушување може да се изјасни дека е виновен, дека не е виновен или пак може да даде изјава nolo contendere. Со согласност на судот обвинетиот може да влезе во процес на признавање на вина, со тоа што има право на жалба, но има и право да го повлече даденото признание. Пред да се прифати nolo contendere судот мора да ја сосуша и спротивната страна, но и да го согледа и јавниот интерес. Доколку обвинетиот не ја признае вината или не се појави на рочиштето за изјаснување за вината, судот смета дека обвинетиот се изјаснил дека не е виновен. Пред судот да го прифати признавањето на вина или nolo contendere обвинетиот мора да биде сосушан во судот. За време на сослушувањето судот мора да утврди дали обвинетиот во потполност ги разбира последиците од неговите изјави, како и правата и обврските кои

ги има по закон: правото државата да го гони кривично во случај на лажно признавање за извршување на кривично дело, како и секоја изјава која е дадена под заклетва, правото да се изјасни дека не е виновен или доколку веќе се изјаснил за виновен, да остане при своето признание, правото на поротно судење, правото да го застапува адвокат, фактот дека се одрекува од редовната судска постапка, правото да се соочува или вкрстено да ги испитува сведоците, да биде заштитен од самообвинување и сл.

2. Спогодување во Англија

Казнено процесниот систем на Англија ги поседува сите карактеристики и одлики на еден акузаторен систем, систем во кој непосредно се применува акузаторната казнена постапка. Акузаторноста на овој правен систем најдобро може да се согледа преку формализирањето на изјаснување за вина од страна на обвинетиот, изјаснување кое треба да биде разгледано од страна на судот. Институтот за спогодување во рамките на англиското законодавство е од формална природа. Имено, од страна на обвинетиот во постапката се очекува на еден формален начин да се изјасни за тоа дали е виновен или не. Изјаснувањето на обвинетиот за неговата вина или невиност се прави во корелација со веќе поднесеното обвинение од страна на обвинителството.[13]

Кога се зборува за институтот спогодување на англиско тло, треба да се потенцира фактот дека истиот најчесто во практиката може да се сретне под името договарање за вина. Овој назив "договарање за вина" не треба да не упати на заклучок дека во Англија спогодувањето се разликува од другите правни системи. Од практиката може да се дојде до заклучок дека сите оние лица кои се определиле да се изјаснат за виновни добиле многу поблаги казни, за разлика од оние лица кои се решиле својата вина да ја докажуваат во рамките на редовна судска постапка за исти или слични кривични дела. Во контекст на применувањето на институтот спогодување во Англија е и Законот за казнена правда од 2003 година. Имено во ова законско решение јасно се нагласува за обврската на судот да го земе во предвид фактот дека обвинетиот изразил подготвеност да ја признае својата вина, па поради тоа и треба да му се изрече помала казна.

[13] Sprack, John, A Practical Approach to Criminal Procedure, University of Oxford, 2011, 197 – 200.

Воведувањето на казнено правниот институт спогодување во Англија е резултат на повеќе причини. Па така со помош на истиот се обезбедува намалување на времето за кое се завршува една постапка, доаѓа до драстично намалување на трошоците кои се користат за водењето на редовната судска постапка, се избегнува непотребно водење на судски процеси, се создаваат услови за непосредна заштита на сведоците во постапката, како и жртвите во постапката и сл. Инситутот за договарање за вина во Англија се заснова на еден единствен концепт, на една единствена идеја. Основна идеја за применувањето на договарањето за вина е заложбата за намалување на казната на обвинетото лице. Оваа заложба за намалување на казната на обвинетото лице не треба да се сфати како штетно поведение во насока на спроведување на успешна борба со криминалитетот. Сите статистички податоци кои се однесуваат на договарањето за вина во англискиот правен систем се само потврда од неговата применливост во практиката. Се покажало дека голем број на кривични дела се решаваат токму со примена на казнено правниот институт договарање за вина.[14]

За да може да дојде до намалување на казната, мора да имаме признавање на вината од страна на обвинетиот во постапката. Согласно правилата обвинетиот има неколку алтернативи за признавање на вината. Првата алтернатива за признавање на вината му дава можност на обвинетото лице да се изјасни за виновно за сите кривични дела кои се дел од обвинението или пак да се изјасни за виновно само за дел од кривичните дела кои му се стават на товар во рамките на обвинението против него. Втората алтернатива на обвинетиот за признавање на вината е можноста за договорно изјаснување. Всушност во оваа ситуација се работи за признавање на вина врз основа на постигнат договор помеѓу обвинителот и обвинетиот. Како што може да се заклучи во оваа алтернатива потребно е да постои согласност на волјите на обвинителот и обвинетиот како би дошло до признавање на вина. Третата алтернатива за признавање на вината е насочена и се однесува за комлексните кривични дела, како што се измамите на пример. Кај овие комплексни кривични дела се очекува од странките во постапката заеднички да поднесат спогодби во врска со казната која би требало да им се изрече на обвинетите во постапката.[15]

[14] Mathias, Eric, The balance of powers between the police and the public prosecutor, European Criminal Procedures, 2002, 458 – 460.
[15] Bloom, Robert, Brodin, Mark, Examples & Explanation: Criminal Procedure Constitution & Police, Paperback, London, 2012, 224 – 240.

Постапката за договарање на вина за да биде спроведена правилно и да биде правична задолжително треба да се почитуваат правните акти кои непосредно се однесуваат на оваа материја. Така во оваа смисла сите субјекти кои учествуваат во постпката за договарање на вина, почнувајќи од обвинителот, обвинетиот, бранителот, мора да постапуваат во согласност со Упатствата кои се донесени од страна на Министерот за правда, да постапуваат во согласност со Кодексот кој се однесува на постапувањето на адвокатите, како и да постапуваат во согласност со насоките кои се утврдени од раководното лице во рамките на Јавното обвинителство. Договарањето за вина во англиското законодавство има точно определена цел. Целата на секое договарање за вина е обид да се направи стеснување на проблемите во конкретниот случај кој е предмет на договарање, како би можело да се создадат услови кои ќе овозможат постигнување на правичен исход во постапката. Се очекува на овој начин постапката да се заврши многу порано и побрзо, односно да се постигне поголема ефикасност и ефективност. Постапката за договарање за вина неизбежно во себе ја вклучува и можноста да се постигне договор на релација јавно обвинителство и обвинет околу вината на обвинетиот.

Спогодувањето, односно договарањето за вина, по правило започнува од страна на обвинетото лице, кое својата желба за договарање за вина му ја изразува на адвокатот. Адвокатот треба да се грижи за правата на обвинетото лице, на начин што ќе го посоветува и поучи за правилата на постапката за договарање на вина, како и на правните последици кои произлегуваат од договарањето за вина. Потребно е постоење на писмена согласност од страна на лицето како би можело да се пристапи кон процес на договарање за вина. Адвокатот отткако ќе ја обезбеди оваа писмена согласност почнува да постапува во насока за утврдување на фактот дали навистина постои извршување на кривично дело од страна на неговиот клиент. Потврдата на постоењето на кривично дело е основа за преговарање со јавниот обвинител во поглед на договарањето за вина во конкретната ситуација. Во процесот на договарање на вина своја улога има и јавниот обвинител. Конкретно јавниот обвинител има обврска да му укаже на судијата на минималната и максималната казна која може да му се изрече на обвинетиот, а особено да му укаже на тоа дека казната која ќе се изрече не смее да биде преиска.

Обвинетиот, од една страна може да признае вина за сите точки од обвинението или да се изјасни за виновен само за дел од нив. Признавањето на вина само за некои точки

од обвинението може да повлече определени последици во правец на нејзино ублажување, бидејќи постои можност точките од обвинението за кои се признава вина да претставуваат помалку сериозен облик на кривично дело. Од друга страна јавните обвинители, не прифаќаат признавање на вина доколку сметаат дека судот може да донесе одлука која одговара на тежината на извршеното кривично дело во оние случаи во кои постојат особено отежнувачки околности. Јавните обвинители многу често не прифаќаат признание за вина најчесто поради тоа што признавањето е еден од начините за брзо завршување на постапката. Кога обвинетиот ќе понуди признание за вина, јавниот обвинител анализа дали прифаќањето на признанието за вина е целисходно, при што задолжително мора во предвид да го има јавниот интерес, како и интересот на оштетениот со кривичното дело. Конечната одлука за тоа дали даденото призание за вина е правно издржано и валидно се наоѓа во рацете на јавниот обвинител. Како би можел правилно да одлучи јавниот обвинител има право да се констрултира со семејството на оштетениот која треба да биде информиран за сите дејствија во врска со судењето. На основа на сите факти, информации и податоци кои ќе ги обезбеди јавниот обвинител ќе донесе одлука со која го прифаќа или го одбива даденото призание за вина.

Во позитивното право на Англија постојат три видови на спогодби за признавње на вина, и тоа: спогодба за обвинението, спогодба за санкцијата и спогодба за соработка. Спогодбата за обвинението се огледа во намлувањето на бројот на обвиненија во замена за признавањето на вина, но треба да се има во предвид фактот дека во суштина тоа се идни обвиненија против сегашниот обвинет. Имено, полицијата може да го обвини обвинетиот и за одредени кривични дела за кои само се сомнева дека ги извршил обвинетиот, па доколку обвинетиот признае вина и за тие кривични дела, истиот се обезбедува во иднина обвинителот дополнително да не го обвини за извршување на тие кривични дела. Спогодбата за санкцијата се исцрпува преку фактот дека од страна на јавниот обвинител на обвинетото лице му се нуди одредена кривична санкција. Последниот вид на спогодба, или спогодбата за соработка во англиското право е воведена во текот на 2005 година. Имено, уште во текот на 1975 година Апелациониот суд заземал став дека е дозволено да се даде потполн имунитет од кривично гонење на обвинетиот кој ќе обезбеди докази или друг вид на помош против други лица, при што овие докази или помош имаат суштинско значење за казнената

постапка. Овој вид на имунитет може да се обезбеди единствено од страна на Директорот на обвинителството.[16]

Спогодување, договарањето за вина како што можеше да се види наоѓа голема применливост во рамките на англискиот правен систем. Постојат низа придобивки од примената на овој казнено процесен институт во англиското казнено право. Па така со негова помош се обезбедува економичност на постапката, ефикасност на постапката, се намалува времето на решавање на конкретен кривичен предмет, се растеретува судот од водење на редовна судска постапка, доаѓа до намалување на трошоците кои инаку би се појавиле доколку се водело редовна судска постапка, се обезбедува ефективно судење и сл. Слободно може да се потенцира дека преку институтот на договарање за вина всушност се обезбедува едно рационализирање на казнената постапка во Англија.

[16] Zander, Michael, Cases and Materials the English Legal System, Cambridge University Press, 2012, 336.

Глава 4 Спогодување во земјите од европско – континенталниот правен систем

1. Спогодување во Италија

Основен законски текст со кој се уредува спогодувањето во Италија е Законот за кривична постапка кој е донесен во текот на 1988 година. Во историска смисла оваа година е значајна за правосудниот систем на Италија од причина што за првпат се воведува казнено правниот институт спогодување во италијанското законодавство. Донесувањето на овој закон во Италија, своевремено предизвикал големи полемики и дискусии помеѓу стручната јавност во државата. Најголем дел од стручњаците истакнуваат дека се работи за такво законско решение кое ќе овозможи револуционерни промени во рамките на казнената постапка во Италија. Законот за кривична постапка од 1988 година овозможува напуштање на еден дотогашен концепт на казнена постапка и воведување на сосема нов концепт на казнена постапка. Основната идеја и цел на законското решение е напуштање на истражниот судија со сите негови надлежности кои ги имал според старото законско решение и прифаќање на акузаторен тип на постапката во италијанското законодавство.[17] Постојат неколку причини кои се суштински за пристапување кон едно вакво реформирање на концептот на казнена постапка во Италија. Во оваа смисла потребно е да се истакнат следните причини и тоа: обезбедување на што поголема ефикасност на судскиот систем во државата, истакнување и промовирање на постулатите на демократијата во италијанското општество преку воведувањето на акузаторниот тип на казнена постапка, создавање на систем на казнена правда кој според сите свои елементи може да се окарактеризира како ефикасен и ефективен, растеретување на судовите кои до донесувањето на Законот за кривична постапка во 1988 година и воведувањето на институтот на спогодување имале премногу нерешени кривични предмети.

Институтот за спогодување во Италија има свои одлики и карактеристики преку кои се определува неговата суштина во рамките на правосудниот систем на земјата. Доколку се обидеме да лоцираме во кој дел од постапката се практикува спогодувањето во Италија може да се дојде до заклучок дека истото се одвива во рамките на прелиминарната расправа. Ова значи дека за да може да се дојде до процес на спогодување во претходна фаза задолжително мора да бидат исполнети неколку услови.

[17] Pavisic, Berislav, Talijanski kazneni postupak, Pravni fakultet Sveuciliste u Rijeci, 2002, 19 – 20.

Потребно е странките кои учествуваат во рамките на спогодувањето, пред се обвинетото лице и неговиот бранител да бидат целосно информирани за сите околности и факти на случајот како би можеле да донесат разумна одлука во смисла на учество, односно неучество во спогодување. Во овој дел од постапката на обвинетото лице и на бранителот задолжително мора да му се презентираат сите наоди од истрагата, како и да му се презентираат фактите, аргументите и ставовите на обвинителството. Оваа целосна инфомрираност на обвинетото лице и на неговиот бранител е услов без кој не може да постои спогодување во италијанското законодавство.

Во Законот за кривична постапка на Италија од 1988 година за поимот на спогодување се користи терминот "patteggiamento". Преводот на овој италијански термин во буквална смисла би означувал договарање, со што се имплицира на договарањето за вина кое се постигнува помеѓу странките во постапката за спогодување, помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, односно неговиот бранител. Постои една специфика на спогодување во Италија од аспект на законското ограничување на примената на овој институт. Основен критериум кој се користи за ограничувањето, односно неограничувањето на примената на овој институт во практиката е запретената казна која може да му се изрече на сторителот на кривичното дело кој треба да учествува во рамките на постапката за спогодување. Во оваа смисла треба да се потенцира дека италијанскиот законодавец пропишал дека спогодувањето не е применливо за сторители на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор во траење од пет или повеќе години. Исто така во самото законско решение постојат наведени неколку кривични дела за кои во целост се исклучува спогодувањето. Така во оваа смисла во никој случај не може да стане збор за примена на спогодување за кривични дела кои се со елементи на педофилија, кривични дела кои подразбираат преземање на дејствија на сексуално вознемирување, професионални кривични дела, како и кривични дела кои се извршени од страна на лица кои се повторници.[18]

Преговарањето помеѓу странките во постапката е задолжителен тек од процесот на спогодување, односно пред спогодбата да биде доставена до судот од страна на јавниот обвинител и од страна на обвинетиот се очекува да се водат преговори во смисла на

[18] Perrodet, Antoinette, The Italian system, European Ciminal Procedures (ed. Delmas-Marty/Spencer), Cambridge University Press, 2002, 345 – 349.

постигнувањето на договор за вина во конкретниот случај. Како процесни субјекти кои учествуваат во рамките на постапката за спогодување се јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител. Процесот на преговарање помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, односно неговиот бранител може да се одвива и текот на прелиминарната расправа на која присуствува директно судијата, но треба да се напомене дека овој процес на преговарање може да се одвива и без присуство на судијата. Уредно даденото полномошно од страна на обвинетиот во постапката на неговиот бранител, го ослободува обвинетото лице од обврската за негово присуство во текот на преговорите за договарање за вина. Се претпоставува дека адвокатот кој има полномошно на најдобар можен начин ќе ги остварува интересите на својот клиент, па токму затоа предвидена е и можност за неприсуство на обвинетиот во текот на постапката за преговарање за вина. Постигната согласност на релација јавен обвинител и обвинет, односно бранител во постапката го означува оној момент кога спогодбата треба да биде доставена до надлежниот судија за нејзино оцнеување.

По приемот на спогодбата судијата кој има надлежност да поставува посебно се задржува на утврдување на неколку околности кои директно влијаат на понатамошниот тек на процесот на спогодување. Така во оваа смисла судијата треба да утврди дали дејствието кое е извршено од страна на лицето е навистина кривично дело, во спротивно не би можело да се води процес за спогодување во ситуација кога нема постоење на извршено кривично дело во конкретна ситуација. Во овој дел на постапката исто така судијата испитува и за тоа дали постојат некои факти и докази кои упатуваат на заклучок дека обвинетото лице е невино, односно дека истото не е кривично одговорно. Судијата по службена должност ја испитува и застареноста на кривичното гонење, односно утврдува дали во конкретниот случај може да се примени институтот на застареност. Судијата исто така внимателно го анализира случајот за да утврди дали постои некоја друга законска пречка за кривично гонење, односно дали постои законска основа според која обвинетото лице во постапката задолжително треба да биде ослободено од обвиненијата кои му се стават на товар. Утврдувањето на сите овие работи и околности од страна на судијата се неопходни како би можел судијата за заземе став и да донесе одлука дека процесот на спогодување помеѓу странките е воден на законски пропишан начин, односно дека се почитувани принципите кои се однесуваат на спогодувањето во италијанското казнено процесно законодавство.

Судијата кој постапува има широки овластувања во смисла на ценењето на содржината на предлог спогодбата за признавање на вина. Така во оваа смисла судијата нема никаква законска обврска да направи прифаќање на онаа казна која е утврдена во спогодбата, односно да направи прифаќање на казна која е договорена во текот на преговарање помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, односно неговиот бранител. Според свои лични убедувања и согледувања судијата може да направи отфрлање на предложената казна која е составен дел на предлог спогодбата за признавање на вина. Најчесто ова е случај кога јавниот обвинител и обвинетиот, односно неговиот бранител договориле прениска казна во однос на конкретното кривично дело. Во овој дел треба да се напомене дека судијата нема можност и надлежност да направи изменување на предложената казна, неговата надлежност се исцрпува во делот на отфрлањето на веќе предложената казна во рамките на предлог спогодбата за признавање на вина. Неисполнетоста на условите за спогодување е доволна основа судијата да донесе одлука со која се одбива предлогот за спогодување, при што на странките ги упатува во редовна судска постапка. Во овој период од упатувањето на странките во редовна судска постапка и започнувањето на судењето предвидена е една можност за јавниот обвинител и обвинетото лице, а тоа е дека тие повторно спогодбено може да изјават дека се согласни предметот да го решаваат преку процес на спогодување, односно договарање за вината.

Прифаќањето на предлог спогодбата од страна на судијата истиот го обврзува да донесе одлука, односно да донесе пресуда во конкретниот случај. Па така пресудата со која се усвојува барањето за спогодување помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, се изработува како и секоја друга пресуда. Имено, иако оваа пресуда е донесена врз основа на спогодба за признавање на вина, истата задолжително мора да биде образложена. Во оваа насока се и одредбите од Уставот на Италија, во кој јасно се наглсува потребата, односно јасно се наглсува задолжителноста за образложување на судските пресуди кои се донесени од страна на судовите во земјата. Жалбата против пресудата која се донесува врз основа на спогодба за признавање на вина начелно е исклучено. Сепак треба да се истакне дека јавниот обвинител сепак има право на жалба во некои ситуации. Па така во оваа смисла јавниот обвинител има право да изјави жалба на пресудата која е донесена врз основа на спогодување, во онаа ситуација кога јавниот обвинител во текот на постапката јасно се спротивставил на барањата и ставовите на обвинетото лице во врска со спогодувањето, а во крајна инстанца тоа спротивставување

не вродило со плод. Основната замисла при донесувањето на Законот за кривична постапка на Италија од 1988 година на законодавецот е добивање на еден систем на казнена правда кој ќе биде поефикасен и поефективен за разлика од порано. Воведувањето на институтот спогодување, односно договарање за вина требало да придонесе за растеретување на италијанските судови од големиот број на кривични предмети. Сепак во практиката се покажало дека постои определен отпор за применувањето на оваа консензуална правда во италијанското законодавство.

2. Спогодување во Германија

Казнено процесниот систем на Германија покажува една разноликост во смисла на одобрување, односно неодобрувањето на спогодување. Па така во стручната литература во Германија, од една страна, земјата долги години била позната како земја во која спогодувањето воопшто не е потребно, од причина што своевремено токму Германија имала низа предности пред американскиот правен систем во поглед на решавањето на кривичните предмети, додека пак од друга страна денес германското законодавство не може да се замисли без постоење на формалната спогодба за признавање за вина.[19] Ако се компарира казнената постапка на Германија со казнените постапки на останатите европски држави во делот на спогодувањето ќе може да се дојде до заклучок дека сите останати многу порано се одлучиле за имплементирање на овој казнено процесен институт во рамките на своите национални правни системи. Сепак, не треба да се заборави фактот кој многу допринел за зголемена ефикасност на казнената постапка во Германија, а тоа е дека бројот на извршени кривични дела во оваа држава бил многу помал за разлика од другите држави. Токму затоа се сметало дека на Германија не и се потребни никакви скратени казнени постапки, вклучително и постапка за спогодување.

Денес, како што веќе потенцираме состојбите во германското законодавство се сосема поинакви. Па така од анализата на казнено процесното законодавство може да се заклучи дека во германското законодавство постојат неколку казнено процесни институти кои имаат за цел забрзување на казнената постапка. Овие казнено процесни

[19] Meyer-Großner, Schmitt, Gesetzliche Regelung der "Absprachen im Strafverfahren"?, Zeitschrift für Rechtspolitik, 2004, 187.

институти се воведени се со цел да создадат услови да се постигне поедноставување на казнената постапка, како и да се постигне нејзино рационализирање. Воведувањето на сите овие институти за забрзување на казнената постапка во Германија се поврзуваат со едно начело, а тоа е начелото преку кое треба да се обезбеди забрзување на постапувањето, забрзување на постапката. Во смисла на институти кои се предвидени во германското законодавство за забрзување на казнената постапка може да се издвојат следните и тоа: постапката со која се издава казнена наредба, забрзана постапка, како и постапка за неформално спогодување. За нас од непосреден интерес е спогодувањето како институт со кој се обезбедува забрзување на казнената постапка во Германија.[20]

Во германското казнено процесно законодавство неформалното спогодување се среќава под поимот "informalle absprachen". Ако се обидеме да ја определиме суштината на овој казнено процесен институт може да се дојде до заклучок дека истиот треба да обезбеди спогодување помеѓу странките во постапката. Овој вид на спогодување се одвива по започувањето на главниот претрес за конкретното кривично дело. Спогодувањето претпоставува водење на преговори помеѓу странките во постапката во насока на постигнување на договор кој се однесува на видот на санкцијата која треба да му се изрече на обвинетото лице, како и висината на санкцијата во конкретниот случај. Субјекти кои учествуваат во спогодувањето во германското законодавство, како и кај останатите законодавства кои без разгледувани се јавниот обвинител, обвинетото лице, неговиот бранител. Исто така и судијата кој постапува во конкретниот предмет има своја значајна улога во успешното спроведување на постапката за спогодување.

Кога се зборува за спогодувањето во Германија треба да се истакне дека токму практиката има голема улога во целосното оформување на инситутот спогодување, за разлика од другите држави во кои имаме законски прописи со кои се воведува и се регулира спогодувањето. Сојузниот уставен суд и Вишиот апелационен суд сакајќи да ги разрешат дилемите кои постојат во однос на спогдувањето во Германија, донесуваат начелни правни мислења и ставови преку кои се прави дообјаснување на спогодувањето, од аспект на неговата целесообразност во германското правосудство.

[20] Rodolphe Juy - Birman, "The German system", во European Criminal Procedures, (eds. M.Delmas-Marty / J.R. Spencer), Cambridge University Press, 2002, 315-319.

Практиката всушност ги утврдува и правилата и принципите кои се однесуваат на спогодувањето. Практиката јасно утврдила дека спогодувањето во никој случај не може да се спроведува и применува за видот на кривичното дело, односно за правната квалификација на кривичното дело. Јасно се нагласува забраната за искористување на институтот за спогодување како обвинетиот би го изиграл системот добивајќи пониска кривична санкција. Успешното спогодување претпоставува и активна вклученост во самиот процес на сите засегнати странки. Не постои можност за непартиципирање во процесот на спогодување, а притоа да може да се користат бенефитите од истиот. Спогдувањето претпоставува водење на преговори помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот и неговиот бранител. Постигнатата спогодба помеѓу засегнатите страни во постапката треба да биде констатирана на записник на јасен и прецизен начин. Јасноста и прецизноста на спогодбата е од посебно значење за следната фаза од постапката, односно за презентирањето на истата пред судијата. Санкцијата која се предлага во предлог спогодбата за признавање на вина мора да соодветствува на тежината на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетото лице. Треба да се потенцира и фактот дека за учество во постапката на спогодување потребна е и согласност од страна на обвинетиот во постапката. Не може да се води постапка за спогодување во ситуација кога постои изречно спротивставување од страна на обвинетото лице за водењето на ваков тип на постапка. Ова упатува на заклучок дека спогодувањето не може да се прави со користење на различни методи на присилба на обвинетото лице, како истото би се вклучило во процес на спогодување.

Како што потенцираме и судијата има посебна улога во применувањето на неформалното спогодување во Германија. Од него се очекува активна улога и партиципативност во целиот процес на спогодување кој се води помеѓу засегнатите странки во постапката. Учеството на судијата во постапката за спогодување претставува своевидна гаранција за почитување на положбата на обвинетото лице во постапката, односно гаранција за правата на обвинетиот во постапката. Судијата е гарант дека на обвинетиот ќе му се изрече соодветна кривична санкција, без притоа да биде изигран јавниот интерес, односно ќе му се изрече кривична санкција на сторителот без да му се нанесе некава штета. Некои автори истакнуваат дека учеството на судијата во постапката за неформално спогодување во германското законодавство е суштински услов на самата постапка. Преку неговото учество во постапката за спогодување се отфрлаат сите можности кои може да доведат до злоупотребување на

институтот за спогодување. Злоупотребата на спогодувањето како што може да биде направено од страна на јавното обвинителство, така може да биде направено и од страна на обвинетиот, односно неговиот бранител. Токму затоа посебна улога во овој дел има судијата кој треба од една страна да обезбеди почитување на принципите на постапката за спогодување и од друга страна да обезбеди остварување на јавниот, односно општиот интерес.[21]

Учеството на судијата во постапката за неформално спогодување има улога и во утврдувањето на материјалната вистина. Од посебна важност е улогата на судијата во однос на ценење на признанието кое е дадено од страна на обвинетото лице. Така во оваа смисла додека во текот на траењето на главниот претрес дојде до признание на вина кое е дадено од страна на обвинетото лице, а истовремено постои и барање кое се однесува на спогодување за кривичната санкција, пресудата во таа ситуација се донесува единствено на оние докази во постапката кои биле презентирани до тој временски период, до давањето на признанието за вина. Ова упатува на заклучок дека судијата кој постапува во конкретниот предмет нема да има понатамошна обврска за утврдување на материјалната вистина, за него е доволно единствено признанието за вина. Признанието за вина, заедно со подготвеноста на обвинетото лице за спогодување на видот и висината на кривичната санкција се доволна основа за завршување на спорот. Даденото признание на вина од страна на обвинетото лице, води и кон негово полесно казнување. Ако се има во предвид ова тврдење за полесно казнување на обвинетиот, тогаш јасна станува неговата мотивираност да ја признае вината. Признавањето на вината исто така придонесува и за побрзо завршување на постапката, односно обвинетото лице се ослободува од сите оние непријатности кои може да се случат во текот на редовната судска постапка, а секако се спасува од непотребното одолговлекување на постапката. Судијата во постапката исто така има надлежност и за утврдување на горната граница на казната која може да му се изрече на обвинетото лице и тоа пред да биде дадено признанието за вина од страна на обвинетиот. Доколку се обидеме да определиме во која фаза од постапката се спроведува ова неформално спогодување во Германија, може да се дојде до заклучок дека истото се практикува во текот на траењето на главниот претрес. Ако се направи длабинска анализа на

[21] Hans-Jörg, Albrecht, Criminal Prosecution: Developments, Trends and Open Questions in the Federal Republic of Germany, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3, 2000, 250-253.

применливоста на овој институт во германското законодавство ќе се дојде до заклучок дека истиот се практикува пред почетокот на доказната постапка. Иако не постои конкретно законско решение во однос на спогодувањето во Германија, треба да се потенцира дека практиката на постапување извршила големо влијание во насока на прифаќање и применување на овој казнено процесен институт во рамките на германското правосудство. Ако се обидеме да ја побараме причината за непостоењето на законска рамка за спогодувањето во Германија истата треба да ја лоцираме во постоењето на уставниот принцип за легалитетот на кривичното гонење, односно недопуштањето на договарање за признавање на вина со обвинетото лице, како принцип кој се провлекувал уште од Законот за кривична постапка од 1877 година на Германија. Сепак во 1975 година законодавецот дава дискрециони овластувања на јавниот обвинител за неговата одлука за поставување, односно непоставување во конкретна ситуација.

3. Спогодување во Франција

Судскиот систем на Франција е традиционален систем кој организациски е поставен и претставен преку постоењето на касациони судови, апелациони судови, поротни судови, како и два вида на посебни судови кои се од првостепена надлежност. Првостепените судови всушност се судовите кои постапуваат како судови со основна надлежност и судови кои постапуваат со проширена надлежност. Судовите кои имаат проширена надлежност постапуваат по престапи и во некои ситуации како полициски судови. Основниот критериум кој е искористен за поделбата на судовите во француското законодавство е тежината на кривичното дело кое е извршено, односно последиците кои настануваат како резултат на истото. Најлесните кривични дела кои се извршени во Франција се решаваат од страна на полициските судови. Овие лесни кривични дела се нарекуваат истапи. Судовите за престапи се надлежни за решавање на

престапите како потежок облик на неправо. И сосема на крај поротните судови имаат надлежност да ги решаваат најтешките кривични дела.[22]

Во рамките на традиционалното и конзервативно казнено процесно законодавство имплементацијата на спогодувањето била проследена со бројни полемики, дискусии и несогласувања, што упатува на заклучок дека се работи за еден комплексен процес. Уште во текот на 1990 година во државата се предлага поедноставување на предметите во казнената постапка, посебно во оние предмети во кои обвинетиот свесно ја признава вината. Овие заложби во 90-те години на минатиот век не вродуваат со плод, од проста причина што идејата за поедноставување на постапката во француското законодавство наидува на големо неодобрување и одбивање.

Меѓутоа, постепено во согласност со европските тенденции за поедноставување на казнената постапка, почнуваат да се воведуваат поединечни форми на забрзано и олеснето постапување во рамките на казнената постапка, особено за полесни кривични дела. Првиот конечен исчекор во овој правен процес е направен во текот на 1999 година кога во кривичното законодавство се воведени две постапки, кои имале за цел да извршат забрзување на казнената постапка и растеретување на судовите од големиот број на кривични предмети. Меѓутоа, неуспехот за нивното практично имплементирање резултирал со воведување на спогодбата за признавање на вина, која е конечно имплементирана во француското законодавство во текот на 2004 година.

Спогодувањето кое се воведува во Франција во 2004 година уште е познато како “comparution sur reconnaissance de culpabilite” или уште се нарекува и “plaider coupable”. Воведувањето на спогодувањето во Франција има точно определена цел. Суштината на овој казнено процесен институт му овозможува на обвинетото лице да ја признае вината во претходната постапка пред обвинителот. Признанието на вина од страна на обвинетото лице резултира и со поблага санкција која се утврдува од страна на јавниот обвинител и како таква му се предлага на судијата кој е надлежен да постапува. Судот кој ја изрекува пресудата врз основа на ваков предлог од јавниот обвинител ја заснова само на презентираните докази, па следствено на тоа се води еден скратен главен претрес.

[22] Dervieux, Valèrie, The French system, во European Criminal Procedures, (eds. M.Delmas-Marty / J.R. Spencer), Cambridge University Press, 2002, 205.

Спогодувањето како казнено процесен институт во Франција не може да се примени за сите кривични дела, односно постојат неколку кривични дела кои според последиците што ги предизвикуваат ја исклучуваат применливоста на казнено процесниот институт спогодување. Па така во оваа смисла не може да се води спогодување за политичките кривични дела, за кривичните дела кои се насочени кон медиумите, односно кривичните дела кои се насочени кон печатот, кривичното дело убиство кое е сторено од невнимание, како и кривичните дела за кои со законски прописи се предвидени посебни методи и начини на обвинување.

Општ услов за применливост на казнено процесниот институт спогодување е возраста на сторителот на кривичното дело. Така за да може да стане збор за спогодување потребно е сторителот на кривичното дело да биде полнолетен. Ова упатува на заклучок дека малолетните сторители на кривични дела, односно децата се исклучени од системот на консензуална правда и истите не можат да го користат спогодувањето како начин на решавање на кривичните предмети. Исто така постои и законско ограничување за примена на спогодувањето од аспект на казната која може да му се изрече на сторителот на кривичното дело. Така спогодувањето во Франција е можно да се спроведе за сторителот кој извршил кривично дело за кое е предвидена казна затвор до пет години или е предвидена парична казна. Се работи за кривични дела за кои исклучива надлежност има судот за престапи, во смисла на организациската поставеност на судството во Франција.[23]

Постигнатиот договор за видот и висината на казната значи и дека е постигнато компромисно решение, што имплицира на следна фаза, а тоа е испраќање на предлог спогодбата за признавање на вина до судот. Судот по примањето на предлог спогодбата му остава законски рок на обвинетото лице да се изјасни дали ја прифаќа предлог спогодбата со конкретна содржина. Прифатената предлог спогодба од страна на обвинетиот во постапката го означува и оној момент во кој треба да се преземат сите понатамошни активности од страна на судијата за конечно завршување на кривичниот предмет. Спогодувањето согласно француското законодавство предвидува и постоење на согласност од страна на обвинетиот. Доколку судијата утврди дека оваа согласност не е дадена од страна на обвинетото лице, односно дека истата не постои, тогаш

[23] Verrest, Pieter, The French Public Prosecution Service, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3, 2000, 223.

предметот го насочува на решавање во рамките на редовната судска постапка. Одбраната во постапката за спогодување има задолжителен карактер, односно од самиот почеток на постапката обвинетото лице задолжително треба да има бранител. Инсистирањето на задолжителност на бранител во постапката за спогодување се оправдува преку фактот дека обвинетиот е лаик во правото, па задолжителното присуство на бранител треба да биде гаранција за почитувањето на правата и слободите на обвинетото лице. Правото на бранител во постапката за спогодување на обвинетиот му овозможува сите понатамошни чекори и дејствија во постапката да ги прави во консултација со својот адвокат, а без присуство на јавниот обвинител.

Доставувањето на предлог кој е склучен помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот до судијата го означува и моментот кога судијата треба да закаже главен претрес. На овој главен претрес судијата всушност треба да пристапи кон оценување и анализирање на даденото признание од страна на обвинетото лице. Судијата во овој дел на постапката има свои обврски и кон оштетениот со кривичното дело, како и обврска кон жртвата на кривичното дело. Имено, судијата задолжително треба да ги извести и оштетениот и жртвата за содржината на предлогот за спогодување кој е доставен до судот за понатамошно постапување. Судијата врз основа на слободното судиско уверување, врши самостојно оценување на поднесениот предлог за признавање на вина. Па така како одлуки кои може да ги донесе судијата е поднесениот предлог за спогодување да го прифати или пак поднесениот предлог за спогодување да го отфрли. Прифаќањето на поднесениот предлог за спогодување всушност означува дека во овој момент завршува постапката по однос на конкретниот кривичен предмет. Од друга страна пак доколку судијата не го прифати предлогот за спогодување, сите списи на предметот се доставуваат до судот како би можело да се спроведе редовна судска постапка. Тука треба да се напомене дека сите докази кои биле презентирани во текот на претходната постапка нема да се презентираат и нема да се применуваат во рамките на редовната казнена постапка.

Судијата исто така кога ја добива спогодбата за признавање на вина задолжително треба да провери и да се увери дали таа спогодба е нрпавена слободно, дали истата е изрична и дали истата е јасна. Конкретно судијата треба да утврди дали обвинетото лице ја признало вината во присуство на својот бранител во постапката и дали казната која е составен дел на спогодбата за признавање на вина соодвествува на тежината на кривичното дело кое е извршено. Треба да се напомене дека донесената пресуда од

страна на судијата има осудувачко дејствие. Имено, за првпат во француското законодавство, одлуката која е донесена преку некоја од преговарачките постапки има за последица обвинетото лице да се смета за осудено лице. Судот не мже да учествува во преговорите за признавање на вина, но тој има улога на гарант на законитоста на самата постапка и секогаш одлуката која е донесена од страна на судот се респектира. Во практиката, судијата кој ја води конкретната постапка, на барање на одбраната може да го даде своето видување за предметот и казната која треба да му се изрече на обвинетото лице. Во овој случај кога судијата го изнел својот став за конкретното кривично дело и за казната, тогаш обвинетото лице и бранителот треба да ја прифатат токму оваа казна која е посочена од страна на судијата. Во овој дел исто така треба да се спомене и дека полицијата многу ретко учествува во текот на преговорите за признавање на вина и нивната задача се огледува во тоа истите да соберат докази со кои се потврдува, односно се докажува конкретниот казнено правен настан.

За да може постапката за спогодување успешно да се заврши пред судот, неопходно е судот да направи верификување на поднесената предлог спогодба за признавање на вина, односно судот е потребно да направи одобрување на поднесената предлог спогодба. Верификувањето, односно одобрувањето на предлог спогодбата за признавање на вина во француското законодавство се нарекува хомологација. Хомологацијата всушност е судска потврда на одредени акти. Со хомологацијата на овие акти им се дава и елемент на извршност. Во оваа фаза судот ги проверува фактите и правната квалификација, а исто така прави и сослушување на обвинетото лице и неговиот адвокат.

4. Спогодување во Русија

Реформирањето на казнената постапка на Русија овозможува и воведување на институтот спогодување. Оваа голема реформа на казнената постапка во Русија е направена во текот на 1993 година кога е донесен новиот Устав на Руската федерација. Реформата претставувала своевидна револуција во тогашното руско законодавство, при што се воведени голем број на новини кои се сметале за примарни катализатори на демократијата и хуманизацијата на руското кривично правосудство. Како и многу други држави и Русија се соочила со проблемот на општиот пораст на криминалитет, како на

обичниот, така и на организираниот, кој се прилагодил на новата општествена стварност, при што било неопходно да се пристапи кон законски измени, како во рамките на казненото материјално законодавство, така и во рамките на казнено процесното законодавство. Како најголема промена се истакнува преминот од инквизиторна постапка кон акузаторна постапка и враќањето на поротното судење. Основната цел на реформата која се спроведувала била враќање на довербата во правосудниот систем на земјата, која тогаш била драстично намалена.[24]

Како што веќе потенцираме во текот на 1993 година и во текот на 1994 година поставени се темелите на револуционерните промени во рамките на судскиот правосуден систем. Имено, во оваа реформа поротата, која постоела и некогаш во руското казнено право, заедно со спогодбата за признавање на вина, стануваат едни од главните карактеристики на акузаторниот систем во Русија. Проучувајќи го американскиот процесен систем, рускиот законодавец увидел дека единствен начин на кој може да има соодветен поротен систем, а истовремено да го намали и бројот на судење, е да развие систем на признавање на вина. Со оглед на фактот дека Италија е прва држава во Европа која го востановила преговарањето за вина по примерот на американското законодавство, во Русија е прифатен обликот за преговарање на вина по пример на италијанскиот patteggiamento. Ослонувајќи се на италијанскиот пример, рускиот законодавец пропишал опсег на примена на спогодувањето единствено за сторители на кривични дела на кои може да им се изрече казна затвор до три години. Ова законско ограничување за примена на спогодувањето е проширено во текот на 2003 година, кога рускиот законодавец утврдува дека спогодувањето може да се применува за сторители за кривични дела на кои може да им се изрече казна затвор до десет години. Денес, ако се анализираат законските решенија во поглед на применливоста на спогодувањето во Русија може да се дојде до заклучок дека овој институт има своја прменливост кај сите кривични дела без исклучок, дури и за најтешките кривични дела. Сепак примената на спогодувањето кај овие тешки кривични дела директно е условена со кооперација на обвинетото лице со јавниот обвинител.

Суштината и целта на спогодбата за признавање на вина во руското законодавство најдобро може да се согледа преку анализа на одредбите од Законот за кривична постапка на Русија кои се однесуваат на оваа постапка. Спогодувањето за признвање на

[24] Thaman, Stephen The Nullification of the Russian Jury: Lessons for Jury-Inspired Reform in Eurasia and Beyond, Cornell International Law Journal, vol. 40, 2007, 359.

вина во Русија може да се дефинира како признвање на вина од страна на обвинетото лице, признавање кое е прифатено од страна на судот, обвинителот и оштетениот со кривичното дело. Признанието за вината се дава за кривично дело за кое може да се изрече казна затвор, при што на обвинетото лице ќе му биде изречена казна затвор која ќе биде намалена за две или една третина од онаа која е предвидена со законот. Во согласност со оваа постапка, судот ќе го прифати даденото признание за вина доколку се исполнети два основни услови и тоа:

1) Обвинетото лице да е потполно свесно за последиците кои настануваат како резултат на деденото признание за вина, како и да е свесно за својата вина за конкретното кривично дело,
2) Признанието за вина обвинетото лице да го дало доброволно, после направени консултации со својот бранител во постапката.

Доколку судот го прифати признанието на вина, на обвинетото лице не може да му изрече казна која ќе преминува од две третини од казната која е предвидена за конкретното кривично дело во рамките на Кривичниот законик на земјата. Доколку судот утврди дека не е исполнет некој од двата суштински услови за спогодување, во таква ситуација предлогот го одбива, и предметот се насочува во редовна судска постапка. Исто така доколку јавниот обвинител или оштетениот одбијат да дадат согласност на признанието за вина и за завршување на постапката на овој начин, судот нема да може да го прифати даденото признание за вина, па предметот ќе мора да се реши во рамките на редовната судска постапка.

Спроведувањето на постапката за спогодување претпоставува и задолжително присуство на бранител на обвинетиот. Се смета дека бранителот во рамките на постапката за спогодување е едно од задолжителните субјекти на самата постапка. Бранителот кој има задолжителна улога во постапката за спогодување може да биде определен од страна на самиот обвинет во постапката или пак може да биде доделен по службена должност од страна на судот кога се исполнети условите за такво доделување на бранител. Имено, брнаителот на обвинетото лице има право да бара да се склучи спогодување од моментот кога ќе се запознае со сите списи на предметот и во текот на прелиминарното сослушување на обвинетото лице. Исто така, на рочиштето на кое судот треба да одлучи за барањето за признавање на вина неопходно е присуството на бранителот во постапката. Неговото барање ќе биде доставено до јавниот обвинител кој

врз основа на околностите на случајот ќе направи негово прифаќање или негово одбивање. Признавањето на вина не го ослободува обвинетото лице од судење, туку рочиштето задолжително мора да се одржи, но во случај на позитивен исход ќе биде многу пократко.

На рочиштето на кое обвинетиот ја дава изјавата за признавање на вина, судијата кој ја води постапката мора да утврди дали обвинетиот ги разбира обвиненијата кои му се стават на товар со обвинението против него. Имено судијата во оваа фаза на постапката мора да утврди дали обвинетото лице се согласува со обвинението против него, дали и понатаму останува на својата изјава дека сака да даде признаие за вина за конкретно кривично дело, дали и понатаму се откажува од редовното судење, дали признанието на вина е дадена на доброволна и свесна основа по направените потребни консултации со својот бранител во постапката и на крај дали ги разбира и ги сфаќа последиците кои настануваат како резултат на даденото признание за вина. Во овој случај судијата нема да се грижи за изведувањето на доказите кои се важни за самата постапка. Меѓутоа, судот може да ги испита сите околности кои се однесуваат на личноста на обвинетото лице и на основа на истите да ја одреди казната во поголем или помал износ. Изреката и образложението на пресудата треба да го содржат називот на кривичното дело, како и причините според кои се раководел судот при одредувањето на казната, но без анализа на доказите. Имено, пресудата која се донесува во оваа постапка задолжително мора да го опфати описот на кривичното дело и изјавата дека обвинетото лице ја признава вината и дека постојат услови за решавање на предметот на овој начин. Во рамките на споменатата пресуда не е неопходно да постои и анализа на доказите. Со измените на законот од 2010 година, предвидено е дека судот има должност да ги поучи странките на правото на жалба, додека обвинетиот е ослободен од надоместување на трошоците на постапката. Бранителот, јавниот обвинител или оштетениот со кривичното дело може да поднесат жалба на одлуката на судот со која е дозволено предметот да се заврши преку склучување на спогодба за признавање на вина.

Треба да се потенцира фактот дека во Русија постои само еден вид на спогодување, а тоа е спогодувањето за казната. Ова упатува на заклучок дена не постои преквалификација на кривичното дело од потежок кон полесен облик како што е тоа во Франција. Од целосната анализа на спогодувањето може да се дојде до заклучок дека постоечката спогодба не е дефинирана на најдобар можен начин. Овој заклучок е како

резултат на тоа што во рамките на Законот за кривична постапка не е решено прашањето, дали од една страна обвинетиот и обвинителот ќе направат спогодба која подоцна ќе биде поднесена на судот на усвојување, или пак од друга страна судот овластен самостојно, која обвинетото лице ќе ја признае вината, да направи намалување на казната. Значајна особина на постапката за спогодување секако е желбата на обвинетото лице да ја признае вината, која мора да се искаже пред почетокот на судењето, како на судот да му стане ј

асна желбата на обвинетото лице да го заврши предметот преку спогодување. Исто така треба да се напомене дека оваа постапка не претпоставува обврска за надоместување на трошоците, како што е случај кај останатие кривични постапки.

Колку повеќе се истражува и анализира спогодувањето во рамките на системот на казнената правда во Русија, толку повеќе се поставуваат различни прашања. Сега, постојат доволен број на докази според кои се претпоставува дека обвинетите лица имаат повеќе различни причини за користење на институтот спогодување. Понекогаш добиваат дополнителни бенефиции на кои се надевале или кои ги очекувале, но целокупната структура на изрекувањето на казната не се промени многу со воведувањето на институтот спогодување. Спротивно на тоа, тешко е да се каже дали процесот за признавање вина во Русија е фер, дали истиот има присилни елементи, колку добро се осмислени постоечките правила, дали постои зачестеност на неформални зделки и ветувања во текот на процесот на спогодување и сл. Целосното разбирање на руското спогодување бара длабинско истражување од социолошки и етнографски карактер, вклучувајќи бранители, истражители, обвинители, сдуии, обвинети и жртви во различни делови на Русија. Истражувањата треба да бидат фокусирани на размислите на обвинетиот кои го поттикнуваат истиот да се реши да ги користи придобивките на консензуалната правда и да се утврди како процесот на спогодување влијае на конечното решавање на кривичните предмети.[25]

[25] Solomon, Peter, Plea Bargaining Russian Style, International Conference "Kak sud'i prinimaiut resheniia: Rossiiskaia sudebnaia sistema v kontekste sotsiologii prava, Institute for the Rule of Law, 2011, 282 – 299.

5. Спогодување во Босна и Херцеговина

Забрзувањето на казнената постапка, како и нејзиното поедноставување во Босна и Херцеговина е направено уште во текот на 2003 година. Ако се компарира со другите земји од регионот може да се дојде до заклучок дека Босна и Херцеговина за разлика од сите останати многу рано се решава за реформирање на казнената постапка, како би овозможила нејзино забрзување. Како суштински елемети со кои се обезбедува забрзувањето и поедноставувањето на постапката во Босна и Херцеговина се признавањето на вина од страна на обвинетото лице во текот на истрагата, признавањето на вина од страна на обвинетото лице во текот на главниот претрес, како и издавањето на казнената наредба. Треба да се напомене дека на процесот на признавање на вина без разлика дали се работи за признавање на вина во текот на истрагата или се работи за признавање на вина во текот на главниот претрес му претходи спогодување кое се спроведува од страна на субјектите во постапката.

Ако го анализираме Законот за кривична постапка на Босна и Херцеговина може да се заклучи дека постапката за спогодување е посебно уредена и нормирана. Идејата на самата постапка е создавање на услови во кој обвинетото, односно осомниченото лице заедно со својот бранител ќе преговара со јавниот обвинител во постапката. Признавањето на вина, може да се направи до конечното завршување на постапката пред повисоко надлежниот суд во конкретниот предмет. Специфика на системот на спогодување во казнено процесното законодавство на Босна и Херцеговина е тоа што јавниот обвинител има право да предложи намалување на казната која на сторителот на делото му е определена како долготрајна. Користејќи ја оваа можност обвинителот може да влијае во насока на изрекување на поповлна казна за сторителот на кривичното дело, па така за кривично дело кое може да се изрече казна затвор во траење од 20 години, преку инсистирањето на јавниот обвинител и преку дејствијата кои ги презема во рамките на постапката за спогодување може да се постигне изрекување на казна затвор од минимум 5 години. Оваа можност на јавното обвинителство не треба да не наведе на заклучок дека се работи за спогодување за казната во конкретна сисутација, напротив јавниот обвинител, со обвинетото лице се спогодува за обвиненито. Така во оваа смисла, странките кои учествуваат во рамките на спогодувањето, може да се

договорат обвинетиот да биде обвинет за некое полесно кривично дело, а претходно наведеното кривично дело да се тргне настрана.[26]

За да може да стане збор за признавање на вина во смисла на одредбите од Законот за кривична постапка на Босна и Херцеговина потребно е да постои договор кој е склучен помеѓу странките во постапката, како договор со кој се врши признавање на вина. Како учесници во оваа постапка, односно како лица кои учествуваат во склучувањето на договорот за признавање на вина се обвинетото лице, осомниченото лице, бранителот во постапката и секако обвинителството, претставувано преку надлежниот јавен обвинител. Склучениот договор за признавање на вина се претпоставува дека содржински ги задоволува интересите на сите субјекти во постапката. Истиот овој договор за признавање на вина се поднесува до надлежниот суд за понатамошно постапување. Содржински овој договор мора да ги содржи фактите кои се клучни за даденото признание за вина во конкретната ситуација и во истиот мора да биде нагласено дека е постигната согласност за признавање на вина помеѓу странките во постапката. Судот во зависност од околностите на случајот може поднесениот предлог за признавање на вина да го прифати или пак да го одбие.

Применият договор за спогодување од страна на судот наметнува и конкретни обврски на судот за неговото понатамошно постапување. Во оваа смисла судот треба да направи целосно анализирање и разгледување на поднесениот предлог за признавање на вина. Посебно треба да се задржи и утврдување и потврдување на оние факти и околности кои се од значење за давањето на признание на вина, како би можело да се донесе правилна одлука. Во казненото процесно право на Босна и Херцеговина е специфично тоа што судијата нема дискрециono право во поглед на казната која треба да му ја изрече на обвинетото лице. Ова упатува на заклучок дека судијата кој постапува во конкретниот предмет е врзан за предлогот кој е даден од страна на субјектите во постапката во однос на казната. Неисполнувањето на условите за водење на постапката за спогодување се доволна основа судијата кој постапува да го одбие поднесениот предлог и предметот со сите списи да го упати на решавање во редовна судска постапка.

[26] Sijerčić-Čolić Hajrija, Krivicno Procesno Pravo, Knjiga 2, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, Sarajevo, 2005, 164.

Признавањето на вината од страна на обвинетото лице, односно од страна на осомниченото лице има свои правни последици и врз правните лекови во постапката. Ова означува дека лицето кое ќе ја признае својата вина, подоцна не може да го користи правото на жалба, односно не може да изјави жалба против одлуката на судот која се заснова и е донесена врз основа на поднесена предлог спогодоба за признвање на вина. Слободно може да се тврди дека признвањето за вина има суспензивно дејство врз правните лекови, односно има суспензивно дејство врз правото да се изјави жалба во конкретната ситуација. Судијата има обврска кон останатите засегнати страни во постапката, односно истиот има обврска за известување за текот на спогодувањето кон оштетеното лице со кривичното дело, како и кон жртвата на кривичното дело.

Спогодувањето може да има различни облици и тоа: преговарање за правната квалификација на делото, преговарање на казнено правната санкција или преговарање за фактите кои ќе бидат презентирани пред судот. Соочен со обвиненијата против него, обвинетото лице според позитивните законски прописи има повеќе можности на располагање, почнувајќи од избор на редовна казнена постапка, преку признавање на вина, до постапка за преговарање со јавниот обвинител за условите под кои обвинетото лице би ја признало вината.[27]

Спогодбата за признавање на вина може да се склучи за секое кривично дело, без оглед на можната казна која може да му биде изречена на сторителот на кривичното дело. Ваквото законско решение секако е радикално и единствено на подрачјето на потесниот регион, ако се има во предвид фактот дека водечките правни држави во Европа, со исклучок на Германија и Србија, имаат органичен обем на склучување на спогодба за признавање на вина, што е последица на стравот дека и најтешките кривични дела ќе може да се решаваат преку постапка за спогодување.

Може да се заклучи дека спогодувањето во казненото законодавство на Босна и Херцеговина е резултат на големата реформа во правосудниот систем која е спроведена во текот на 2003 година. Слободно може да се тврди дека токму казнено правниот институт спогодување станува еден од клучните институти во целокупниот процес на реформирање на казнената постапка во Босна и Херцеговина. Постапката за

[27] Симовић, Миодраг, Поједностављене форме поступања у кривичном процесном законодавству Босне и Херцеговине (законска рјешења и искуства у досадашњој примјени), у Зборнику: С. Бејатовић, Алтернативне кривичне санкције и поједностављене форме поступања, Београд, 2009, 207.

воведување на овој казнено правен институт ја следи измената во правец на воведување на акузаторна казнена постапка во една поширока смисла.

6. Спогодување во Србија

Судовите во Србија функционираат во рамките на единствениот судски систем во државата како државни органи кои имаат надлежност за заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот. Истите се тие кои преку постапување во конкретна ситуација овозможуваат заштита на законитоста и уставноста. Грубач прави посебно анализирање на организациската поставеност на судовите во Србија. Оваа анализа на организациската поставеност на судовите во земјата секако е направена во корелација со позитивните законски прописи. Кога се зборува за различните видови на судови во судскиот систем на Србија, треба да се истакнат судовите кои имаат општа надлежност и судовите кои имаат специјализирана надлежност за постапување. Судовите кои се општински, окружните судови, апелационите судови во земјата и Врховниот суд на Србија се судови кои имаат оппшта надлежност. За разлика од овие судови кои се од општа надлежност постојат судови кои се специјализирани за постапување во определени области, па така може да се зборува за трговски судови, вишиот трговски суд, како и управниот суд кој функционира во судскиот систем на Србија.[28]

Од анализата на Законот за кривична постапка на Србија може да се дојде до заклучок дека законодавецот имал интенција во целост да ги примени елементите и карактеристиките на една акузаторна постапка. Во казнено процесниот систем на земјата воведени се неколку постапки преку кои се обезбедува поголема ефикасност на казнената постапка, како и забрзување на истата. Како суштински новини кои се дел од законското решение, а се во насока на рационализирање на казнената постапка се следните и тоа: се дава можност обвинетиот да ја признае вината пред почетокот на главниот претрес, можност за давање на признание на вина од страна на обвинетото лице во текот на главниот претрес, спогодување за признавање на вина, можност за изрекување на кривични санкции без притоа да се одржи главен претрес, постапка за изрекување на условна осуда од страна на истражниот судија. Сите овие механизми се

[28] Грубач, Момчило, Кривично процесно право, Службени гласник, Београд, 2006, 13.

воведени во српското казнено процесно законодавство се со цел да се обезбеди поедноставување на казнената постапка.

Законот за кривична постапка на Србија на еден сеопфатен начин го предвидува и регулира спогодувањето. Спогодувањето своја применливост има кај сторителите на кривични дела за кои може да им се изрече казна затвор најмногу до десет години. Како што може да се заклучи законодавецот во Србија дал малку поширок опфат на кривичните дела кои може да се разрешат со помош на спогодувањето. Иницијатива за спогодување може да биде испратена и претставена и од јавниот обвинител и од страна на обвинетиот во постапката, односно неговиот бранител. Без разлика на фактот од кој е започната иницијативата за спогдување целта е иста да се постигне компромисно решение во кое двете страни би ги задоволиле своите интереси и би го добиле она што навистина го сакаат.

Предлог спогодбата за признавање на вина како би имала и би произведувала правно дејство задолжително треба да биде составена во писмена форма. Временски поднесувањето на предлог спогодбата за признавање на вина е ограничено до почетокот на главниот претрес. Спогодбата за признавање на вина од содржински аспект во себе опфаќа неколку елементи. Прво и основно секако е признанието за вина кое се дава од страна на обвинетото лице за кривичното дело кое му се става на товар. Исто така согласноста за учество и признавање на вината се однесува на санкцијата која треба да му се изрече на обвинетото лице по завршувањето на постапката. Во спогодбата исто така посебно се наведуваат условите кои треба да бидат исполнети во случај на откажување од процесот на спогодување од страна на јавниот обвинител. Трошоците кои настануваат во текот на постапката за спогодување, односно нивното поднесување и подмирување исто така е дел од спогодбата за признавање на вина. Спогодбата содржи и констатација во однос на откажувањето од правото на жалба против пресудата која е донесена врз основа на поднесена предлог спогодба за признавање на вина. Исто така составен дел на предлог спогодбата за признавање за вина се барањата во постапката кои се од имотно правен карактер.

Во стручната литература се истакнува дека спогодбата за признавање на вина во себе не смее да содржи казна за конкретно извршеното кривично дело која е пониска од законски утврдениот минимум. Спогодбата може да содржи и определени обврски кои директно се насочени кон обвинетото лице во постапката. Така во оваа смисла може на

обвинетото лице да му се наметне обврска за отстранување на штетните последици кои настанале како резултат на извршувањето на кривичното дело, исполнување на обврски кои се однесуваат на законска издршка, обврска за лекување од конзумација на дроги и психотропни супстанции, обврска за лекување од конзумација на алкохол, обврска за посетување на психијатар, обврска за негово активно вклучување во пазарот на трудот согласно неговите образовни компетенции, да изврши некоја општокорисна работа.[29]

Судот кој постапува во конкретниот предмет има надлежност за прифаќање, односно за отфрлање на поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Согласно своите законски надлежности судот може поднесената предлог спогодба да ја отфрли, да направи усвојување на поднесената предлог спогодба или пак да направи одбивање на поднесената предлог спогодба. Задоцнетото поднесување на предлог спогодбата за признавање на вина, односно нејзиното поднесување по првото рочиште за главен претрес повлекува и одбивање на поднесената предлог спогодба за признавање на вина. Судот кој е надлежен да постапува на посебно рочиште одлучува за поднесената предлог спогодба за признавање на вина. На ова посебно рочиште на кое се одлучува за прифаќањето, односно неприфаќањето на предлог спогодбата за признавање на вина задолжително се повикуваат и треба да бидат присутни јавниот обвинител, како и обвинетиот и неговиот бранител. Задолжителноста за присуство на ова посебно рочиште е оправдана ако се има во предвид фактот дека во претходна фаза токму овие субјекти воделе процес на спогодување, процес на спогодување помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, односно неговиот бранител. Неодзвивањето на поканата за присуство на посебното рочиште за одлучување за спогодбата за признание на вина од страна на обвинетото лице повлекува и нејзино отфрлање. Отфрлената спогодба за признание на вина поради оваа причина значи и дека не може да се поднесе жалба против одлуката на судот со која е направено тоа отфрлање на спогодбата.

Спогодбата за признавање на вина од аспект на нејзината правна природа треба да се сфати како еден sui generis институт кој се склучува помеѓу јавниот обвинител и обвинетото лице во писмена форма. Во рамките на стручната литература преовладува мислењето дека пресудувањето на основа на спогодба за признавање на вина претставува една поедноставена процесна форма која служи за рационализација на

[29] Đurđić, Vojislav, Krivični postupak Srbije, Centar za publikacije, Pravni fakultet u Nišu, Nis, 2006, 15.

кривичната постапка. Поради овој факт во рамките на теоријата на казненото процесно право овој институт се категоризира во посебните кривични постапки.[30]

7. Спогодување во Хрватска

Казнената постапка во Хрватска претставува еден традиционален модел за казнената постапка во Македонија. Матовски и Камбовски истакнуваат дека по распаѓањето на Сојузна Федеративна Република Југославија, Македонија како основен модел на казнената постапка го користи моделот што се применува во законодавството на Република Хрватска.[31]

Со стапувањето на сила на новиот Закон за кривична постапка од 2008 година, Република Хрватска го продолжува трендот на имплементација на консензуалните начини на завршување на казнената постапка. Овој закон не претставува прв обид за забрзување и поедноставување на казнената постапка. Во оваа смисла треба да се наведат измените на Законот за кривична постапка од 2002 година кога законодавецот предвидува неколку правни институти со кои се овозможува поголема ефикасност и ефективност на казнената постапка. Сепак, новиот Закон за кривична постапка од 2008 година прави револуционерен исчекор во насока на овозможување на процес на спогодување помеѓу странките во постапката во однос на вината и санкцијата.[32]

Спогодувањето кое е уредено во рамките на Законот за кривична постапка на Република Хрватска може да биде иницирано од страна на јавниот обвинител или обвинетиот. Спогодувањето претпоставува водење на преговори помеѓу овие две странки во постапката во врска со утврдувањето за условите за признавање на вината, како и постигнување на согласност за казната која треба да му се изрече на обвинетото лице. Одбраната во текот на постапката има задолжителен карактер, односно уште при преземањето на првото дејство во постапката од страна на обвинетото лице истото мора да биде застапувано од страна на бранител. По постигнувањето на спогодбата за признавање на вина странките кои учествуваат во постапката даваат изјава за

[30] Ђурђић Војислав., Кривично процесно право – посебни део, Ниш, 2011, 56.
[31] Камбовски, Владо, Матовски, Никола, Компаративно казнено процесно право, Правен факултет "Јустинијан први", Скопје, 2009, 56 – 61.
[32] Tomicic, Zvonimir, Novokmet, Ante, Nagodbe stranaka u kaznenom postupku – dostignuca i persepektive, Pravni vjesnik, 28, 2012, 149.

донесување на пресуда врз основа на постигнатата спогодба. Изјавата која се потпишува од содржински аспект содржи неколку елементи и тоа: опис на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетото лице, изјава на обвинетото лице за признавање на вината за конкретното кривично дело, потенцирање на согласноста за видот и висината на казната, начинот на подмирување на трошоците кои настануваат како резултат на водење на постапката, решавање на прашањето за имотно правното побарување, изјава на обвинетото лице за прифаќање на предлогот на јавниот обвинител за изрекување на сигурносна мерка и одземање на имотната корист која е остварена со извршувањето на кривичното дело, како и потпис од страна на странките и бранителот во постапката. По потпишувањето на спогодбата за признавање на вина, јавниот обвинител за истата ја известува жртвата на кривичното дело и оштетениот со кривичното дело, а ако се работи за кривични дела против животот и телото и кривични дела против половата слобода за кои е пропишана казна затвор од пет години, јавниот обвинител мора да обезбеди согласност од страна на жртвата за водење на постапката за спогодување.

Потпишаната изјава, странките веднаш ја предаваат на советот по отворањето на седницата на обвинителскиот совет, а ако сеуште не ги завршиле преговорите, советот може да ја одложи седницата за најмногу 15 дена како странките би можеле да ги завршат преговорите. По примањето на потпишаната изјава, односно по примањето на спогодбата за признавање на вина, советот мора да утврди дали странките се согласни во врска со содржината на изјавата и тоа да го констатира во записник, па дури потоа да одлучи за потврдување на обвиненијата против лицето во конкретниот случај. Ако се утврди дека обвинението против лицето е основано, односно доколку не се утврдени некои недостатоци, се врши потврдување на обвинението, а потоа се одлучува за прифаќање на изјавата за донесување на пресуда врз основа на постигнатата спогодба за признавање за вина. При оценувањето на спогодбата посебно се оценува околноста дали предложената казна одговара и е соодветна на кривичното дело кое му се става на товар на обвинетото лице. Исто така во овој дел од постапката се врши процена за тоа дали дадената изјава за спогодување на странките е законита. Ако судот ја прифати дадената изјава, на обвинетото лице ќе му изрече пресуда во која е наведена и казната која е договорена помеѓу странките.

Имено, судот нема да ја прифати изјавата за признавање на вина, односно изјавата за донесување на пресуда која се заснова на постигната спогодба помеѓу странките, ако

со оглед на околностите нејзиното прифаќање не е во согласност со одмерувањето на казната пропишана со закон или пак во ситуација кога постигната спогодба не е законита. Во овие случаи судот со решение против кое не е дозволена жалба врши одбивање на изјавата за донесување на пресуда на основа на спогодба за признавање на вина. По донесувањето на ова решение, обвинението заедно со списите на предметот се доставува до претседателот на судот заради одредување на расправа, односно предметот преминува на решавање во редовна судска постапка. Странките имаат право да се откажат од дадената изјава за признавање на вина. Во оваа ситуација сите податоци кои се презентирани дотогаш во постапката не може да бидат користени во рамките на редовната казнена постапка.

Пресудата која се заснова на спогодба на странките може да се донесе и на подготвителното рочиште, како последен стадиум во кој странките може да предложат донесување на ваков вид на пресуда. Пресудата која е донесена врз основа на спогодба на странките за признавање на вина има точно определена содржина која е законски утврдена. Вака донесената пресуда веднаш се објавува и се доставува до странките во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување. Во рамките на образложението на пресудата се наведува изјавата врз основа на која е донесена пресудата. Пресудата која е донесена врз основа на спогодба за признавање на вина може да се побива единствено поради Значајни повреди на казнената постапка.

Во однос на законодавството во Хрватска во врска со спогодувањето се укажува на една недоследност, односно една проблематичност, а тоа е фактот дека спогодувањето може да се води за сите видови на кривични дела, дури и за најтешките кривични дела за кои е пропишана казна доживотен затвор. Исто така проблем претставува и непостоењето на ограничувања за висина на казната за која странките може да се спогодуваат и да преговараат.[33]

[33] Turadic, Ivan, Pavelin – Borzic, Tanja, Bujas, Ivana, Sporazum stanaka u kaznenom postupku – trgovina pravdom ili. Pravni Vjesnik, Vol. 32, Iss. 1, Osijek, 150.

Глава 5 Емпириско истражување за примена на казнено процесниот институт спогодување

1. Општи напомени за емпириското истражување

Правилното и целосното проучување на една појава задолжително претпоставува и нејзино методолошко разработување и анализирање. Овој процес на методолошка разработка и анализа се остварува преку податоци кои се однесуваат за појавата која е предмет на наше интересирање и проучување. Како би можеле да извлечеме заклучоци кои се издржани за појавата која ја проучуваме и анализираме податоците кои се предмет на анализа и проучување мора да бидат вистинити, односно да бидат точни, само на тој начин би ја добиле комплетната слика за предметната појава. Токму затоа при секое методолошко истражување и анализирање на една појава со голема внимателност се избираат методолошките тактики и техники кои ќе бидат користени, како и начините на кои ќе биде спроведена самата анализа.

Податоците кои се премдет на анализирање се од суштинско значење за целосното осознавање и проучување на една појава. Преку податоците кои се предмет на анализа и разработка се утврдуваат и посочуваат карактеристиките и одликите на една појава. Во практиката тоа би означувало дека доколку го истражуваме криминалитетот во едно општество, всушност треба да се фокусираме на неговите карактеристики и одлики. Па така, преку податоците кои се официјални и се однесуваат на криминалитетот во дадена средина и во даден временски период треба да ни бидат од помош во утврдувањето на неговата распространетост во даден територијален простор, неговата временска димензија, начинот на извршување на кривичните дела, односно начинот на сторување на различните облици на криминалитет и сл. Сите овие феноменолошки карактеристики на криминалитетот би можеле да се утврдуваат единствено преку правилното методолошко анализирање на податоците кои се однесуваат на самата предметна појава, односно кои се однесуваат на криминалитетот.[34]

[34] Палевска – Стојчиќ, Катерина, Следење на криминалитетот, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, Македонско здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2005, 22 – 25.

Статистиката, статистичките методи и статистичките податоци се од суштинско значење за добивање на издржани резултати и извлекување на соодветни заклучоци за една појава која е предмет на истражување и анализирање. Денес, не би можеле да говориме за научно истражување и анализирање на една појава, а да не применуваме статистички податоци. За потребите на овоа научно истражување користени се статистички податоци публикувани од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во публикациите под назив „Извештај за работа на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија" за содветната година. Така во оваа смисла искористени се следните Годишни извештаи за работа на Јавните обивнителства во Република Северна Македонија и тоа: Годишен извештај за работа на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2023 година,[35] Годишен извештај за работа на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2022 година,[36] Годишен извештај за работа на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2021 година,[37] Годишен извештај за работа на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2020 година[38] и Годишен извештај за работа на Јавните обвинителства во Република Северна Македонија во 2019 година.[39] За нас од посебен интерес се податоците од овие извештаи кои се однесуваат на спогодувањето во Република Северна Македонија во период од 2019 година до 2023 година. Сметаме дека временската рамка од пет години е сосема доволна за да може да се извлечат определени заклучоци за спогодувањето во Република Северна Македонија. Исто така во делот на анализирањето на судските пресуди кои се донесени врз основа на спогодба од страна на македонските и меѓународните судови ќе биде користен и методот за анализа на содржина како би можеле да се утврдат определени заклучоци.

[35] Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2023 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/07/godishen-izveshta%D1%98-2023-finalna-verzi%D1%98a-2.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.

[36] Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/izveshtaj-za-rabotata-na-javnite-obvinitelsta_2022_2_mail-2-3.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.

[37] Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2022/08/izveshta%D1%98-finalen-2021-1.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.

[38] Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2020 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/izveshta%D1%98-za-2020-%D1%98o-na-rsm.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.

[39] Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2019 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/09/izveshtaj-na-javnite-obvinitelstva-na-rsm-za-2019-godina.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.

2. Анализа на судски пресуди донесени врз основа на спогодување од страна на македонските судови

Во овој дел на трудот направено е анализирање на судски пресуди кои се донесени врз основа на спогодба од страна на македонските судови. На овој начин се создава можност да се прикаже оправданоста, како и функционирањето на овој казнено процесен институт во македонското казнено право, односно да се прикаже оправданоста и функционирањето на институтот спогодување.

- ***Пресуда врз основа на предлог – спогодба, Пресуда на Основен суд Виница, К-ПП-5/18 од 26.09.2018 год.***[40]

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд Виница, преку судијата на претходна постапка _____, со записничар ----------, во кривичниот предмет за оцена на предлог - спогодбата КО.бр. 215/18 од 20.9.2018 год. постигната меѓу ОЈО - Кочани и осомничениот В. С. од с. Б., за кр. дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од чл. 353 ст. 1 од КЗ, во присуство на Јавниот обвинител – _____ и осомничениот со неговиот бранител адв. С. Т., на рочиштето оддржано на 26.9. 2018 година ја изрече и објави следната:

П Р Е С У Д А

Врз основа на предлог-спогодба

ОСОМНИЧЕНИОТ В. С. од с Б. роден на ... год. во с. Б. каде и живее од татко Д., мајка М., со средно полициско обрзование, вработен во МВР -ПС - В., оженет татко на две деца, македонец Државјанин на РМ, неосудуван не се води постапка за друго кривично дело со ЕМБГ ....

В И Н О В Е Н Е

ЗАТОА ШТО:

[40] Пресуда на Основен суд Виница, К-ПП-5/18 од 26.09.2018 год.

Како службено лице - униформиран полициски службеник вработен во МВР - ПС - В. на 03.08.2016 год. со неизвршување на својата службена должност, постапувајќи спротивно на чл. 5 од Правилникот за начинот на вршење на полициските работи и чл. 39 ст. 1 од Законот за полиција, на лицето С. Д. му предизвикал штета во износ од 10.520,00 ден, на тој начин што вршејќи сообраќајна контрола го запрел ПМВ „Мерцедес“ со рег. ознаки ..., управувано од НН. лице кое кај себе наводно не носело никакви исправи за идентификација, а лажно се претставило како С. Д., па без да изврши проверка во Хост- терминалот во МВР - ПС - В., за вистинскиот идентитет на лицето кое го управувало возилото и без да земе податоци од сопатникот во ова возило, констатирал сообраќаен прекршок и притоа изготвил мандатен платен налог бр. 044823, записник за сторен сообраќаен прекршок бр. 112507, прекршочен платен налог бр. 037571, записник за сторен сообраќаен прекршок бр. 112506 во кој како сторител на прекршокот го навел оштетениот С. Д. од С. и на тој начин му причинил штета во износ од 10.520,00 ден., на име трошоци во прекршочната и управната постапка.

Со опишаните дејствија осомничениот В. С. сторил кривично дело “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.1 од Кривичен законик од КЗ, поради што во сообразност со чл. 3, 4, 32, 33, 35, 39, 49 и 50 од КЗ и чл. 404 и 490 ст. 1 и 2 му се

И З Р Е К У В А

АЛТЕРНАТИВНА МЕРКА - условна осуда казна затвор во траење од 6- шест месеци, која се смета за утврдена и нема да се изврши ако во рок од 1- една година не стори ново кривично дело.

Осомничениот се задолжува да ги плати трошоците во постапката во паушален износ од 2.000,00 ден. во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата. Осомничениот се задолжува на оштетениот С. Д. од С. да му ја надомести причинетата материјална штета од 10.520,00 ден. во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

О б р а з л о ж е н и е

ОЈО - Кочани на 21.09.2018 год. до судијата на претходна постапка при овој суд ја достави предлог - спогодбата КО.бр. 215/18 од 20.09.2018 год. постигната со осомничениот В. С. од с. Б., во врска со кр. дело „Злоупотреба на службената положба и овластување” од чл. 353 ст. 1 од КЗ, заради нејзина оцена. На рочиштето оддржано на 26.09.2018 год. ЈО - _____ и осомничениот изјавија односно потврдија дека предлог спогодбата ја поднеле доброволно, осомничениот изјави дека е свесен за

правните последици од прифаќањето на предлог спогодбата и за последиците сврзани со имотно правното барање и трошоците во постапката. ЈО и осомниченият и неговиот бранител адв. С. Т. изјавија дека до донесувањето на одлуката не се откажуваат од постигнатата предлог спогодба, по што судијата на претходна постапка им укажа дека прифаќањето на предлог спогодбата се смета за откажување од правото на жалба против одлуката што ќе биде донесена и во сообразност со чл. 490 ст. 1 од ЗКП изврши увид во писмените докази доставени од страна на ЈО и утврди дека е оправдано изрекувањето на предложената кривична санкција, за што донесе решение со кое се прифаќа постигнатата предлог спогодба.

Имајќи го предвид изнесеното, во сообразност до чл. 490 ст. 1 и 2 од ЗКП е одлучено како во изреката на оваа пресуда. Основен суд Виница, КПП.бр. 5/18 од 26.9.2018 год.

Записничар, Судија на претходна постапка,

J. C. _____

Презентираната пресуда која е донесена врз основа на предлог спогодба ги содржи потребните елементи во смисла на Законот за кривична постапка на Република Северна Македонија. Како елементи кои задолжително треба да бидат содржани во секоја пресуда, па и во пресудата која се донесува врз основа на предлог – спогодба се секако бројот на предметот, бројот на пресудата, како и нагласување дека пресудата се донесува во името на граѓаните на Република Северна Македонија.

Во воведниот дел на пресудата јасно се потенцирани учесниците во постапката кои имаат пресудна улога во спогодувањето. Па така во оваа смисла посебно треба да се истакнат судијата на претходната постапка, лицето кое има статус на осомничен во постапката, бранителот на осомниченото лице, како и јавниот обвинител. Сите овие учесници во постапката своите надлежности ги реализираат на самото рочиште на кое се врши оценување на предлог спогодбата. Во овој воведен дел на пресудата задолжително се потеницра и законската основа за донесувањето на пресудата во конкретниот случај, како и генералиите на лицето кое има статус на осомничено во постапката.

Изреката е оној дел од пресудата во која јасно се нагласува дали едно лице се прогласува за виновно или се ослободува од вина. Во овој дел на пресудата всушност се решава за главната работата на предметот. Исто така во овој дел на трудот се

потенцираат и околностите кои недвосмислено упатуваат на заклучок дека лицето го сторило кривичното дело, како и казната која му се изрекува.

Ако се анализира дадената пресуда која е донесена врз основа на предлог спогодба во делот на образложението може да се дојде до заклучок дека истата се разликува од страндардните пресуди кои се донесени без предлог спогодба. Имено, пресудата која се донесува врз основа на предлог спогодба, како што е во посочениот конкретен предмет, не содржи објаснувања кои се однесуваат на фактичката состојба на предметот. Конкретно кај пресудите кои се донесуваат врз основа на предлог спогодба во делот на образложението посебно се анализира поднесената предлог спогодба и сите оние докази кои се од суштинско значење истата да биде донесена.

Исто така треба да се потенцира дека пресудите донесени врз основа на спогодба не содржат правна поука за право на жалба, бидејќи во согласност со ЗКП жалба не може да се изјави на овие пресуди, па токму затоа и оваа пресуда не содржи правна поука.

3. Анализа на судска пресуда донесена врз основа на спогодување од страна на меѓународните судови

Спогодувањето како казнено процесен институт не се применува само од страна на домашните судови, односно истото своја примена наоѓа и во рамките на судската практика на меѓународните судови кои функционираат на постојана или повремена основа. Во овој дел посебно треба да се потенцираат следните судови и тоа: Меѓународниот кривичен суд, Специјалниот трибунал за Либан, Специјалниот суд за Сиера Леоне, Меѓународниот кривичен суд за Руанда, Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и др.

Со оглед на различноста во правилата за уредување на институтот спогодување кај сите овие меѓународни судови, во овој дел од трудот ќе бидат потенцирани правилата за спогодување кои се однесуваат на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија.

Ако се анализира судскиот Деловник на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија може да се дојде до заклучок дека истиот го предвидува институтот спогодување. Во правилото 62 од Деловникот на Меѓународниот кривичен

суд за поранешна Југославија утврден е рокот во кој лицето може да се изјасни за виновен, односно да се изјасни за невин. Како момент од кој треба да го направи ова изјаснување лицето, е 30 дена од првичното појавување по апсењето. Спогодувањето кое се спроведува и се применува од страна на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија се претпоставува дека ги содржи следните елементи и тоа:

1) Прифаќањето на спогодувањето се донесува од страна на судскиот совет кој постапува во конкретниот предмет,
2) Спогодувањето кое се дава задолжително треба да биде дадено на доброволна основа. Доброволноста за давање на спогодувањето треба недвосмислено да биде прифатена и согледана и од страна на судскиот совет кој постапува во конкретниот предмет,
3) Лицето, односно обвинетиот кој ја дава спогодбата задолжително треба да биде информиран за работите, како на предметот, така и за самото спогодување. Информираноста на обвинетото лице подразбира дека на истото му се презентирани и последиците од давањето на предлог спогодбата,
4) За да може да стане збор за спогодување пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија на обвинетото лице јасно треба да му биде презентирано дека постојат доволно факти за извршеното кривично дело и за негово учество во тоа кривично дело.

Како што веќе потенцираме Правилото 62 од Деловникот на Меѓународниот кривичен суд на поранешна Југославија ги утврдува насоките за спогодување. Самиот институт спогодување им овозможува на обвинителот и на одбраната да водат процес на спогодување за видот и висината на казната за обвинетото лице. Така во оваа смисла од страна на обвинителот кој постапува во конкретниот предмет може да се поднесе барање со кое ќе се бара изменување на веќе поднесеното обвинение и истовремено да се предложи изрекување на одредена казна или опсег на казна. Треба да се истакне дека судскиот совет кој постапува во конкретниот предмет не е обврзан со ваквиот договор кој е постигнат на релација обвинител и одбрана, односно обвинето лице.

Спогодувањето во Деловникот на Меѓународниот суд на поранешна Југославија се надополнува преку судската практика која ја има установено судот во врска со ова прашање. Па така пред да се донесе конечна одлука за прифаќање на предлог

спогодбата од страна на судскиот совет задолжително се утврдуваат неколку работи и тоа:

- Судскиот совет мора да биде убеден дека лицето кое ја дава спогодбата е ментално способно,
- Лецето треба да го разбира обвинението кое му се става на товар,
- Лицето кое дава признание за вина во конкретен предмет мора да ги сфати последиците од самото признавање за вина,
- Судскиот совет треба да утврди дали давањето на признание за вина е дадено врз основа на некакви закани за обвинетиот или врз основа на несоодветни притисоци,
- И на крај признавањето на вина треба да се темели на доволно правни факти и истото да ја рефлектира целосноста на криминалитетот.

Во продолжение следи случај од судската практика на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија кој се однесува на спогодување. Случајот на Дарко Мрѓа се однесуваше на убиството на над 200 босански муслимани кај местото Кориќанске Стијене блиску до планината Влашиќ во Босна и Херцеговина во август 1992 година. Околу 1200 цивили од Хрватска и бошњачка националност биле земени од концентрациони логори со автобуси, при што им било кажано дека ќе бидат разменети. Над 200 мажи биле симнати од конвојот со автобуси и однесени со посебни автобуси до една клисура каде биле егзекутирани со стрелање во близина на една карпа. Мрѓа - полициски службеник кој учествувал во убиствата, бил обвинет за истребување како злосторство против човештвото, за убиство како повреда на законите или обичаите на војувањето, како и за нечовечки дела како злосторство против човештвото. Тој склучил писмен Договор за признавање вина со Обвинителството според кој признал вина за две од трите точки на обвинението. Мрѓа го признал своето учество во масакарот. Обвинетиот, еден преживеан од масакарот и еден претставник на Здружението на жртви сведочеле на рочиштето за одредување на казната. Договорот за признавање вина го обврзал Мрѓа да соработува со Обвинителството, а обвинителот истакнал дека помошта добиена од обвинетиот Мрѓа била значителна (во еден анекс доставен како доверлив документ). Судскиот совет прифатил дека соработката и признавањето на вината се олеснителни околности и дека тие помогнале да се утврди вистината за кривичното дело, со што би можело да се охрабри помирувањето. Обвинителството препорача казна од 15 до 20 години затвор, а одбраната препорача

казна од 15 години. Судскиот совет одреди казна од 17 години затвор. Пресудата не беше обжалена. Во судот на Босна и Херцеговина има други кривични гонења за истото кривично дело.[41]

4. Статистички податоци за примена на спогодување во Република Северна Македонија во период 2019 – 2023 година

Во рамките на овој дел на трудот претставени и анализирани се статистички податоци за примената на спогодувањето во Република Северна Македонија во период од 2019 година до 2023 година. За потребите на истражувањето користени се Годишните извештаи за работа на јавните обвинителства во Република Северна Македонија за соодветните години, од 2019 година до 2023 година.

Територијалниот опфат на истражувањето се однесува на територијата на целата држава, односно надлежноста каде што ја имаат воспоставено Вишите јавни обвинителства во Република Северна Македонија. Временската рамка на истражувањето е пет години што е сосема доволно за извлекување на определени заклучоци во врска со спогодување во Република Северна Македонија. Сите податоци кои се однесуваат на спогодувањето во дадениот временски период во Република Северна Македонија табеларно и графички се претставени и истите се анализирани, како посебно, така и во нивна корелација.

[41] https://www.icty.org/en/content/darko-mr%C4%91a, пристапено на 13.10.2024 год.


Табела број 1

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, за период 2019 – 2023 година

Година	2023	2022	2021	2020	2019	Вкупно
Број на спогодби за вина	195	252	258	179	272	1156

Графикон број 1

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, за период 2019 – 2023 година



Презентираните податоци во табела број 1 и графикон број 1 упатуваат на заклучок дека спогодувањето како институт се применува во рамките на македонскиот правосуден систем. Во анализираниот период од 2019 година до 2023 година институтот спогодување е применет во вкупно 1156 случаи. Од година во година може да се забележат различни бројки на примена на институтот спогодување. Најмала бројка на примена на институтот спогодување имаме во текот на 2020 година, кога овој институт е применет во вкупно 179 случаи. Додека пак највисока бројка на примена на институтот спогодување

имаме во текот на 2019 година кога овој институт е применет во вкупно 272 случаи. Во целосната анализа од пет години како што потенцираравме најголема примена на спогодувањето имаме во текот на 2019 година, со 272 случаи, па во текот на 2020 доаѓа до опаѓање на примена на овој институт со примена на истиот во 179 случаи, во текот на 2021 година повторно доаѓа до пораст на примена на спогодувањето со примена на истото во 258 случаи, во 2022 година доаѓа до благо опаѓање на примената на институтот спогодување со негова примена во 252 случаи и на крај во текот на 2023 година доаѓа до поголемо опаѓање на примена на овој институт, каде што истиот е применет во 195 случаи. Причините за ваквите бројки на примена на институтот спогодување, може да бидат различни, од подготвеноста на осмниченото лице да признане вина, расположливите докази, видот на кривичното дело кое му се става на товар, одлуката на судот кој прави оценување на поднесената предлог спогодба и сл.


Табела број 2

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, по подрачја на Виши јавни обвинителства за период 2019 – 2023 година

Година	2023	2022	2021	2020	2019	Вкупно
ВЈО Скопје	81	125	110	92	139	327
ВЈО Битола	85	55	36	26	45	247
ВЈО Штип	10	8	27	19	39	103
ВЈО Гостивар	4	31	39	22	24	120
ОЈО ГОКК	15	33	46	20	25	139

Графикон број 2

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, по подрачја на Виши јавни обвинителства за период 2019 – 2023 година



ВЈО Скопје ВЈО Битола ВЈО Штип ВЈО Гостивар ОЈО ГОКК

Податоците кои се презентирани во табела број 2 и графикон број се однесуваат на вкупниот број донесени пресуди врз основа на предлог спогодби по подрачја на Виши јавни обвинителства во Република Северна Македонија во период од 2019 година до 2023 година. Од податоците кои се презентирани може да се заклучи дека институтот спогодување најмногу се применувал на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, во вкупно 327 случаи. Потоа следи подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, каде спогодувањето е применето во вкупно 247 случаи. Трето на листата е Основното јавно обвинителство за Гонење на организиран криминал и корупција, каде спогодувањето е применето во вкупно 139 случаи. Потоа следи подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар, каде спогодувањето е применето во 120 случаи. И на крај во петтогодишната анализа на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип, спогодувањето е применето во само 103 случаи. Различни се причините за овие бројки, кои може да бидат од видот на криминалитетот кој се извршува на подрачјата на вишите јавни обвинителства кои се споменати,

подготвеноста на осомничените да влезат во процес на спогодување, оправданоста, односно неоправданоста на спогодбата во смисла на одредбите од Законот за кривичната постапка. Во оваа анализа посебно треба да ја истакнеме применливоста на спогодувањето во вкупно 139 случаи од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Ако се има во предвид видот на кривичните дела за кои е надлежно ова обвинителство, односно дека се работи за кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, тогаш оправдано се поставува прашањето за оправданоста или неоправданоста на примената на овој институт кај овие кривични дела. Но со оглед на фактот дека не постојат законски пречки за примена на институтот спогодување кај овој вид криминалитет, не може да стане збор за оправданост или негова неоправданост.


Табела број 3

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, во текот на скратената постапка за период 2019 – 2023 година

Година	**2023**	**2022**	**2021**	**2020**	**2019**	**Вкупно**
Број на спогодби за вина во скратена постапка	**99**	**114**	**131**	**92**	**130**	**566**

Графикон број 3

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, во текот на скратената постапка за период 2019 – 2023 година



Во табелата број 3 и графикон број 3 презентирани се податоци за вкупната примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија во текот на скратената постапка за период од 2019 година до 2023 година. Од она што е презентирано може да се согледа дека спогодувањето во текот на скратената постапка најчесто е применува во текот на 2021 година, во вкупно 131 случаи, потоа следи применувањето на спогодувањето во текот на скратената постапка во текот на 2019 година, во вкупно 130 случачи, па применувањето на спогодувањето во текот на скратената постапка во текот на 2022 година, во вкупно 114 случаи, па применувањето на спогодувањето во текот на скратената постапка во текот на 2023 година, во вкупно 99 случачи и на крај применувањето на спогодувањето во текот на скратената постапка во текот на 2020 година, во вкупно 92 случаи. И од податоците во табелата и од графичкиот приказ може да се забележи дека постои различна динамика на применување на спогодувањето во текот на скратената постапка во периодот од 2019 година до 2023 година. Високата бројка, од 130 случаи, која е прикажна во текот на 2019 година како појдовна година на истражувањето, опаѓа во текот на 2020 година, за во 2021 година повторно да се достигне бројка од 131 случај на примена на спогодување во текот на скратената постапка, па во текот на 2023 година повторно

доаѓа до опаѓање на бројката на склучени спогодби во текот на скратената постапка. Трендот на опаѓање на бројот на склучени спогодби во текот на скратената постапка може да се забележи и во текот на 2023 година.


Табела број 4

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, во текот на истражна постапка за период 2019 – 2023 година

Година	2023	2022	2021	2020	2019	Вкупно
Број на спогодби во истражна постапка	92	126	111	85	129	543

Графикон број 4

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, во текот на истражна постапка за период 2019 – 2023 година



Во табелата број 4 и графикон број 4 презентирани се податоци за вкупната примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија во текот на истражната постапка за период од 2019 година до 2023 година. Од она што е презентирано може да се согледа дека спогодувањето во текот на истражната постапка најчесто е применува во текот на 2019 година, во вкупно 129 случаи, потоа следи применувањето на спогодувањето во текот на истражната постапка во текот на 2022 година, во вкупно 126 случаи, па применувањето на спогодувањето во текот на истражната постапка во текот на 2021 година, во вкупно 111 случаи, па применувањето на спогодувањето во текот на истражната постапка во текот на 2023 година, во вкупно 92 случаи и на крај применувањето на спогодувањето во текот на истражната постапка во текот на 2020 година, во вкупно 85 слаучаи. И од податоците во табелата и од графичкиот приказ може да се забележи дека постои различна динамика на применување на спогодувањето во текот на истражната постапка во периодот од 2019 година до 2023 година. Високата бројка, од 129 случаи, која е прикажна во текот на 2019 година како појдовна година на истражувањето, опаѓа во текот на 2020 година, за во 2021 година повторно да се достигне бројка од 111 случчј на примена на спогодување во текот на истражната постапка, па во текот на 2022 година повторно доаѓа до зголемување на бројката на склучени спогодби во текот на истражната постапка. Трендот на зголемување на бројот на склучени спогодби во текот на истражната постапка може да се забележи и во текот на 2023 година.


Табела број 5

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, по поднесен обвинителен акт за период 2019 – 2023 година

Година	2023	2022	2021	2020	2019	Вкупно
Број на спогодби по поднесен обвинителен акт	4	12	16	2	13	47

Графикон број 5

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, по поднесен обвинителен акт за период 2019 – 2023 година



Податоците кои се презентирани во табелата број 5 и графиконот број 5 се однесуваат на вкупната примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија по поднесен обвинителен акт за период од 2019 година до 2023 година. Може да се согледа дека спогодувањето како институт многу поретко се користи по поднесен обвинителен акт, за разлика од спогодувањето кое се применува во текот на скратената постапка и спогодувањето кое се применува во текот на истражната постапка. Спогодувањето по поднесен обвинителен акт во истражуваниот период од 2019 година до 2023 година најмногу е применето во текот на 2021 година, со вкупно 16 случаи, потоа следи спогодувањето по поднесен обвинителен акт во текот на 2019 година со вкупно 13 случаи, па спогодувањето по поднесен обвинителен акт во текот на 2022 година со вкупно 12 случаи, па спогодувањето по поднесен обвинителен акт во текот на 2023 година со вкупно 4 случаи и на крај спогодувањето по поднесен обвинителен акт со вкупно 2 случаи.

Табела број 6

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, во различни фази на постапката за период 2019 – 2023 година

Фаза на постапка	Спогодување во текот на скратената постапка	Спогодување во текот на истражната постапка	Спогодување по поднесен обвинителен акт
Вкупен број на спогодби	**566**	**543**	**47**

Графикон број 6

Вкупна примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија, во различни фази на постапката за период 2019 – 2023 година



Податоците презентирани во табела број 6 и графикон број 6 се однесуваат на вкупната примена на институтот спогодување во Република Северна Македонија во различни фази на постапката за период од 2019 година до 2023 година. Посебно се анализирани спогодувањето во текот на скратената постапка, спогодувањето во текот на истражната постапка и спогодувањето по поднесен обвинителен акт. Од она што е презентирано може да се заклучи дека институтот спогодување најчесто се применува

во текот на истражната постапка, во вкупно 566 случаи, во анализираниот период од 2019 година до 2023 година, потоа следи спогодувањето во текот на истражната постапка, со вкупно 543 случаи и на крај спогодувањето по поднесен обвинителен акт во вкупно 47 случаи.

5. Заклучоци од емпириското истражување за примена на казнено процесниот институт спогодување

Спроведеното емпириско истражување за примена на казнено процесниот институт спогодување резултираше и со конкретни заклучоци. Така во оваа смисла ќе ги презентираме следните заклучоци кои се однесуваат на овој казнено процесен институт:

- Спогодувањето наоѓа своја примена во рамките на македонскиот правосуден систем како резултат на донесувањето на новиот Закон за кривична постапка на Република Северна Македонија од 2010 година, кој се применува од 2012 година,
- Спогодувањето се применува од од страна на меѓународните судови, кои функоцнираат и опстојуваат на постојана или повремена основа,
- И националните судови и меѓународните судови кои го применуваат спогодувањето имаат точно определени правила за примена на истото, а со текот на времето оформена е и соодветна судска практика за примената на овој институт,
- Спогодувањето претпоставува задолжителна вклученост во постапката на јавниот обвинител и на осомничениот,
- Спогодувањето придонесува за поголема ефикасност и економичност на казнената постапка,
- Применувањето на еден ваков казнено процесен институт овозможува и поголеми погодности за осомниченото лице во рамките на постапката,
- Трошоците за кривичната постапка, како резултат на применувањето на спогодувањето драстично се намалуваат, со што доаѓа и до растеретување на буџетот,

- Со примена на институтот спогодување доаѓа до драстично намалување на времето за кое завршува постапката, па така од поднесувањето на кривичната пријава до поднесувањето на предлог спогодбата во просек поминуваат пет месеци,
- Од статистичките податоци кои беа анализирани може да се забележи дека спогодувањето во Репулика Северна Македонија покажува различни бројки во различни години,
- На подрачјата на Вишите јавни обвинителства во Република Северна Македонија може да се забележи применување на институтот спогодување.

Имајќи ги во предвид овие заклучоци истите недвосмислено укажуваат на оправданоста за заложбата на Јавното обвинителство за поголем број предмети да се решаваат на ваков начин.

Глава 6 Реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија

1. Потреба од реформа на казнената постапка во Република Северна Македонија

Во нормативна смисла во Република Северна Македонија прв закон кој ја уредува казнената постапка е Законот за кривична постапка кој е донесен во текот на 1997 година. Денес истиот овој закон е веќе вон сила и не се употребува. Ако се анализира во една историска конотација може да се дојде до заклучок дека од осамостојувањето на државата па се до донесувањето на Законот за кривична постапка од 1997 година постои една правна празнина во поглед на уредувањето на казнената постапка во државта. Оваа правна празнина во однос на казнената постапка е решена преку примена на правните прописи од поранешна Сојузна Федеративна Република Југославија, преку применување на Законот за кривична постапка на СФРЈ.

Во текот на 1997 година во Република Северна Македонија се создаваат основните предуслови за пристапување кон донесување на сопствено законско решение кое ќе ја регулира материјата на казнената постапка. Донесувањето на сопствен закон своевремено се наметнува како неопходност ако се има во предвид фактот дека применувањето на поранешниот Закон за кривична постапка на СФРЈ повеќе не беше во можност да ги остварува поставените цели и беше потребно ново законско решение кое ќе одговара на променитете околности во општеството.

Законот за кривична постапка од 1997 година како појдовна основа во себе ја има гаранцијата за почитувањето на човековите слободи и права, како универзално призната категорија. Во тој временски период во универзални, односно во меѓународни рамки постојат голем број на правни документи кои прокламираат неприкосновеност на човековите слободи и права, па токму затоа и законското решение прави гаранции за почитување на овие универзално признати човекови слободи и права. Од оваа појдовна основа на законското решение може да се согледа и неговата цел. Како главна цел на законодавецот всушност се истакнува потребата од потенцирање на гарантирањето на човековите слободи и права, односно донесување на такво законско решение кое би отстранило било каков волунтаризам во постапувањето со граѓаните. Менувањето на околностите во општеството, како и потребата од прилагодување на новите промени резултираше и со дополнување и изменување на Законот за кривична постапка од 1997

година. Неколкуте измени и дополнувања на законското решение од 1997 година се во насока на зголемување на ефикасноста на самата казнена постапка.

Матовски говори за избалансираност помеѓу казнената постапка од една страна и човековите слободи и права од друга страна. Според него треба со голема внимателност да се анализира тенденцијата за почитувањето на човековите слободи и права и тенденцијата за ефикасно реализирање на казнената постапка. Врз основа на овие тенденции кои се споменати во суштина се определува и положбата на лицето кое има статус на обвинет во постапката. Матовски истакнува дека за една казнена постапка да можеме да ја оквалификуваме како модерна потребно е јасно да бидат дефинирани условите и правилата под кои едно лице ќе биде огласено за виновно, односно ќе биде огласено за невино. Модерноста на постапката подразбира и целосно и правилно пропишани правила за законско изрекување на казната. Само на овој начин може да се зборува за постапка која ги остварува идеите на праведноста, односно постапка која ги остварува идеите на правичноста.[42]

Честото изменување и дополнување на законските прописи, вклучително и изменувањето и дополнувањето на Законот за кривична постапка доведува до недореченост во самото законско решение, кои пак влијаат во неговата примена во практика. Изменувањата и дополнувањата на законското решение за казнената постапка во принцип се резултат на надминување на одредени слабости кои биле детектирани во примената на законот.

Сулејманов јасно ја истакнува потребата од реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија. Според него потребно е спроведување на еден просец на системско обновување на казнената постапка, како би се создала постапка која е модерна, односно постапка која се применува во најголемиот дел од модерните држави. Македонија како и останатите земји од поранешна Сојузна Федеративна Република Југославија го поминаа процесот на транзиција. Токму овој транзиционен процес е уште една многу силна причина да се пристапи кон реформирање на казнената постапка, односно да се пристапи кон реформирање на казнено процесниот систем во државата. Процесот на реформирање на казнената постапка треба да резултира со гаранции за почитување на универзално признатите човекови слободи и права. Секако реформата на казнената постапка би била и гаранција за почитување на положбата на

[42] Матовски, Никола, Моделот на истрагата, Зборник на трудови на Правниот факултет, Правен факултет "Јустинијан први" – Скопје, Скопје, 2007, 105 – 107.

обвинетиот во постапката, односно за почитување на правата на обвинетиот во постапката.[43] И Калајџиев јасно ја истакнува потребата од реформирање на казнената постапка во државата. Тој анализирајќи ја казнената постапка истакнува дека Законот за кривична постапка кој е донесен во 1997 година во државата, од содржински аспект претставува добро законско решение кое ги задоволува потребите. Истиот има своја кохерентност, прецизност во уредувањето и концизност. Вака концепираното законско решение своевремено е добра основа за гарантирање на човековите слободи и права, како и за гарантирање на правните принципи и постулати на една држава.[44]

Процесот на реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија не се води изолирано, односно истиот е под силно и изразено влијание на процесите на реформирање на казнените постапки во останатите држави. Најголемиот дел од современите демократски држави пристапија кон реформирање на казнената постапка се со цел да создадат услови за подобрување на положбата на обвинетиот во постапката, односно да изградат силни гаранции за правата на обвинетото лице во постапката. Различен е пристапот на современите држави кои се решаваат за реформирање на казнената постапка. Дел од нив одат преку процес на подобрување на постојаните законски решенија, додека пак останатиот дел се решаваат за донесување на целосно нови законски решенија преку кои прават драстични промени во системот на казнената постапка. Во оваа смисла треба да истакнеме дека Германија е една од државите која се решава за подобрување на основниот законски текст за кривичната постапка, преку негово дополнување и изменување, за разлика на пример од Италија која во текот на 1988 година донесува целосно нов Закон за кривична постапка.

Појавата на меѓународното казнено право, односно појавувањето на меѓународната казнена правда прават силно влијание врз националните правни системи за реформирање на казнената постапка. Во ситуација кога постојано се говори за почитување на човековите слободи и права во универзални рамки, неизбежно беше постулатите и идеите на меѓународното казнено право да не имплементираат во националните правни системи, односно да се имплементираат во законските решенија кои ја уредуваат материјата на казнената постапка.

[43] Сулејманов, Зоран, Криминална политика, Графохартија, Скопје, 2011, 57 – 61.
[44] Калајџиев, Гордан, Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и во Македонија, Зборник на Правен факултет "Јустинијан први" – Скопје, Скопје, 2010, 472 – 479.

Новото време резултираше и со појавување на нови, софистицирани облици на криминалитет. Се дојде до сознание дека за овие нови облици на криминално однесување потребно е да постојат и поиздржани законски решенија кои би можеле да одговорат на предизвикот. Појавувањето на тероризмот како глобален проблем, интернационализацијата на криминалното однесување, користењето на новите информатички технологии, појавата на организираните криминални групации се само еден дел од причините поради кои е потребно реформирање на казнената постапка.

Процесот на реформирање на казнената постапка според Матовски треба да резултира со успешно сузбивање на новите облици на криминално однесување од една страна и создавање на систем кој ќе биде гаранција за заштита на правата и слободите на поединецот во општеството. Според него токму овие две тенденции се најчесто водилка при реформирањето на казнената постапка во различните земји. Како резултат на ова доаѓа и до идентичност на законските решенија кои ја уредуваат материјата која се однесува на казнената постапка. Идентичноста во правното регулирање и нормирање на казнената постапка воопшто не треба да се сфати како проблем, напротив доколку законското решение е добро и издржано истото може да најде применливост во различните национални правни системи, секако со потребните прилагодувања во секоја држава одделно.[45]

Реформирањето на казнената постапка е сложен и комплексен процес во секоја држава. Конкретно во Република Северна Македонија претходно наведовме доволно причини за пристапување на еден сеопфатен реформски процес на казнената постапка. Конкретно во Република Северна Македонија се дојде до заклучок дека концептот на казнена постапка воведен со Законот за кривична постапка од 1997 година станува неефикасен, неекономичен, незаштитнички, па токму затоа потребата од реформирање на постапка е повеќе од потребна. Конечно процесот на реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија започнува и се реализира преку донесувањето на новото законско решение во државата, а тоа е Законот за кривична постапка кој се донесува во 2010 година, а почнува да се применува од 2012 година. Според својата содржина новото законско решение во целост ја менува казнената постапка во Република Северна Македонија. Преку ова законско решение се

[45] Матовски, Никола, Казнено процесно право, Правен факултет "Јустинијан први" – Скопје, Скопје, 2003, 7 – 13.

поставуваат основите на новите системи на казнената постапка во Република Северна Македонија.

Во историското анализирање на развој на системот на казнената постапка во Република Северна Македонија како што можевме да видиме постојат неколку фази. Првата фаза е фазата на немањето на сопствен закон за казнена постапка и применување на поранешниот закон од Сојузна Федеративна Република Југославија. Втората фаза е фазата на донесувањето на сопствен закон за казнена постапка, кој своевремено ги постигнува целите за кои што беше донесен. И последната фаза од развојот на системот на казнената постапка во Република Северна Македонија е донесувањето на законското решение од 2010 година, односно донесувањето на новиот Закон за кривична постапка, со кој се прави целосно ревидирање и реформирање на системот на казнена постапка во државата.

2. Одлики на казнената постапка во Република Северна Македонија согласно Законот за кривична постапка од 1997 година

Законот за кривична постапка од 1997 година на Република Северна Македонија во системот на казнена правда има посебна важност од причина што со истиот за првпат во државата се регулира материјата која се однесува на казнената постапка. Иако во формална смисла ова законско решение повеќе не се применува и не е во сила, сепак неговите решенија заслужуваат посебно внимание за анализа.

Спроведувањето на казнената постапка во практика се реализира од страна на органите на системот кои имаат точно утврдена надлежност во рамките на соодветните законски прописи, без разлика дали се работи за суд, полиција или обвинителство. Законот за кривична постапка претставува суштинскиот и основниот законски пропис кој се однесува на казнената постапка. Иако за останатите органи кои се надлежни за спроведување на казнената постапка постојат посебни законски решенија, за судовите, за јавните обвинителства, за полицијата, сепак Законот за кривична постапка се наоѓа на пиедесталот на правни акти со кои се уредува материјата поврзана со казнената постапка.

Согласно Законот за кривична постапка од 1997 година, казнената постапка според сите елементи во суштина претставува инквизиторна постапка која е дизајнирана како службена истрага на судот. Една ваква постапка е доста долга и скапа. А судот истовремено е оптоварен со обврската целосно да го расчисти случајот и не може објективно да биде непристрасен и независен. Донесувањето на новиот Закон за кривична постапка од 2010 година всушност обезбедува менување на концептот на мешовита казнена постапка во Република Северна Македонија, како концепт кој во себе вклучуваше голем број на инквизиторни елементи.

Судот согласно Законот за кривичната постапка од 1997 година има доста активна улога во спроведувањето на самата казнена постапка. Со новото законско решение од 2010 година оваа активна улога на судот во водењето на постапката се пасивизира, па така странките се тие кои ја добиваат активната улога во текот на постапката. Една од одликите на Законот за кривична постапка од 1997 година е и постоењето на истражниот судија. Новиот закон за кривична постапка од 2010 година врши практично укинување на истражниот судија и воведува чиста акузаторна главна расправа на која се воведува и вкрстено испрашување.

Потребно е да се направи разликување на поимите на инквизиторна казнена постапка и акузаторна казнена постапка како би можело да се направи нивна меѓусебна динстинкција. Инквизиторната казнена постапка во центарот на вниманието ја става истрагата. Се работи за постапка која е адаптирана на потребите од социјална репресија каде што двојната улога на препознавање на сторители и нивно кривично гонење сега ја презема државата, по службена должност. Акузаторната казнена постапка ги разликува трите основни функции, гонење, одбрана и пресудување. Сите овие три функции се олицетворени во три различни субјекти.[46]

Согласно законското решение од 1997 година различни органи учествуваат во спроведувањето на казнената постапка. Сите овие органи имаат точно определени надлежности во насока на целосно спроведување на казнената постапка. Согласно начелото на поделба на власта, судската власт е целосно издвоена и независна од извршната и од законодавната власт. Во рамките на македонскиот судски систем постои точно утврдена мрежа на судови кои ја извршуваат и ја практикуваат судската власт. Така во оваа смисла може да се зборува за основни судови, апелациони судови, Врховен

[46] Иванова, Елена, Воведување на вкрстено испрашување преку одредбите на новиот Закон за кривична постапка, Годишен зборник на Правен факултет Штип, Правен факултет Штип, Штип, 2019, 95 – 115.

суд на Република Северна Македонија, Уставен суд на Република Северна Македонија, Управен суд на Република Северна Македонија, Виш управен суд на Република Северна Македонија.

Судовите кои постапуваат во прв степен се определуваат како основни судови. Согласно законското решение истите може да бидат основани како судови кои имаат основна надлежност во постапувањето и судови кои имаат проширена надлежност во постапувањето. Основен критериум за тоа дали ќе стане збор за основен суд со основна надлежност или ќе стане збор за основен суд со проширена надлежност е стварната надлежност која ја имаат. Треба да се истакне дека во рамките на оние судови кои постапуваат како судови со проширена надлежност може да се формираат и специјализирани судски оддели.

Во втор степен постапуваат апелационите судови во мрежата на судови во Република Северна Македонија. Во Република Северна Македонија во втор степен постапуваат следните апелациони судови, и тоа: Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип, Апелационен суд Гостивар и Апелационен суд Битола. Основна надлежност на овие судови кои постапуваат во втор степен е решавање на изјавените жалби против одлуките кои се донесени од страна на судовите во прв степен, односно против проесудите кои се донесени од страна на основните судови со основна и основните судови со проширена надлежност.

Единство во применување и практикувањето на правото и законите во државата се обезбедува од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Врховниот суд на Република Северна Македонија има територијална надлежност на целата држава, со седиште во Скопје. Врховниот суд ги има следните законски надлежности:

- одлучува по жалбите кои се изјавени против одлуките кои се донесени од страна на судовите кои постапуваат во втор степен, односно одлуките кои се донесени од страна на апелационите судови,
- донесува одлуки по изјавените вонредни правни лекови,
- одлучува против одлуките кои се донесени од страна на советите кои функционираат во рамките на Врховниот суд на Република Северна Македонија,
- донесува одлуки и го решава евентуалниот судир на надлежности помеѓу судовите кои постапуваат во втор степен,

- донесува одлуки и го решава евентуалниот судир на надлежности помеѓу судови кои се наоѓаат на различни апелациони подрачја.

Јавното обвинителство претставува многу значаен орган кој учествува во спроведувањето на казнената постапка. Јавното обвинителство на Република Северна Македонија претставува државен орган, кој постапува самостојно и на единствена основа. Основна надлежност на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија е гонење на сторителите на кривичните дела, како и на сторителите на другите казнени дела кои се утврдени со закон. Исто така Јавното обвинителство извршува и други работи кои му се утврдени и доверени со закон. Слично како и судскиот систем во државата и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија има своја организациска поставеност и организациска структура.

Па така во организациска смисла во јавнообвинителскиот систем во државата може да стане збор за Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, виши јавни обвинителства и основни јавни обвинителства. Оваа организациска поставеност на јавните обвинителства во државата всушност одговара на организациската поставеност на судовите. Имајќи го во предвид ова тврдење може да се заклучи дека сите основни јавни обвинителства имаат надлежност да постапуваат пред основните судови во земјата, сите виши јавни обвинителства во земјата имаат надлежност да постапуваат пред апелационите судови во земјата и на крај Јавното обвинителство на Република Северна Македонија има надлежност да постапува пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Јавниот обвинител има низа на законски утврдени надлежности и тоа:

- Откривање на сторители на кривични дела преку преземање на конкретни дејствија, активности и мерки,
- Преземање на конкретни чекори за спроведување и водење на постапката во претходна фаза,
- Поднесување на обвинениија пред надлежните судови, како и застапување на обвинениија,
- Донесува одлуки со кои се одлучува за преземање на кривично гонење, како и одлуки со кои се одлучува за прекинување од кривично гонење,
- Можност да изјавува правни лекови во сите фази на постапката,

- Јавниот обвинител води грижа за доследно и правилно применување на изречените санкции на сторителите на кривичните дела,
- Вршење на други работи кои се определени со закон.

Во спроведувањето на казнената постапка во Република Северна Македонија своја улога има и полицијата. Оваа важна улога на полицијата во спроведувањето на казнената постапка може да се согледа во реализацијата на извидите на терен, во обезбедувањето на докази од извршено кривично дело, обезбедувањето на траги од извршено кривично дело, во воспоставувањето на соработка со останатите органи во рамките на правосудниот систем и сл.[47] Полицијата за потребите на спроведувањето на казнената постапка може да презема точно определени дејствија и активности кои се законски определени. Така во оваа смисла, како овластувања и надлежности на полицијата може да се истакнат следните и тоа: повикување на лица, приведување на лица, лишување од слобода, задржување, потрага по лица и по предмети, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства, привремено одземање на предмети, преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација, сопирање, легитимирање и преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж, вршење увид на местото на настанот, земање отпечатоци, примерок за ДНК анализа и фотографирање, препознавање на лица, примање на кривична пријава, поднесување на кривична пријава.

Полицијата во рамките на казнената постапка е од голема важност без разлика дали се работи за инквизиторен тип на постапка, акузаторен тип на постапка или пак се работи за мешовит тип на казнена постапка. Токму полицијата како еден од органите кој е вклучен во спроведувањето на казнената постапка многу често прва дознава за постоење на кривично дело и како резултат на тоа презема конкретни чекори за откривање на сторителот на кривичното дело.

[47] Калајџиев, Гордан, Стојановски, Трпе, Критички осврт кон Законот за полиција, бр. 1, ФИООМ, Скопје, 2006, 15 – 19.

3. Постулати на Законот за кривична постапка од 2010 година – реформски акт за реформирање на казнената постапка

Постулатите на Законот за кривичната постапка од 2010 година како ново законско решение во однос на казнената постапка кај нас во државата најдобро може да се согледаат во начелата на истиот. Законот за кривична постапка од 2010 година има точно определена цел која треба да се постигне во практиката, а тоа секако е создавање на услови за правично судење во рамките на казнената постапка. Правичноста како категорија подразбира дека изрекувањето на кривичните санкции ќе биде резервирано за сторителите на кривичните дела, додека пак невините лица нема да бидат осудени. Кривичните санкции кои им се изрекуваат на сторителите на кривичните дела се изрекуваат во смисла на одредбите од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Постапката во која се одлучува за тоа дали некое лице е виновно или не за некое кривично дело мора да биде законита, односно истата задолжително мора да биде спроведена во смисла на одредбите од Законот за кривичната постапка.

Ако се направи содржинска анализа на Законот за кривична постапка ќе може да се забележи дека составен дел на истиот се неколку начела, всушност се работи за процесни начела кои ги даваат основите на постапување од страна на сите учесници во казнената постапка. Сите процеси, активности и дејствија кои се преземаат во рамките на казнената постапка многу подобро може да се разберат и да се сфатат преку непосредна примена и анализа на овие процесни начела. Начелата на казнената постапка имаат своја улога и во рамките на толкувањето на законските решенија од Законот за кривичната постапка. Имено, определените правни празнини во законското решение, како и определените нејаснотии се решаваат токму со непосредна примена на овие процесни начела. Токму преку начелата и кај општата и кај стручната јавност може да се создаде слика за тоа што навистина сакал да постигне законодавецот кога го донесувал законското решение. Начелата на казнената постапка треба да се сфатат како правила кои се од општа природа, и до истите се доаѓа преку процес на синтетизирање на процесните прописи. Во однос на правните акти од каде потекнуваат овие процесни начела, истите може да бидат резултат на акти кои се донесени во рамките на националното право на една држава или пак да бидат резултат на акти кои се донесени во меѓународни рамки и имаат универзален карактер.

Процесните начела кои се дел од Законот за кривичната постапка покриваат и се однесуваат на различни аспекти од предметната материја. Па така во оваа смисла може да се зборува за начела кои се од важност за поведувањето на казнената постапка, начела кои се од важност за самиот тек на водење на казнената постапка, начела од организациска природа. Како би можело да се сфати значајноста и важноста на процесните начела на казнената постапка потребно е нивно посебно анализирање и разработка.

Законот за кривична постапка предвидува одредби кои се во тесна корелација и се однесуваат на заштита на стандардите за фер и правично судење.[48] Правото на правично и јавно судење е едно од суштинските начела на казнената постапка. Преку ова начело во суштина се обезбедува правичност на постапката, јавност на постапката, судење од страна на суд кој е независен и непристрасен. Самото начело обезбедува контрадикторност на постапката, што всушност значи дека обвинетото лице во постапката може да прави оспорување на сите обвинениј кои му се стават на товар, како и да предлага докази кои одат во негова полза.

Објективноста и утврдувањето на вистината како начело во постапката всушност се однесува на органите кои непосредно се вклучени во реализација на казнената постапка. Како резултат на ова начело сите органи постапуваат, односно треба да постапуваат во согласност со пропишаните правила, да ја бараат и почитуваат вистината и да постапуваат објективно. Органите кои се вклучени во реализација на казнената постапка треба на еден објективен начин да ги согледаат сите околности на случајот, да ги утврдат релевантните факти и притоа да донесат одлука која се заснова на закон.

Лицето кое е обвинето за кривично дело се смета за невино се додека не се докаже неговата вина во рамките на постапката и додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда. Се работи за уште едно суштинско начело на казнената постапка, а тоа е начелото за презумпција на невиност. Презумпцијата на невиност се однесува и на сите оние медиуими кои известуваат за текот на некоја казнена постапка. Имено медиумите кои на било кој начин успеале да дознаат за податоци кои се однесуваат на конкретна казнена постапка истите не смеат да ги сторат достапни на

[48] Мисоски, Бобан, Аврамовски, Дарко, Петровска, Натали, Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки од областа на организираниот криминал и корупција во 2019 година, Коалиција "Сите за правично судење", Скопје, ОБСЕ, Скопје, 2019, 35.

јавноста. Презумпцијата на невиност е важен аспект на правичното постапување спрема обвинетиот бидејќи претставува процесен механизам што го ослободува обвинетиот од обврската да ја докажува својата невиност, од една страна, а ги задолжува сите физички и правни лица (вклучително и учесниците во постапката, но и општата јавност) да го сметаат обвинетиот за невин сè додека вината не биде утврдена со правосилна судска пресуда.[49]

Постојат гаранции и правила за ограничување на правата и слободите на лицето кое има статус на обвинет во казнената постапка. Ова ограничување е направено во смисла на Уставот на државата, меѓународните договори кои го поминале соодветниот процес на ратификација и законот. Токму начелото на законитост и пропорционалност ги поставува овие ограничувања на правата и слободите на обвинетото лице. Доколку истите не постојат се создаваат можности и услови за голем волунтаризам во постапувањето од страна на државните органи, а како резултат на тоа може да дојде до непотребно и прекумерно ограничување на правата и слободите на поединецот, конкретно на обвинетото лице.

Начелото на слободна оцена на доказите исто така има своја улога во рамките на казнената постапка. Преку ова начело во практиката се создаваат услови секој орган кој постапува во рамките на казнената постапка слободно да ги цени доказите, да утврдува факти кои се од значење за случајот и секако на крај да донесе соодветна одлука. Во смисла на ова начело е и обврската за давање на образложение за донесените одлуки од страна на органите кои учествуваат во казнената постапка.

Акузаторноста како начело на казнената постапка се поврзува со поделбата на трите основни функции во рамките на казнената постапка, а тоа секако се гонењето, одбраната и пресудувањето. Како резултат на ова начело сите овие функции се доверени во рацете на различни субјекти во казнената постапка. Имено, гонењето е во рацете на јавниот обвинител, одбраната е во рацете на обвинетиот, односно неговиот бранител и пресудувањето е во рацете на судот. Акузаторноста претпоставува дека една казнена постапка може да биде водена само во ситуација кога постои барање од страна на овластен тужител во рамките на постапката.

[49] Калајџиев, Гордан, Лажетиќ, Гордана, Неделкова, Лидија, Денковска Маја, Тромбева, Мери, Витаров, Тодор, Јанкуловска, Павлина, Кадиев, Дељо, Коментар на Законот за кривичната постапка, ОБСЕ, Скопје, 2018, 30.

Начелото на официјалноста укажува на фактот дека казнената постапка се поведува по принципот на службена должност и истата се води во контекст на почитување на општествениот интерес. Јавниот обвинител е тој кој го има завршниот збор во однос на поведување или преземањето на кривичното гонење во дадена ситуација.

Начелото на легалитет како едно од начелата на казнената постапка директно се однесува на овластувањата и надлежностите на јавниот обвинител. Ова начело всушност значи дека јавниот обвинител има законска обврска секогаш кога ќе бидат исполнети условите за кривично гонење истото задолжително да го преземе. Доволна основа за започнување со кривичното гонење е исполнителноста на законските услови, без разлика на субјективното убедување и размислување на јавниот обвинител кој постапува во конкретниот предмет. Лажетиќ, Мисоски и Илиќ – Димоски исто така говорат за начелото на легалитет во рамките на казнената постапка. Според нив содржински ова начело означува дека јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност.[50]

Контрдикторноста на казнената постапка исто така е резултат на едно од процесните начела, а тоа е начелото на контрадикторност на постапката. Начелото на контрадикторност се однесува на сите субјекти во постапката. Како резултат на ова начело сите субјекти во постапката имаат право да ги презентираат своите ставови и факти, како и право да ги побиваат ставовите на спротивната страна. Согласно ова начело на контрадикторност на постапката се создаваат услови за изјаснување од страна на субјектите на постапката за сите прашања кои се од фактичка и правна природа. Ако пошироко се анализира начелото на контрадикторност на казнената постапка може да се дојде до заклучок дека истата пред се е резултат на начелото на правична судска постапка, односно начелото на правично судење. Преку начелото на контрадикторност на казнената постапка всушност се гарантира положбата на странките во рамките на казнената постапка.

Начелото на усност на казнената постапка е само потврда за контрадикторноста на постапката. Усноста е гаранција дека сите докази во текот на постапката ќе бидат презентирани на еден јасен начин, со голема прецизност и притоа нема да има никаква

[50] Лажетиќ, Гордана, Мисоски, Бобан, Илиќ – Димоски, Дивна, Ефикасноста на судењето во разумен рок како правно средство и користењето на спогодувањето за кривична санкција во Северна Македонија, (Спогодување за кривична санкција), Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје, 2021, 14.

довосмисленост во нивното прикажување. Усноста на постапката претпоставува презентирање на сите докази на претрес кој е јавен. Успешното спроведување на казнената постапка, како и правилното утврдување на вистината во постапката е во директна врска токму со начелото на усност во казнената постапка.

Начелото на непосредност на казнената постапка всушност означува дека судот кој има функција на пресудување во конкретна ситуација самиот ги осознава сите факти кои се од значење за донесување на конечна одлука. Непосредноста значи исклучување на било какви посредни медиуми кои би имале улога на презентирање на факти пред судот, напротив судот самостојно, на непосреден и директен начин ги дознава сите оние факти кои се од суштинско значење за донесувањето на правилна и издржана одлука. Ова начело му овозможува на судот истовремено да стекне и сопствено убедување за доказите кои се од значење за конечното решавање на спорот.

Во вкупното разгледување и анализирање на начелата на казнената постапка задолжително треба да се спомене и начелото на јавност. Јавноста во казнената постапка пред се се однесува на главниот претрес кој по сила на закон е јавен, освен во оние случаи кога законот предвидува исклучување на општата јавност. Јавноста како начело се однесува и на самиот тек на објавување на пресудата. Се работи за процесно начело кое навистина има голема важност за казнената постапка. Истото ова начело е предвидено и во Уставот на Република Северна Македонија, односно истото е преточено во уставен принцип. Токму неговата уставна предвиденост и нормираност е потврда за значајноста на истото. И Гроздановска прави анализа на начелото на јавност во рамките на казнената постапка. Според неа, начелото на јавност може да манифестира контра продуктивен и загрозувачки ефект при истражување на делата, врши притисок врз јавното мислење и ја доведува во прашање судската независност.[51]

4. Придобивки од донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година

[51] Гроздановска, Марија, Начелата на кривичната постапка и спогодувањето, Меѓународен дијалог: Исток – Запад, Vol. 6, Iss. 2, Меѓународен славјански универзитет, Свети Николе, 2019, 165 – 171.

Стручната јавност уште во времето на реформирањето на казнената постапка јасно ги презентира придобивките од донесувањето на еден нов закон со кој ќе се уредува казнената постапка во Република Северна Македонија. Нанев, Мисоски и Бужароска – Лажетиќ истакнуваат неколку суштински придобивки од реформирањето на казнената постапка кај нас во државата. Според нив донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година овозможува модернизирање на казнената постапка во согласност со казнените постапки на останатите модерни демократски држави. Исто така со самото законско решение се обезбедува и зајакнување на казнено правниот систем во државата. Ова законско решение претставува и добар механизам за решавање на проблемот со новите облици на криминално делување, пред се на современите облици на криминалитет во државата. Непосредната примена на Законот за кривичната постапка од 2010 година обезбедува успешна борба на државата со разните облици на организиран криминалитет, економски криминалитет, коруптивните дејствија, наркокриминалитетот, трговијата со луѓе и сл. Стариот Закон за кривична постапка од 1997 година во суштина продуцираше и неефикасна постапка, па токму затоа беше пристапено кон донесување на ново законско решение кое ќе овозможи модернизација на казнената постапка. Доколку се обидеме да ги сублимираме придобивките од донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година тие би биле:

- Менување, односно редефинирање на улогата на сите учесници во рамките на казнената постапка,
- Зајакнување на јавнообвинителскиот систем во државата, како неопходност поради фактот дека токму јавниот обвинител станува носител на постапката,
- Утврдување и определување на приоритетите во водењето на самата казнена постапка,
- Поедноставување на редовната судска постапка,
- Применување на нови, скратени постапки.[52]

Донесувањето на нов Закон за кривична постапка во Република Северна Македонија означува и компатибилност на македонското процесно казнено законодавство со казнено процесните законодавства на европските модерни и

[52] Нанев, Лазар, Мисоски, Бобан, Бужаровска – Лажетиќ, Гордана, Компаративно истражување на решенијата за забразување и поедноставување на казнената постапка, Здружение за кривично право и криминлогија на Македонија, Скопје, 2008, 8 – 13.

демократски држави. Доколку не се пристапеше кон реформирање на казнената постапка во Република Северна Македонија се доведуваше во прашање успешноста со новите облици на криминалитет. Старото законско решение веќе беше надминато, од аспект на успешна борба со новите облици на криминално однесување, па токму затоа новото законско решение за казнената постапка поставува основи за успешна борба со современите облици на криминалитет. Реформирањето на казнената постапка подразбира промени кои од структурна природа во однос на самата постапка, како и промени во делот на овластувањата и надлежностите кои ги имаат учесниците во казнената постапка.

Во контекст на вкупните измени и реформи на казнената постапка е и реформирањето на претходната постапка. Имено, оваа постапка се прилагодува на европските трендови во казнено процесното законодавство. Како резултат на ова реформирање на претходната постапка доаѓа и до изменување на улогата на полицијата, улогата на јавното обвинителство и улогата на судот во рамките на казнената постапка. Ако се направи едно компарирање на Законот за кривична постапка од 1997 година и Законот за кривична постапка од 2010 година во поглед на претходната постапка ќе може да се дојде до заклучок дека со новото законско решение во целост се реформираат улогите на овие субјекти во постапката, односно улогите на полицијата, јавното обвинителство и судот. Новото законско решение се смета дека е подобро од претходното и истото во целост го менува концептот на една казнена постапка која е неефикасна.

Новиот Закон за кривична постапка од 2010 година врши укинување на истражниот судија. За разлика од старото законско решение кое предвидуваше истражен судија во Законот за криивична постапка од 2010 година се воведува судија на претходна постапка. Потребно е да се направи компарирање на надлежностите на истражниот судија и судијата на претходната постапка како би можеле да се увидат разликите помеѓу старото и новото законско решение. Истражниот судија вушност беше активен истражител, сега преку воведувањето на судијата на претходната постапка, судијата само се фокусира на контролирање на оние мерки, дејствија и активности со кои се навлегува во правата и слободите, како и на контролирање на доказите од аспект на нивната легалност и легитимност. Процесот на реформирање на казнената постапка воопшто не е лесен, напротив од 2010 година па се до денес се покажа дека истиот е доста комплексен. Целокупниот процес на реформирање на

казнената постапка во Република Северна Македонија најдобро може да се согледа преку следните заклучоци кои следат во продолжение:

- Преку процесот на реформирање на казнената постапка доаѓа до напуштање на судскиот патернализам. Истовремено товарот на докажување во рамките на постапката се префрла врз странките,
- Јавното обвинителство, односно јавниот обвинител добива сосема поразлична и поактивна улога за разлика од старото законско решение. Имено, јавниот обвинител стекнува раководна позиција и улога во текот на претходната постапка. За истакнување се и надлежностите и овластувањата што ги има јавниот обвинител врз полицијата во насока на нивно координирање и насочување,
- Укинување на истражниот судија доведува и до укинување на судската истрага. Ова укинување на судската истрага се надополнува со раководна улога на јавниот обвинител во рамките на претходната постапка,
- Со новото законско решение доаѓа до забрзување на постапките. Пред се се дава предност на применувањето на спогодувањето во рамките на казнената постапка, како и предност на постапките кои според правилата и според начинот на спроведување се поедноставни,
- Реформирањето на казнената постапка опфаќа и процес на рационализирање на системот на правни лекови кои се применуваат во казнената постапка,
- Законското решение од 2010 година како современо и модерно истовремено обезбедува и имплементација на бројни препораки од Советот на Европа, Европската Унија, бројни меѓународни документи како би се изградил демократски систем на казнена правда,
- Преку процесот на реформирање на казнената постапка во суштина се обезбедува и рационализирање на казнената постапка, од аспект на нејзината ефикасност и ефективност,
- Доаѓа до зголемување на ефикасноста во постапувањето на сите органи во постапката, како и до намалување на трошоците за водење на постапка.

Заклучок

Предмет на анализа на магистерскиот труд беше спогодувањето кое претставува реалативно нов исниитут во казненото процесно право на Република Северна Македонија, па и во останатите европски држави. Се работи за казнено правен институт кој има своја долга традиција во земјите од англосаксонскиот правен систем.

Компаративното согледување на спогодувањето во различните системи овозможи да се извлечат неколку заклучоци. Така во оваа смисла како општ заклучок е дека најголемиот број држави во Европа, вклучително и Република Северна Македонија пристапуваат кон целосно реформирање на казнената постапка. Процесот на реформирање на казнената постапка има за цел да се обезбеди нејзино забрзување и поедноставување, односно да се создадат услови за нејзина поголема ефикасност и ефективност. Реформата на казнено процесните системи во државите во Европа обезбедува воведување на еден нов систем на консензуална правда, како систем кој дотогаш не бил познат на европското тло. Се работи за систем кој има своја долга традиција во државите кои припаѓаат на англосаксонскиот правен систем, како што се Англија, Соединетите Американски Држави, Велс и др/

Процесот на реформирање на казнено процесниот систем опфаќа воведување на голем број на новини во овие држави. Така во оваа смисла доаѓа до реформирање на претходната постапка, јасно разделување на функциите кои ги извршува јавниот обвинител и судијата, воведување на истражувачки тимови во рамките на јавните обвинителства, воведување на судија на истрага и сл.

Преку магистерскиот труд всушност успеавме да го определиме предметот на истиот. Се направи определување и анализирање на сите аспекти на спогодувањето како казнено процесен институт и кај нас во Република Северна Македонија и во останатите држави во светот. Ова компаративно согледување на институтот за спогодување ги даде потребните одговори со кои всушност се докажува неговата успешност и потреба во решавањето на кривичните предмети, во насока на поедноставување и забрзување на казнената постапка.

Преку магистерскиот труд објаснети се примените на казнената постапка кај нас во Република Северна Македонија во корелација со институтот спогодување, со посебно акцентирање на компаративните аспекти на спогоодувањето во компаративното казнено право.

Предметот на магистерскиот труд е постигнат преку разработка на неколку различни аспекти кои директно се однесуваат на спогодувањето.

Во воведниот дел од трудот дадени и потенцирани се насоките за научното истражување. Врз основа на овие насоки се овозможува целосно истражување на различните аспекти на спогодувањето во компаративна смисла, односно во компаративното казнено право.

Првиот дел на магистерскиот труд ги опфаќа општите напомени за спогодување врз основа на законските одредби од Законот за кривична постапка од 2010 година. Преку овој дел на трудот се добиваат основните знаења за овој казнено процесен институт во македонското казнено процесно право.

Вториот дел на магистерскиот труд ги опфаќа сите правила кои се од суштинско значење за правилна примена на спогодувањето. Ако се има во предвид фактот дека преку спогодувањето во крајна инстанца се навлегува во човековите права, тогаш постоењето за издржана правна рамка е повеќе од потребна.

Третиот дел на трудот се фокусира на спогодувањето во земјите од англосаксонскиот правен систем. Посебно во овој дел анализирано е спогодувањето во Соединетите Американски Држави и спогодувањето во Англија.

Четвртиот дел на магистерскиот труд се осврнува на спогодувањето во земјите од континентално правниот систем. Посебно во овој дел анализирано е спогодувањето во Италија, Германија, Франција, Русија, Босна и Херцеговина, Србија и Хрватска.

Петтиот дел на трудот е емпириски, истражувачки. Во овој дел направена е анализа на судска пресуда донесена врз основа на спогодување од страна на македонските судови, како и анализа на судска пресуда донесена врз основа на спогодување од страна на меѓународните судови. Исто така во овој дел претставени и анализирани се и статистички податоци за примена на спогодувањето во Република Северна Македонија во период од 2019 – 2023 година. Податоците се обезбедени од Извештаите за работа на јавните обвинителства во Република Северна Македонија, како извештаи кои се публикуваат од страна на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Шестиот дел од магистерскиот труд ги анализира реформските процеси во делот на казнената постапка во Република Северна Македонија. Се покажа дека е

неопходно едно вакво анализирање на реформирањето на казнената постапка во државата од причина што токму казнено процесниот институт спогодување се воведува во македонскиот казнено процесен систем преку оваа реформа од 2010 година, преку донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година.

Спогодувањето како еден од начините за забрзување и поедноставување на казнената постапка има големо значење за казнено процесниот систем на државите. Преку примената на овој казнено процесен институт во практиката се овозможува пократко траење на казнената постапка. Скратувањето на постапката доведува и до значителни заштеди на дополнителни трошоци и човечки ресурси. Спогодувањето за овозможува сигурност за сите странки кои се инволвирани во процесот на спогодување, односно се создаваат услови за заштита и на јавниот интерес и заштита на правата и слободите на обвинетото лице.

Користена литература:

1) Abrams, David, Is Pleading Really a Bargain, Journal of Empirical Legal Studies, vol. 8, 2011, 199 – 201.
2) Bloom, Robert, Brodin, Mark, Examples & Explanation: Criminal Procedure Constitution & Police, Paperback, London, 2012, 224 – 240.
3) Brkic, Snezana, Dogovoreno priznanje (plea bargaining) u angloamerickom pravu, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Novom Sadu, Vol XXXVII,br. 1-2, Novi Sad, 2003, 182- 191.
4) Бужаровска, Гордана, Европската Унија и правосудната соработка во казнената материја, Зборник од конференција, Актуелните прашања на државата и правото во Руската федерација и во Република Македонија, Москва, 2006, 34 – 37.
5) Verrest, Pieter, The French Public Prosecution Service, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3, 2000, 223.
6) Гроздановска, Марија, Видови спогодување во кривичната постапка, , Меѓународен дијалог: Исток – Запад, Vol. 8, Iss. 2, Меѓународен славјански универзитет, Свети Николе, 2021, 95 – 99.
7) Гроздановска, Марија, Начелата на кривичната постапка и спогодувањето, Меѓународен дијалог: Исток – Запад, Vol. 6, Iss. 2, Меѓународен славјански универзитет, Свети Николе, 2019, 165 – 171.
8) Грубач, Момчило, Кривично процесно право, Службени гласник, Београд, 2006, 13
9) Dervieux, Valèrie, The French system, во European Criminal Procedures, (eds. M.Delmas-Marty / J.R. Spencer), Cambridge University Press, 2002, 205.
10) Đurđić, Vojislav, Krivični postupak Srbije, Centar za publikacije, Pravni fakultet u Nišu, Nis, 2006, 15.
11) Ђурђић Војислав., Кривично процесно право – посебни део, Ниш, 2011, 56.
12) Zander, Michael, Cases and Materials the English Legal System, Cambridge University Press, 2012, 336.
13) Иванова, Елена, Воведување на вкрстено испрашување преку одредбите на новиот Закон за кривична постапка, Годишен зборник на Правен факултет Штип, Правен факултет Штип, Штип, 2019, 95 – 115.

14) Илиќ, Дивна, Реформата на истрагата во Република Македонија, Правен факултет “Јустинијан Први” – Скопје, Скопје, 2009, 25 – 30.
15) Калајџиев, Гордан, Замки и заблуди на реформата на истрагата, Зботник на трудови на правните факултети во Скопје и Загреб, Правен факултет “Јустинијан Први” – Скопје, Скопје, 2009, 165 – 166.
16) Калајџиев, Гордан, Лажетиќ, Гордана, Неделкова, Лидија, Денковска Маја, Тромбева, Мери, Виталров, Тодор, Јанкуловска, Павлина, Кадиев, Дељо, Коментар на Законот за кривичната постапка, ОБСЕ, Скопје, 2018, 30.
17) Калајџиев, Гордан, Стојановски, Трпе, Критички осврт кон Законот за полиција, бр. 1, ФИООМ, Скопје, 2006, 15 – 19.
18) Калајџиев, Гордан, Позначајни концепциски разлики во реформата на истрагата во Хрватска и во Македонија, Зборник на Правен факултет “Јустинијан први” – Скопје, Скопје, 2010, 472 – 479
19) Камбовски, Владо, Матовски, Никола, Компаративно казнено процесно право, Правен факултет “Јустинијан први”, Скопје, 2009, 56 – 61.
20) Лажетиќ, Гордана, Мисоски, Бобан, Илиќ – Димоски, Дивна, Ефикасноста на судењето во разумен рок како правно средство и користењето на спогодувањето за кривична санкција во Северна Македонија, (Спогодување за кривична санкција), Здружение за кривично право и криминлогија на Македонија, Скопје, 2021, 14.
21) Meyer-Großner, Schmitt, Gesetzliche Regelung der “Absprachen im Strafverfahren”?, Zeitschrift für Rechtspolitik, 2004, 187.
22) Матовски, Никола, Лажетиќ – Бужаровска, Гордана, Калајџиев, Гордан, Казнено процесно право, Академик ДООЕЛ. Скопје, 2001, 393 – 395.
23) Матовски, Никола, Моделот на истрагата, Зборник на трудови на Правниот факултет, Правен факултет “Јустинијан први” – Скопје, Скопје, 2007, 105 – 107.
24) Матовски, Никола, Казнено процесно право, Правен факултет “Јустинијан први” – Скопје, Скопје, 2003, 7 – 13.
25) Mathias, Eric, The balance of powers between the police and the public prosecutor, European Criminal Procedures, 2002, 458 – 460.
26) Мисоски, Бобан, Постапка за спогодување за вината како начин на забразување на кривичната постапка, Правен факултет – Скопје, Скопје, 2008, 64 – 65
27) Мисоски, Бобан, Аврамовски, Дарко, Петровска, Натали, Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки од областа на организираниот

криминал и корупција во 2019 година, Коалиција “Сите за правично судење”, Скопје, ОБСЕ, Скопје, 2019, 35.

28) Нанев, Лазар, Практикум по предметот казнено процесно право, Правен факултет – Штип, Универзитет “Гоце Делчев”- Штип, Штип, 2013, 11 – 14.
29) Нанев, Лазар, Мисоски, Бобан, Бужаровска – Лажетиќ, Гордана, Компаративно истражување на решенијата за забразување и поедноставување на казнената постапка, Здружение за кривично право и криминлогија на Македонија, Скопје, 2008, 8 – 13.
30) Нича, Јани, Коневска, Маја, Кадиев, Дељо, Забрзани постапки, ОБСЕ, Скопје, 2013, 30 – 37.
31) Pavisic, Berislav, Talijanski kazneni postupak, Pravni fakultet Sveuciliste u Rijeci, 2002, 19 – 20.
32) Палевска – Стојчиќ, Катерина, Следење на криминалитетот, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 2, Македонско здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2005, 22 – 25.\
33) Perrodet, Antoinette, The Italian system, European Ciminal Procedures (ed. Delmas-Marty/Spencer), Cambridge University Press, 2002, 345 – 349.
34) Rodolphe Juy - Birman, “The German system”, во European Criminal Procedures, (eds. M.Delmas-Marty / J.R. Spencer), Cambridge University Press, 2002, 315-319.
35) Sijerčić-Čolić Hajrija, Krivicno Procesno Pravo, Knjiga 2, Pravni fakultet Univerziteta u Sarajevu, Sarajevo, 2005, 164.
36) Симовић, Миодраг, Поједностављене форме поступања у кривичном процесном законодавству Босне и Херцеговине (законска рјешења и искуства у досадашњој примјени), у Зборнику: С. Бејатовић, Алтернативне кривичне санкције и поједностављене форме поступања, Београд, 2009, 207.
37) Solomon, Peter, Plea Bargaining Russian Style, International Conference “Kak sud’i prinimaiut resheniia: Rossiiskaia sudebnaia sistema v kontekste sotsiologii prava, Institute for the Rule of Law, 2011, 282 – 299.
38) Sprack, John, A Practical Approach to Criminal Procedure, University of Oxford, 2011, 197 – 200.
39) Сулејманов, Зоран, Криминална политика, Графохартија, Скопје, 2011, 57 – 61.
40) Tomicic, Zvonimir, Novokmet, Ante, Nagodbe stranaka u kaznenom postupku – dostignuca i persepektive, Pravni vjesnik, 28, 2012, 149.

41) Turadic, Ivan, Pavelin – Borzic, Tanja, Bujas, Ivana, Sporazum stanaka u kaznenom postupku – trgovina pravdom ili. Pravni Vjesnik, Vol. 32, Iss. 1, Osijek, 150.
42) Thaman, Stephen The Nullification of the Russian Jury: Lessons for Jury-Inspired Reform in Eurasia and Beyond, Cornell International Law Journal, vol. 40, 2007, 359.
43) Hans-Jörg, Albrecht, Criminal Prosecution: Developments, Trends and Open Questions in the Federal Republic of Germany, European Journal of Crime, Criminal Law and Criminal Justice, Vol. 8/3, 2000, 250-253.
44) https://js.ugd.edu.mk/index.php/sssj/article/view/1808/1618, пристапено на 16.10.2024 год.
45) https://chicagounbound.uchicago.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=2005&context=journal_articles, пристапено на 18.10.2024 год.
46) https://www.icty.org/en/content/darko-mr%C4%91a, пристпано на 13.10.2024 год.
47) Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2023 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2024/07/godishen-izveshta%D1%98-2023-finalna-verzi%D1%98a-2.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.
48) Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/izveshtaj-za-rabotata-na-javnite-obvinitelsta_2022_2_mail-2-3.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.
49) Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2021 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2022/08/izveshta%D1%98-finalen-2021-1.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.
50) Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2020 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2021/08/izveshta%D1%98-za-2020-%D1%98o-na-rsm.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.
51) Извештај за работа на Јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2019 година, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/09/izveshtaj-na-javnite-obvinitelstva-na-rsm-za-2019-godina.pdf, пристапено на 13.10.2024 год.
52) Пресуда на Основен суд Виница, К-ПП-5/18 од 26.09.2018 год.